СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2007 ГОДИНА

*Декември 2007 година*
*С к о п ј е*

# ВОВЕД КОН ИЗВЕШТАЈОТ

Активностите и работењето на Стопанската комора на Македонија во минатата година беа во знакот на одбележување на 85 годишнината на коморското организирање во нашата држава. Мисијата на Комората определена со стратешкиот план успешно се реализира.

Поткрепен со големиот број членки и со успешното и ефикасно извршување на функциите што произлегуваат од Законот за Стопанската комора на Македонија и со Статутот, Комората ја одржува и ја зајакнува својата позиција како најрепрезентативна бизнис-асоцијација во земјата.

Со интензивното реализирање на активностите во рамките на јавното-приватно партнерство со Владата на РМ во областа на стопанското законодавство, Во рамките на Проектот за регулаторна гилотиња до Владата се доставени 280 предлози за измена и дополнување, како и за донесување нови закони и подзаконски акти.

Комората востанови годишна средба со Владата на Република Македонија, истовремено ги продолжи директните средби со министрите за економија, за финансии, за транспорт и врски, за земјоделство, за водостопанство и за шумарство, со Народната банка на Македонија, со директорот на Царинската управа на Македонија и со други претставници;

Комората потпиша Меморандум за соработка со Собранието на Република Македонија;

Комората се претстави на Европскиот ден на претприемачот, како и пред амбасадорите на земјите-членки на Европската унија;

Комората беше домаќин на вториот форум ЦЕФТА 2006;

Заедно со ОБСЕ и ЗЕЛС, Комората го промовираше Проектот за владеењето на правото;

За прв пат беше организирана трибина за соочување на бизнисот со судската власт и слично;

Паралелно со тоа, Комората активно работеше и на сопственото претсруктурирање;

Бројот на членството постојано се зголемуваше и само во минатата година, Комората има повеќе од 1.000 нови членки;

Комората разви широк асортиман услуги, коишто ги нуди пред сé на своите членки, а голем е бројот на заинтересираните субјекти за овие услуги од земјата и од странство;

Здруженијата на гранки го профилираа своето работење во новите услови и самостојно ги презентираа своите гледања на состојбите во областите коишто ги покриваат и во застапување на своите предлози до надлежните органи;

Се формираа нови групации согласно интересите на нашите членки;

Постојните регионални комори остварија значајни активности особено во соработката со органите на локалната власт во дефинирањето на програмите за локален економски развој, во реализацијата на повеќе семинари за бизнисмените од подрачјето на регионалните комори, како и во воспоставување на соработка со неколку регионални комори од соседните земји.

Регионалните канцеларии во Кичево, Битола, Прилеп, Кочани и новоотворената канцеларија во Охрид, освен редовните активности, добија овластување самостојно да ги издаваат комерцијалните документи што досега се издаваа во централата во Скопје, така што сите регионални канцеларии ги продаваат сертификатите за потекло. На тој начин на фирмите им се понуди уште една можност - намалување на трошоците;

Комората интензивно учествуваше во рамките на активностите што се реализираа за неколку проекти во рамките на Асоцијацијата на балканските комори;

Комората учествуваше на конгресот на Меѓународната трговска комора, а со успех ја продолжи соработката со Асоцијацијата на европските комори;

Остварени се голем број контакти со претставници на комори и со бизнис-асоцијации од голем број земји на коишто им се презентирани можностите за соработка со нашите фирми;

Комората помогна да се воспостават голем број контакти на домашните со странските фирми.

## Некои фактографски податоци:

**Во Вашата бизнис-канцеларија** се издадени 18.927 разни документи за ефикасно водење на бизнисот на членки и нечленки, и тоа:

- 14.696 сертификати за потекло на производите (форм А), и сертификати за потекло на производите (оригин);
- 182 АТА - карнети;
- 164 потврди за ексклузивитет;
- 4 потврди за единствен производител;
- 3.600 препораки за визи;
- 66 потврди за членство во Комората;
- 200 заверки на фактури, договори и други документи (со печат видено во Комора);

- 13 мислења за исполнување на економските услови;
- 2 потврди за виша сила.

Секој работен ден просечно 82 претставници на фирми подигнуваат разни документи за потребите на нивниот бизнис.

**ГС1- Македонија** - го зголемува членството со што вкупниот број е 1.270 фирми коишто се влезени во милионската светска база на фирми коишто користат кодови.

**CALL-Центарот (15 0 15),** во текот на 2006 година, имаше 50 јавувања од земјата.

## На web порталот на Комората има

Повеќе од 355.000 посети од повеќе од 30.000 различни корисници:

- внесени повеќе од 500 тендери;
- внесени повеќе од 475 македонски компании;
- внесени 924 странски компании;
- внесени 1.110 понуда/побарувачка;
- електронски matchmaking над 84 на македонски со странски компании;
- изработка на 246 листи на фирми според соодветни барања;
- внесени се 112 компании во софтверското решение на АППРМ.

## Бизнис настани

- Во минатата година во Комората се одржаа вкупно 835 настани/редовни состаноци на здруженија и групации, презентации, бизнис-форуми, семинари, обуки и слично, на коишто учествувале вкупно 24.600 претставници на фирми.
- Просечно во секој работен ден во Комората на овие настани присуствувале околу 107 претставници на фирми.
- Одржани се 179 меѓународни активности (бизнис-форуми, контакти со меѓународни асоцијации во земјата и во странство, саемски манифестации, презентации на домашни и на странски компании);
- Одржани се 8 семинари, обуки, трибини и проектни ангажмани од меѓународен карактер;
- Потпишани се 17 протоколи и меморандуми за соработка со домашни и странски институции и асоцијации.

## Примена на меѓународни стандарди

- во 8 компании имплементиран е систем за менаџмент со квалитетот согласно ИСО 9001;
- во 4 компании имплементиран е системот за безбедност на храната, познат како систем за анализа на критични контролни точки - ХАЦЦП;
- имплементација на систем за менаџмент со животната средина согласно ИСО 14001 во една компанија;
- Стопанската комора на Македонија, во соработка со British Standard Institution (BSI), ја продолжува успешната соработка и на полето на сертификации на системи за менаџмент со квалитетот согласно ИСО 9001, во 10 компании, ресертификации во 12 компании и континуирани проверки на имплементираните менаџмент системи во околу 50 претходно сертифицирани фирми.

# ОД РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**16.02.2007**

**Грандиозна прослава на значајниот јубилеј - 85 години коморско работење во Република Македонија - ТРАДИЦИЈА, МОЌ, БРОЈНОСТ**





Стопанската комора на Македонија го прослави значајниот јубилеј  - 85 години коморско работење во Република Македонија под мотото: "Традиција, моќ, бројност". На грандиозната свеченост во скопскиот хотел "Александар Палас", пред повеќе од 2.000 бизнисмени и гости, присуствуваше највисокиот државен врв на земјава, претседателот на република Македонија, Бранко Црвенковски и претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски и челните луѓе на македонските институции. Меѓу гостите беа актуелните и поранешни министри, претходните претседатели на влади, гувернерот на Народната банка,  Петар Гошев, претседателот на МАНУ  Цветан Грозданов, претседателот на Републичкиот судски совет митрополитот г. Кирил, претставници на повеќе бизнис-асоцијации, дипломтаскиот кор и меѓународни институции.

- Комората денес брои над 15.000 членки, од коишто најголем број се мали и средни претпријатија. Комората е на најдобар пат да стане модерна асоцијација на 21. век - истакна  Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија.



Премиерот Никола Груевски во своето обраќање истакна дека Комората значително придонесува за унапредување на дијалогот меѓу Владата и бизнис-заедницата, развојот на приватниот сектор и за привлекувањето повеќе домашни и странски инвестиции. Тој побара поддршка од стопанствениците за реализирање на владината Програма, чија цел е  подобрување на деловната клима. На свеченоста беа доделени традиционалните награди и признанија  на Стопанската комора на Македонија за најуспешните компании, инвеститори и  награди за животно дело на врвни македонски менаџери. Наградите на добитниците им ги врачи  Бранко Црвенковски, претседател на Република Македонија.



**13.03.2007**

**Владата и стопанските асоцијации потпишаа Меморандум за соработка во врска со регулаторната гилотиња - СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ЌЕ ПРЕДЛОЖИ ИЗМЕНА НА 1.200 ПРОПИСИ**

Вицепремиерот Зоран Ставрески, во својство на координатор на Комитетот за регулаторна гилотиња, потпиша меморандуми (12.3.2007 година), за соработка со претставниците на Стопанската комора на



Македонија, на Сојузот на стопанските комори, на Комората на северозападна Македонија, на Меѓународниот совет на инвеститори, на Националниот совет за претприемништво и конкурентност, како и на Македонската асоцијација за информатичка технологија (МАСИТ).

Со тоа практично, Владата и деловните асоцијации се обврзаа на конструктивна соработка за ефикасно спроведување на регулаторната гилотиња, односно за дефинирање транспарентна регулатива што драстично ќе ги поедностави админситративните постапки за водење бизниси.

Со потпишувањето на меморандумите, имено, Владата се обврза дека ќе ги ислуша сите добри предлози на бизнис-заедницата и дека ќе биде отворена кон нив.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, по потпишувањето на Меморнадумот, нагласи дека спроведувањето на регулаторната гилотиња ќе ја елиминира мрежата што го гуши бизнисот изминатива деценија и пол.

**16.03.2007**

**Синдикално организирање - ПОТПИШАН КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА КОМОРАТА**

Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески и претседателот на Основната синдикална организација во најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјава, Васко Ристовски, го потпишаа **Колективниот договор на стручната служба на Стопанската комора на Македонија** (16.3.2007 година).

На свеченоста присуствуваа сите вработени во Комората, а со потпишаниот документ се уредуваат сите прашања од работниот однос, согласно законот и општиот колективен договор.

Значењето на потпишувањето е и во тоа што е ова прв случај во Стопанската комора на Македонија со колективно договарање да се решаваат односите меѓу работодавачот и вработените.

**21.03.2007**

**ЈАВНА РАСПРАВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

Поради поцелосно согледување на интересите и потребите на членките на Стопанската комора на Македонија, Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија на седницата одржана на 15.03.2007 година, донесе Одлука за спроведување јавна расправа по Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија. Јавната расправа ќе се спроведе по следните предлози:

- за можноста за овластување на претставник на фирмата за присуство на седниците на органите на Комората (Собранието, Управниот одбор и Надзорниот одбор), и на облиците на организирање и работење и другите форми на организирање во рамките на Комората, доколку избраниот, односно именуваниот претставник поради итни и неодложни работи не е во можност да присуствува на седниците;
- за воведување на функцијата потпретседатели на Комората, како и за бројот на потпретседатели и областите за кои тие треба да се изберат;
- конкретни предлози за потпретседатели.

**14.06.2007**

**Потпишан Меморандум за разбирање меѓу Стопанската комора на Македонија и Собранието на Република Македонија - ГЛАС ЗА БИЗНИСОТ**

** Линкување - ќе биде инструмент со којшто бизнис-заедницата аргументирано ќе ги поддржи пратениците и пратеничките групи во изградување на конечните ставови по законските проекти и проекти за изградување на одделни политики и ќе овозможи транспарентност на ниво на заинтересираност на пратениците за поддршка на бизнисот.*

Собранието на Република Македонија и Стопанската комора на Македонија направија партнерски исчекор во развојот на бизнисот, но и во изградувањето на проактивно, одговорно, демократско цивилно општество.

Претседателите Љубиша Георгиевски и Бранко Азески на 14.6.2007 година, потпишаа Меморандум за разбирање со којшто значително ќе ја зајакнаат соработката меѓу законодавниот дом и најстарата и набројна бизнис-асоцијација во земјава.

- Зборуваме за транспарентност и отвореност на Парламентот. Зборуваме за поврзаност на Собранието со бизнис-сферата и можноста за поквалитетна артикулација на нивните интереси во процесот на донесување на законите, зборуваме за IT-општество. Но, денеска не само што зборуваме, денеска правиме чекор кон остварување на овие определби што во здружена Европа се секојдневие - истакна Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија



- Со цел да í се олесни на деловната заедница директно и транспарентно влијание врз создавањето правен амбиент во земјата, а со тоа и на стопанскиот развој, од денес, на гласачите - деловните луѓе, со линкување меѓу Собранието и Комората ќе им биде овозможена транспарентност на гласачките позиции на одделни пратеници и пратенички групи по однос на легислативата којашто е од интерес за развој на претприемништвото - нагласи Бранко Азески.

**25.06.2007**

**Прекрасна свеченост во организација на Стопанската комора на Македонија, на 21 јуни во хотелот „Белви“ - Garden Party, ЗА 200 НАЈУСПЕШНИ**

Стопанската комора на Македонија, на 21 јуни, во реновираниот хотел "Белви" крај Скопје, ја организираше својата традиционална Garden Party за 200 најпрофитабилни и најуспешни компании во Република Македонија. Манифестацијата, следејќи го примерот на Eurochambres, мрежата на 45 западно-европски комори, членки на Асоцијацијата на европските комори, освен промотивен имаше и донаторски белег.





Видните гости имаа можност да проследат разновидна програма и да учествуваат во хуманитарната, промотивно-продажна изложба на уметнички дела на млади талентирани уметници: сликари, вајари, копаничари... Собраните средства ќе бидат донирани на децата кои спортуваат, а се со посебни потреби.

На настанот присуствуваа членовите на органите и телата на Стопанска комора на Македонија (Собранието, Управниот и Надзорниот одбор, Советот на Комора, Советот на странските инвеститори, Клубот на извозници, МАГРЕБ Клубот, здруженијата, групациите, регионалните комори), претседателите на коморите од соседните земји, коморските амбасадори, како и истакнати бизнисмени од регинот.



**01.10.2007**

**Управен одбор на Стопанската комора на Македонија - ПОВИСОКИ СТАНДАРДИ ВО СОРАБОТКАТА МЕЃУ ВЛАДАТА И БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА**

Владата на Република Македонија е подготвена да внесе повисоки стандарди во соработката со Стопанската комора на Македонија и деловната заедница. Имено, во иднина ниту еден законски или подзаконски пропис не ќе може да влезе во владината процедура доколку пред тоа не е "претресен" со деловните луѓе организирани преку нивните асоцијации. Клучно за владиното фокусирање врз определени законски решенија ќе биде аргументираното докажување на предлагачите дека со нив се оди на подобрување на бизнис-климата во земјава. Ваквиот партнерски однос со стопанските асоцијации, Владата размислува и законски да го уреди: или преку нејзиниот Деловник за работа, или со посебно законско решение.



Ова го најави потпретседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Ставревски, на проширената седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија (01.10.2007 година).

На дневен ред на седницата беше анализата на тема "Законската и подзаконската регулатива како ризик за водење бизнис во Република Македонија или како можност за подобрување на бизнис-климата и привлекувањето странски инвестиции."
Според Бранко Азески, во наредните денови, најстарата и најбројната стопанска асоцијација ќе анкетира дел од своите членки, со цел да ги лоцира поголемите пречки во водењето бизнис. Сакаме во наредната година да влеземе со чист терен и да му овозможиме на бизнисот да се **размавне** - подвлече Бранко Азески. - Своето внимание Владата треба да го насочи кон спроведувањето на законите, посебно преку донесувањето на подзаконските акти. Притоа, најбитно е да притискаме, прописите да се донесат што побрзо, а во нивното обликување да биде консултирана и бизнис-заедницата.

**17.10.2007**

**Собрание на Стопанската комора на Македонија за актуелните прашања во примената на Законот за работни односи - ПОТРЕБНИ СЕ ПОТЕМЕЛНИ ИЗМЕНИ ВО РАБОТНОТО ЗАКОНОДАВСТВО**

Собранието на Стопанската комора на Македонија (16.10.2007 година), отвори уште едно значајно прашање коешто се однесува на бизнис-климата во земјава - примената на Законот за работни односи.
М-р Ацо Спасовски, директор на Дирекцијата за општи и деловни услуги, актуелизирајќи ги прашањата од примената на работното законодавство, подетално ги образложи ставовите на Стопанската комора на Македонија.




- Стопанската комора на Македонија, покренува иницијатива за измени и за дополнувања на член 59 од Законот за работни односи, со што припавниците би се ставиле во иста положба со другите работници на кои договорите за вработување можат да им престанат по сите основи. Исто така, Комората ја поддржува Владата на Република Македонија за воведување систем на бруто плати и бара коморски претставник да биде вклучен во Економско-социјалниот совет, со цел поефикасно извршување на обврската од Законот за Стопанската комора на Македонија, ѝ упатува барање до Владата на Република Македонија во Законот за доброволниот пензиски фонд да се предвидат системски мерки со коишто ќе се мотивираат работодавачите да се вклучат во доброволниот пензиски фонд (трет столб), прецизираше м-р Ацо Спасовски.

**06.12.2007**

**БАНКАРСКИОТ СЕКТОР И НЕГОВИОТ ПРИДОНЕС ЗА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ**

Стопанската комора на Македонија, како што напомена Бранко Азески, отвори уште едно значајно прашање



за деловната клима, насловено како "Банкарскиот сектор и неговиот придонес за економскиот раст и развој". Првиот човек на Комората го истакна клучниот интерес на бизнис-заедницата преку прашањето, дали деловните банки ги искористиле сите внатрешни резерви во правецот на намалувањето на каматата и на тој начин да го поттикнат развојот. - Растот на банкарските кредити може да биде повисок од 30 отсто годишно, без да предизвика поголеми проблеми во финансискиот систем, а има простор и за намалување на каматните стапки - изјави министерот за финансии Трајко Славески. - Она што е просек за активните камати во Македонија безболно може да се намали за два процентни поена и кај долгорочните и кај краткорочните кредити што ги даваат банките. Владата тоа ќе го поддржи преку



средување на Катастарот и преку обезбедување поефикасна наплата на хипотеките и поголем промет со недвижности. - Расте довербата во финансискиот сектор. Депозитите се зголемуваат со над 30 отсто годишно, а веќе имаме и сопирање на тенденцијата на чувањето на тие депозити надвор од земјата - нагласи Петар Гошев. - Се забрзува и процесот на конкуренцијата внатре во секторот, но имаме и вонсекторска конкуренција. Зголемено е учеството на

кредитите во бруто - општествениот производ. Од 13 отсто во 1998 година, тие скокнаа на 37,5 отсто во септември годинава, а идната година се очекува да ја достигнат бројката од 46 отсто. За бизнисот, има и добра вест: Владата по итна постапка ќе ги разгледа предлогот за измена на Законот за данок од добивка и Законот за персонален данок од доходот. Со овие измени ќе се обезбедат низа даночни олеснувања за малите и средни бизниси, а за една година ќе се пролонгира оданочувањето на доходот од каматите. Министерот за финансии ги окуражи стопанствениците со цврсто изразената определба дека Владата во соработката со НБРМ, ќе се обиде да ја сочува макроекономската стабилност и ниската инфлација. Претседателот на коморското Здружение на банкарството д-р Глигор Бишев, инаку прв генерален директор на "Стопанска банка" АД, Скопје, нагласи дека макроекономската стабилност којашто ја имаме, позитивно влијае врз банкарскиот сектор, ама ефикасноста на институциите би можела да биде поголема и тоа да влијае и врз вкупната политика на деловните банки.



**24.12.2007**

**Одржана традиционалната годишна средба на стопанствениците со Владата на Република Македонија во организација на Стопанската комора на Македонија**

Владата во 2008 година, ќе ги забрза реформите во сите сектори. Со бизнис-заедницата ќе оствари непосредна соработка, ќе го зајакне дијалогот по сите законски и подзаконски прописи и за политиките коишто се од значење за бизнис-климата во земјава - беше една од пораките во говорот на премиерот  Никола Груевски, пред бизнисмените. На традиционалната годишна средба на стопанствениците со Владата на Република Македонија, што традицинално ја организира Стопанската комора на Македонија, преку 400 членки на најстарата и на најбројната деловна асоцијација во земјава се соочија со економскиот тим на премиерот Никола Груевски. На средбата присуствуваа и потпретседателот на Владата на РМ Зоран Ставревски и министрите за финансии, за економија и за транспорт и врски д-р Трајко Славевски, Вера Рафајловска и Миле Јанакиески. Притоа, на владиниот тим му беа испорачани **Предлог-мерки на Стопанската комора на Македонија за подобрување на бизнис-климата во Република Македонија во 2008 година**.





Годинава за нас беше период на очекувања, согласно Владината програма 2006-2010 година. Затоа Владата  ја имаше нашата безрезервна поддршка. Низа прашања во овој период не успеавме да ги затвориме и на нив ќе продолжиме да работиме. Овогодинешниот пораст на производството и извозот го оценивме како почеток на позитивните движења во реалниот сектор. Очекуваниот прием во НАТО, евроинтегративните процеси, отвораат простор кон неопходниот пресврт - стабилен економски пораст базиран на извозот. За нас, тоа е прашање над сите прашања имајќи ја предвид увозната суровинска зависност - "Како да го зголемиме извозот на стоки и услуги". Што се однесува до домашниот пазар, за нас приоритет е сузбивањето на нелојалната конкуренција, посебно во зоната на "сивата економија" - **истакна во говорот Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија**, потенцирајќи на 12 Предлог-мерки за подобрување на бизнис-климата во земјава, во годината што доаѓа.



# С О Р А Б О Т К А

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

| СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|

**Соработката во областа на стопанското законодавство е остварена за 30 законски и подзаконски текстови и истата опфаќа:**

**1). Предлози на Стопанската комора на Македонија за изменување и дополнување на законски и подзаконски текстови поденесени од Владата на РМ:**

1. *Закон за банки;*
2. *Законите за рамниот данок (Предлог за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка и Предлогот за изменување и дополнување на Законот за персонален данок од доход);*
3. *Закон за инвестициски фондови;*
4. *Закон за платен промет;*
5. *Закон за изменување и дополнување на Закон за чек;*
6. *Предлог-закон за изменување и дополнување на Закон за хартии од вредност со Предлог на закон;*
7. *Предлог за изменување и дополнување на Царинскиот Закон;*
8. *Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот;*
9. *Законот за превоз во патниот сообраќај;*
10. *Предлог-закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати;*
11. *Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување;*
12. *Нацрт-закон за електронски комуникации;*
13. *Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за градење со Предлог на Закон;*
14. *Нацртот на Законот за безбедност и здравје при работа;*
15. *Предлог-правилникот за трговија со неопасен отпад;*
16. *Стратегија за домување на Република Македонија ( 2007-2012);*
17. *Студија за потребата на воведување едношалтерски систем за увоз и извоз (single window) и контрола при единствено застанување (one stop shop) во Република Македонија;*
18. *Предлог-уредба за висината на вкупниот надомест за репродуцирање за приватно или друго сопствено користење;*
19. *Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини;*
20. *Протоколот за Европски договор за оцена на собразност - ПЕКА.*

**2). Иницијативи на Стопанската комора на Македонија за измена на постојни законски и подзаконски акти:**

1. *Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови;*
2. *Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност;*
3. *Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност;*
4. *Иницијатива за измена на Законот и Правилникот за данокот на добивка од аспект на задржаниот данок при исплата на приходи на странски правни лица;*
5. *Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храна и на производите и материјалите коишто доаѓаат во контакт со храната;*
6. *Иницијатива за изменување на Законот за регистрирање на готовински плаќања;*
7. *Иницијатива за измена на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија;*
8. *Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот;*
9. *Иницијатива за изменување на Одлуката за менување на Царинската тарифа за 2007 година;*
10. *Иницијатива за изменување на Упатството за оценување на критериумите за висината на износот на општата гаранција, согласно член 449, став 3 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.*

## Соработка во други области:

1. *Барање на автономни мерки за укинување на увозните давачки кај одредени суровини, репроматеријали и опрема за потребите на текстилната индустрија.*

# ЗА ЧЛЕНКИТЕ

**05.01.2007**
**Групацијата на меѓународните шпедитери - MIFA при Стопанската комора на Македонија - ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА**
Шпедитерско-царинските посредници, перманентно укажуваа на потребата од преземање конкретни чекори за надминување на отворените прашања и проблеми што ја успоруваат царинската постапка. По извршените аналитички согледувања на состојбите, Државниот пазарен инспекторат презеде и конкретни чекори за упростување на процедурите што овој инспекторат ги спроведува пред стоката да биде подлежи на редовно царинење.

**18.01.2007**
**Конституирана Групацијата за лифтови во рамки на Здружението на металната и електроиндустријата – СИГУРНОСТА И БЕЗБЕДНОСТА ВО ПРЕДЕН ПЛАН**
Во рамките на Здружението на металната и електроиндустријата, конституирана е Групација за лифтови. Групацијата ги обединува производителите и сервисерите на лифтови во земјата. За претседател на Групацијата е избран Димче Поповски од "Сервис ДАКА" од Битола, а за заменик претседател Стојне Серафимовски од "Кончар лифтови" од Скопје.



**19.01.2007**
**ЗДРУЖЕНИЕ НА БАНКАРСТВОТО**
**ТРАЈКО СЛАВЕСКИ, МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ ВО ПОСЕТА НА КОМОРАТА**
На седница на Здружението на банкарството присуствуваше министерот за финансии, кој го образложи новиот Закон за банките и новините во истиот. Како основна причина за пристапување кон донесувањето на нов закон, тој ја наведе потребата за јакнење на стабилноста и сигурноста на банкарскиот сектор како доминантен сегмент во финансискиот сектор на Република Македонија и фактор којшто влијае врз состојбите и развојот на целата економија.
Членките на Здружението го поддржаа донесувањето на законот и истакнаа конкретни иницијативи и предлози за измена на Законот, коишто во писмена форма ќе се доставаат до Министерството за финансии.

**22.1.2007**
**Годишно собрание на ХОТАМ во Стопанската комора на Македонија - ТУРИЗМОТ - ГОЛЕМ, НЕИСКОРИСТЕН ПОТЕНЦИЈАЛ**
Покрај гостите од HOTREC (Европска асоцијација на хотелиери) и IH&RA (Светската асоцијација на хотели, ресторани и кафетерии), на годишното Собрание, прсуствуваше и абасадорот на ЕУ, Ерван Фуере, кој во своето обраќање исто така потенцираше дека туризмот во Република Македонија има голем потенцијал, но за да ги користи ЕУ-фондовите, мора да се обрне внимание на: Регионалниот развој и инфраструктурата; Развој на меѓугранична соработка, бидејќи туризмот не познава граници. Соработка со локалната самоуправа, поради заеднички настап, итн.

**22.01 2007**
**Групација на оранжериско и пластеничко производство – Програмата за поттикнување на земјоделството за 2007 година**
Членките на Групацијата, побараа субвенции за раното оранжериско производство, од 200 евра по декар, во Програмата за поттикнување на земјоделството за 2007 година, со што ќе се остварат повисоки финансиски ефекти во споредба со доцнежното, коешто се поклопува со пластеничкото производство.

**25.01.2007**
**ГРУПАЦИЈА ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**Избран нов претседател и прием на нови членови во Групацијата**
За претседател на Групацијата беше избран г-дин Младен Дамев, директор на "Фершпед брокер" АД, Скопје, а "Иново брокер" АД, Скопје, беше примена за нова членка на Групацијата. Членовите дискутираа и за Предлог-правилниците на Комисијата за хартии од вредност, коишто се ставени на јавна расправа, при што се укажа на некои проблеми во врска со определени членови од истите.

**25.01.2007**

**Годишно собрание на Групацијата за климатизирање, греење, ладење и проветрување при Стопанската комора на Македонија - КОНСТИТУИРАНИ НОВИ ОРГАНИ**



На седницата, присутните членови расправаа и едногласно ги прифатија измените на правилникот за работа на Групацијата. Со измените досегашното Претседателство се замени со Управен одбор на Групацијата, составен од седум члена.

**29.01.2007**

**Здружение на земјоделството и прехранбената индустрија**

Членките расправаа за обврските и за придобивките на македонското земјоделство на патот кон ЕУ, и дадоа предлог за распределба на средствата за субвенции.

**31.1.2007.**

**Собрание на Асоцијацијата на туристичките работници на Македонија - АТАМ – СО АГРЕСИВНА ПРОМОЦИЈА ДО ПОВЕЌЕ ТУРИСТИ**



Во насока на постигнување успешен развој на туризмот во нашата земја потребно е да обрнеме поголемо внимание на организацијата на туризмот за да се надминат досегашните пропусти и слабости, поради што е очигледно дека се недоволно искористени нашите потенцијали во оваа област - нагласи Миле Спироски. - Посебно внимание е потребно да се обрне на севкупното организирање на туризмот, реализирање на поставените цели, зајакнување и соработка меѓу субјектите во целокупната организациска поставеност на туризмот, изнесоа членките на АТАМ.

**06.02.2007**

**Групацијата на меѓународни шпедитери - МИФА и Дирекцијата за храна ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА**

Во насока на надминување на дел од практичните административни проблеми во соработката со шпедитерите, беше предложено почнувајќи од 15.2.2007 година, во Скопје, до 12 часот, вработено лице на Дирекцијата да ги собира сите барања на шпедитерите на царинскиот терминал и да ги носи во архивирање во Министерството на здравство - Дирекцијата за храна, со цел тие да бидат подготвени за спроведување на потребната постапка за наредниот ден.

**01.03.2007**

**Здружение на трговијата – БАНКАРСКИТЕ ПРОВИЗИИ АТАКУВААТ НА ЦЕНИТЕ**



Трговците посебно го посочуваат проблемот со високите провизии од страна на банките за користење на платежните картички, што посебно се одразува врз трговијата на мало со прехранбени производи. Очекуваното влијание врз вкупната трговија и, пред сé, врз трговијата на мало, со укинувањето на гарантираните граѓански чекови, односно со безготовинско плаќање преку платежни картички - беше основната тема на расправа на седницата.

**01.03.2007**
**Здружение на текстилната индустрија и конфекцијата –**
**ЗДРАВСТВЕНАТА ОСНОВИЦА ЌЕ ГИ „УМРЕ„ ТЕКСТИЛЦИТЕ**
Пониски плати, бркања од работа и затворање фабрики во текстилната индустрија се можните последици од измените на Законот за здравствено осигурување што ги предложи Владата - членките бараат негово повлекување од собраниската процедура.
Пониски плати, бркања од работа и затворање фабрики во текстилната индустрија се можните последици од измените на Законот за здравствено осигурување што ги предложи Владата, алармираат бизнисмените од текстилната индустрија.

**06.03.2007**
**Групација за лифтови - НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА ЈА ЗАГРОЗУВА БЕЗБЕДНОСТА**
На седницата беа усвоени и Програмските насоки на делување на Групацијата во 2007 година. Тие се во правец на создавање на поволна бизнис-клима, како еден од основните услови за поттикнување на развојот на фирмите од оваа област, следење на работата на секоја од членките, иницирање на системски решенија, со цел создададавање што поквалитетни услуги од оваа областа. Предвидени се и заеднички промотивни презентации, едукативни активности во делот на соодветна подготовка на услугите согласно стандардите и регулативите на ЕУ, и изготвување на унифициран ценовник за месечно одржување на лифтовите, прифатлив за сите членки на Групацијата.

**07.03.2007**



**Групација за откуп, пласман и користење на секундарни суровини –**
**АКТИВНО УЧЕСТВО ВО ДОИЗГРАДБА НА ЗАКОНСКАТА РАМКА**
Приоритетната активност на Групацијата за откуп, пласман и користење на секундарни суровини, што се конституираше во Стопанската комора на Македонија, во рамките на Здружението на трговијата, ќе биде активната партиципација во доизградување на законската и подзаконска регулатива врзана со управувањето на отпадот.

**07.03.2007**
**Средба на претставници од МЕА, со министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески - ПОБАРАНО ДА ВАЖАТ СТАРИТЕ ЛИЦЕНЦИ**
Поради немањето лиценци за градба на капитални енергетски објекти се доведуваат во прашање инвестиции во коишто има и странски капитал.
Претставници од Македонската енергетска асоцијација (МЕА), се сретнаа со министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески.

**15.03.2007**
**Групацијата на комунална хигиена**
**Предлог измените и дополнувањата на Законот за управување со отпад - СПРОВЕДУВАЊЕТО ЗАПНУВА КАЈ ПАРИТЕ**
Во постојниот Закон, како што беше истакнато, дадени се решенија коишто даваат одговорности и обврски на претријатијата коишто работат со управување соотпадот, но се јавуваат проблеми во неговата имплементација. Посебно беше нагласена дилемата околу стратегијата и плановите, бидејќи за нивно спроведување се потребни финансиски средства коишто треба да се обезбедат од локалната самоупрва и од државата.



**13.03.2007**
**Асоцијацијата на туристичките агенции – АТАМ -**
**Закон за измени и дополнување на Законот за туристичка дејност на владина седница**
Членовите на Управниот одбор, констатираа дека дел од утврдените решенија го доведуваат еснафот во нерамноправен однос со другите дејности, токму во осигурување од дејноста. Имено, за добивање лиценца од досегашната вредност од 50.000 евра, се зголемува на 100.000 евра. Од овие причини Управниот одбор на АТАМ изготви предлог решенија коишто ќе ги достави до Комисијата за туризам при Собранието на Република Македонија и ќе побара присуство на седница на Комисијата на туризам.

**20.03.2007**
**Групација за пазарите**
**Дилеми околу фискализацијата на зелените пазари –**
**НЕОПХОДНО ДОПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ**
Темата за којашто се расправаше на состанокот, беше обврските за фискализацијата на зелените пазари, што произлегуваат од Законот за измените и дополнувањата на Законот за трговија, што треба да се применува од 1.7.2007 година.

**21.03.2007**
**Групацијата за лифтови**
**ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТА НА ЛИФТОВИТЕ**
Групацијата за лифтови ги разгледа веќе усвоените подзаконски акти: Правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови и Правилникот за безбедна употреба на лифтови и за технички преглед на лифтови.



**22.03.2007**
**Здружението на трговијата и банкартите во заедничка акција - ОМАСОВУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ**
Неопходна е заедничка соработка на трговските субјекти и банките во процесот на омасовување на примената на платежните картички, беше контсатирано на седницата на Управниот одбор на Здружението на трговијата .
Трговците уште еднаш дадоа поддршка на определбата за зголемување на безготовинското плаќање преку употребата на платежните картички, со оглед што со намалувањето на паричната маса во оптек, реално се очекува и намалувањето на сивата економија.

**29.03.2007**
**Билатерални средби меѓу македонски и српски компании од областа на земјоделско-прехранбениот сектор**
**- СОГЛЕДАНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА ЗАЕДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО**
Во Белград се одржаа билатерални бизнис-средби на компании од земјоделско-прехранбената индустрија на Република Србија и Република Македонија.
Билатералните средби имаа за цел македонските и српските стопанственици да ја продолжат заедничката соработка, како основна претпоставка за интензивирање на меѓусебната трговска размена со земјоделско-прехранбени производи, што позитивно би требало да се рефлектира во вкупните движења на овој сектор.

**12.04.2007**
**Групацијата на фирми за еколошки консалтинг**
Претседателот на Групацијата д-р Јосиф Таневски од "Фармахем" Скопје, поздравувајќи ги присутните ја истакна потребата за поголема афирмација на оваа Групација, во локалните самоуправи и интензивна активност во воспоствување соработка со Министерството за екологија, како партнер во имплементација на донесениот Закон за екологија.




**13.04.2007**
**Македонска асоцијација на рударството**
**- КОНЦЕСИИТЕ ДА, НО РЕГУЛИРАНИ ВО КОНЦЕСИСКИОТ ДОГОВОР**
Во законските решенија на Законот за минерални суровини има недоречености, посебно за концесискиот надоместок, потоа начинот за проширување на концесијата, преклопување на концесиските простори, задолжително ангажирање на стручниот кадар (рудари, геолози), во фирмите коишто вршат експлоатација на минерални суровини и друго.

**14.04.2007**
**Групацијата на меѓународните шпедитери**
**УСПЕШНАТА СОРАБОТКА СО ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2006 ГОДИНА**
Царинската управа на Република Македонија на 14 април 2007 година, прослави 15 годишен јубилеј од своето основање.
На свеченоста, посебно признание доби Групацијата на меѓународните шпедитери при Стопанската комора на Македонија, на којашто í беше доделена Пофалница со плакета за успешната соработка и партнерство во 2006 година.

**19.04.2007**

**Здружение на индустријата за преработка на дрво и производство на мебел**
**- АПЕЛ ЗА ЗАШТИТА ОД НЕКВАЛИТЕТНИОТ УВОЗ**



Побарано стручни институции и научни установи коишто се опремени со специјализирани лабаратории за испитување и анализа на физичките и хемиските својства на мебелот да добијат јавни овластувања за задолжително издавање сертификат и атест на примерок од секоја увозна пратка на мебел и делови од мебел, градежна столарија, режана граѓа и плочи.

**19.04.2007**

**Здружение на трговијата**
**- ОСПОРЕНО ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ПОСТАВУВАЊЕ ЧИТАЧИ НА ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ**



Здружението на трговијата ќе покрене инцијатива за измена на законската регулатива со којашто се пропишува задолжителност при употребата на електронските платежни картички.
Претставниците на трговските друштва уште еднаш потенцираа дека ја поддржуваат определбата за зголемување на безготовинското плаќање преку употребата на платежните картички, со оглед на тоа, што со намалувањето на паричната маса во оптек, може да се очекува и делумно намалување на сивата економија. Во таа насока е и поддршката за укинувањето на граѓанските чекови, како и преодниот рок - до крајот на тековната година.

**19.04.2007**

**Здружение на производителите на тутун и производи од тутун –**
**НИСКИ ЦЕНИ - ПОМАЛ РОД**

Цената на тутунот рапидно опаѓа, што предизвикува намалување и на производството.
Здружението на производителите на тутун и производи од тутун, причината за намаленото производство ја лоцираа во неправилната распределба на евидентните картони што ги добиваат тутунарите.
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство мора да поведе повеќе сметка околу издавањето евидентни картони, бидејќи место по еден од семејство, се даваат два, понекогаш и три.

**24.04.2007**

**ЗДРУЖЕНИЕ НА БАНКАРСТВОТО**
**ЌЕ се објавува SkIBOR - Skopje Internet Offer Rate**

Здружението на банкарството ја поддржа иницијативата на Здружението на финансиски пазари за пресметување и објавување на меѓубанкарска каматна стапка за продавање на неколатеризирани денарски депозити во нашата земја под назив SkIBOR - Skopje Internet Offer Rate. Здружението покрена иницијатива за измена на системот за сигурување на депозити, во насока на негова модернизација и обезбедување поефикасен и поконкурентен банкарски систем преку измена на Законот за Фондот за осигурување на депозити, го поддржа донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Закон за чек со којшто се овозможува непречена употреба на чекот, како средство за плаќање и предложи конкретни измени на Законот.

**08.05.2007**

**Групација за пазари при Стопанската комора на Македонија за фискализација на зелените пазари - РОКОВИТЕ ТЕЧАТ, ДИЛЕМИТЕ ОСТАНУВААТ**

Сé уште е непрецизно кој е даночен обврзник, на кого ќе гласат решенијата за фискалните апарати, а постојат и други отворени прашања, па Групацијата за пазари, заклучи да побара итна средба со претставници на Министерството за економија, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

**10.05.2007**

**Здружението на индустрија на хартија и целулоза, графичка индустрија и издавачка дејност**
**- ЕКОЛОШКАТА ОЗНАКА АТРАКТИВНА СО НЕЈЗИНИТЕ БЕНЕФИТИ**

Здружението, даде акцент на интегрираните еко-дозволи, законска обврска којашто треба да се заврши заклучо со наредната година, и за таа цел за членките на Здружението се организира презентација за начинот и за постапката за нивното добивање.

**10.5.2007**
**ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ДЕЛОВИ И ОПРЕМА ЗА АВТОМОБИЛИ**




Македонските производители на делови и опрема за автомобили добија бланко понуда за соработка со групацијата "Застава" од Крагуевац. На презентацијата на холдингот "Група Застава возила" беше преставено и новото возило "Застава 10", за коешто доправа се усвојува производството во крагуевачката компанија "Застава авто".

**10.05.2007**
**Здружение на хемиската индустрија**
**ЗАКОН ЗА ЛЕКОВИТЕ И МЕДИЦИНСКИТЕ ПОМАГАЛА И НАЦРТ ВЕРЗИЈАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ХЕМИКАЛИИ**
Во континуитет на извонредната соработка со Бирото за лекови, членките на Здружението посочија неколку заеднички активности, меѓу коишто и учество во донесувањето на подзаконските акти на двата закона.

**10.05.2007**
**Заедничка седница на АТАМ и Здружението на осигурување - ПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ЕЛЕМЕНТИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
Туристичките агенции, според Законот за туристичка дејност, за да можат да ја вршат својата дејност при добивање лиценца за работа, мораат да приложат договор со осигурително друштво дека се осигурани од дејност. Преставници на осигурителните друштва презентираа кои се елементи влегуваат во осигурување од дејност.

**11.05.2007**
**ЗДРУЖЕНИЕ НА БАНКАРСТВОТО**
**Работењето со негарантираните чекови и односите меѓу банките ќе се регулира со Договор меѓу банките**
Членките на Здружението се договорија работењето со негарантираните чекови и односите меѓу банките да се регулира со Договор што ќе го потпишат сите банки. Тие го усогласија изгледот на позадината на чекот и се договорија, во почетокот на работењето со негарантираните чекови, секоја банка да ги прима за наплата само своите издадени чекови, а по потреба ќе се разгледа прашањето за воспоставување клиринг на чекови.
Пред членките на Здружението, беше презентиран Третиот пензиски столб од претставници на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата МАПАС.

**15.05.2007**
**Здружението на комуналните дејности**
**ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДДВ ОД 5 ОТСТО**



Комуналните претпријатија во Македонија, бараат повластена стапка на данокот на додадена вредност од Владата од пет проценти, место сегашната од 18 проценти. Иницијативата беше покрената со оглед на актуелната состојба и тешката наплата, којашто се движи од 35 до 40 проценти на месечно ниво.

**15.05.2007**
**Групацијата на автомобилска индустрија –**
**ПРОМОВИРАНИ РЕГИОНАЛНИТЕ ФОНДОВИ**
Во рамките на Македонската асоцијација на метали, беше конституирана Групација за автомобилска индустрија, којашто ги обединува производителите, односно добавувачите на делови за автомобилската индустрија.
На седницата посебен акцент беше даден на идните активности на Групацијата, а посебно за користење на ново отворените регионални фондови (ОРФ), коишто беа птрезентирани од ГТЗ Македонија.

**16.05.2007**
**Групацијата за климатизација, греење, ладење и проветрување - КГЛП**
**Работилница „Енергетската ефикасност на објекти во законската регулатива на Македонија“ - НАЈБРЗ ПАТ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ЗГОЛЕМЕНИОТ УВОЗ**
Поттикнување, промоција и координација на активностите за квалитетно управување со енергија, за да се постигнат комфорни амбиентални услови за работа и живеење, беше истакнато на работилницата „Енергетската ефикасност на објекти во законската регулатива на Македонија".

**17.05.2007**
**ГРУПАЦИЈА ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**Итно разрешување на проблемите**
Групацијата ги газгледа актуелните проблеми што произлегуваат од реализацијата или порамнувањето на склучените трансакции на Македонска берза на хартии од вредност и заклучи да ја поддржи иницијативата од Берзата, да се пристапи кон итно преземање соодветни активности за надминување на проблемите коишто, во основа, произлегуваат од зголемениот обем на работа и начинот на работење/голема администрација. Како мерка за надминување се предлага усвојување нов модел за работа и поголема примена на електронското работење на друштвата.

**22.05.2007**
**ГРУПАЦИЈА ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**Поблиска соработка со Комората на извршители**
Во присуство на Горан Тошевски, претседател на Комората на извршители, Групацијата ги разгледа актуелните проблеми коишто произлегуваат при реализацијата на извршувањето на наплатата при продажбата на хартии од вредност од страна на извршителот, коишто во основа прозилегуваат од недоречените решенија и постапки во Законот за извршување, особено што извршувањето на хартиите од вредност се врши како подвижни предмети. Се договорија и начинот и облиците на соработка со Комората на извршители.

**23.05.2007**
**Здружение на кожарско-преработувачката индустрија –**
**СО ПОДОБРА БИЗНИС-КЛИМА, ДО 5.000 НОВИ РАБОТНИ МЕСТА**
Претставници на кожарската и текстилната индустрија на Владата предложија мерки за динамизирање на производните активности, првенствено на ивозните активности, за што бараа средба со вицепремиерот Зоран Ставревски.



**31.05.2007**
**Групација за лифтови**
**КВАЛИТЕТ ЗА СИГУРНОСТ**
Формирање регистар на компании коишто се занимаваат со сервисирање и монтирање на лифтови. Беше иницијатива од Групацијата, поради бројните проблеми со коишто се соочуваат компаниите од оваа дејност, пред сé, монтажата и одржувањето, потребната заштита од нелојалната конкуренција и проблемите околу наплатата на извршените работи.

**01.06.2007**
**Групација за откуп, преработка и користење на секундарни суровини**
**- СО ЗАБРАНИ, НЕ СЕ РЕШАВААТ ПРОБЛЕМИТЕ**
Членовите на Групацијата, беа единствени во ставот дека Наредбата за забрана на внатрешен промет, откуп и извоз на отпадоци и остатоци на производи од железо, челик, алуминиум, бакар, олово, цинк, калај, бронза и месинг со којашто се забрани вршење на стопанска дејност и се прекина ланецот во процесот на управување со секундарните суровини, не е начин за решавање на проблемите настанати во овој стопански сегмент. Групацијата, побара преиспитување на законитоста на Наредбата. Особено ургентно ќе се побара да се даде можност за испорака на материјалите од залиха за сите правни субјекти коишто работат согласно Законот.

**05.06.2007**
**Здружение на кожарско-преработувачката индустрија**
**- ЕФЕКТИТЕ ВО РАЗВОЈ И НОВИ ВРАБОТУВАЊА**
Помошник директорот на Царинската управа на Македонија, Сашо Русовски, пред присутните стопанственици ги посочи можните решенија во функција на реализација на инцијатива, со којашто преку намалување на дел од производствените трошоци ќе се овозможи динамизирање на производството и извозот во оваа индустриска гранка. Конкретно, станува збор за ослободување од царинските давачки на два тарифни броја од царинската тарифа, коишто се однесуваат на калапите и ножевите за кроење при производството на обувки.

**06-11.06.2007**
**АГРО-БИЗНИС СРЕДБИ ВО ИЗРАЕЛ**
Делегација претставници од агробизнисот и од Владата на Република Македонија, предводена од вицепремиерот за образование и земјоделство д-р Живко Јанкуловски, оствари официјална посета на Израел.

**8.06.2007**
**Групација на зелените пазари**
**- ФИСКАЛИЗАЦИЈА ПО РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИЛЕМИТЕ**
За членките на Групацијата, е несфатливо да купуваат опрема за промет на добра што ги врши некој друг, при тоа неводејќи сметка за организаторите на зелените пазари коишто не вршат промет на зелените пазари, туку се само даватели на услуги.

**12.06.2007**
**Групацијата на мелничко-пекарската индустрија**
**- УВОЗОТ ГИ ПОЦРНЕ ДОМАШНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ**
Состојбата е крајно изострена со нелојалната конкуренција од увезеното брашно од Република Србија и од УНМИК Косово. Групацијата, пред претстојната жетва, расправаше за снабдувањето со пченица во економската 2007/2008 година. Притоа,  уште еднаш беше потенцирана потребата од воведување на евидентните маркици.



**13.06.2007**
**Групација за откуп, преработка и користење на секундарни суровини при Стопанската комора на Македонија**
**ОГРАДУВАЊЕ ОД РАДИКАЛНО И ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНО РЕАГИРАЊЕ**
Во однос на Наредбата за забрана на внатрешен промет, откуп и извоз на отпадоци и остатоци на производи од железо, челик, алуминиум, бакар, олово, цинк, калај, бронза и месинг (Сл. весник на РМ бр. 65/07), генерален став на Групацијата, беше дека решението ќе се бара преку институциите на системот.

**13.06.2007**
**Групацијата на авто-такси превоз**
**Предлог- одлуката за авто-такси превоз на подрачјето на Скопје**
**- КОНФУЗНИ, ШТЕТНИ И НЕСЕРИОЗНИ РЕШЕНИЈА**
Групацијата , од Советот на град Скопје, побара да не ја изгласува Предлог-одлуката за авто-такси превоз на патници во градов, со образложение дека условите коишто со неа се предвидуваат не се во интерес ниту на такси превозниците, ниту на граѓаните.
Текстилни компании од нашата земја остварија деловни средби со реномираниот производител на женска конфекција “Кети Фешн“ од Велика Британија (13.6.2007 година).




**13.06.2007**
**Реномираниот производител на текстил "Кети Фешн" од Велика Британија, во потрага по деловни партнери во Македонија - ЖЕНСКА КОНФЕКЦИЈА ЗА ОСТРОВСКИТЕ БУТИЦИ**
Со посредство на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската комора на Македонија, дојде до реализација на билатералните средби на коишто заинтересираните фирми имаа можност директно да се запознаат со отворената понуда за соработка, од страна на компанијата чии комитенти се врвни имиња од областа на модата.

**18.06.2007**
**Групација на автомобилска индустрија**
**Промовиран проект за мрежно поврзување на автомобилските кластери на Југоисточна Европа - ЗАЕДНИЧКИ ПОРТАЛ, МАРКЕТИНГ, ПРОДАЖЕН ПРОСТОР...**
Вкупната проценета вредност на проектот, изнесува приближно 300.000 евра . Проектот предвидува поддршка во воспоставување на заеднички Интернет-портал, заеднички маркетинг активности и продажен простор во Германија, контакти со други здруженија во странство и ангажирање на експерти и други активности.

**22.06.2006**
**Дирекција за претставување и застапување на интересите на членките**
**„ЦЕФТА 2006 - НОВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА„**
Во функција на запознавање на стопанските субјекти со новините во врска со примената на Централно-европскиот договор за слободна трговија - ЦЕФТА, преставници од Царинската управа на РМ, ги презентираа можностите што ги нуди овој Договор, како и правилата во трговијата на стоки и услуги на заедничкиот пазар во нејзини рамки.

**25.06.2007**
**Угостителство и туризам**
**СЛОВЕНЕЧКИ ИСКУСТВА ЗА НЕИСКОРИСТЕНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ**
Во дебарски Косоврасти беше одржана трибина на тема "Поттикнување на бањскиот туризам во земјава". Целта на трибината беше да се дадат информации и препораки за поттикнување на развојот на бањскиот туризам, како и согледување на искуствата од развојот на овој туризам во Словенија.
Сопствениците на бањите истакнаа дека во Македонија има седум региони, каде што би можело да се почне бањскиот туризам и дека има капацитет за искористување на ова богатство.

**26.06.2007**
**Здружението на хемиската индустрија расправаше за примената на здравствената безбедност на козметичките производи**
**САНИТАРНА КОНТРОЛА НА ДОМАШНАТА, НО И НА СТРАНСКАТА КОЗМЕТИКА**
При увозот, посебно треба да се обезбеди секој козметички производ да има и сертификат за здравствена исправност и пред да се пушти увозниот производ во промет задолжително да подлежи на анализа во референтна лабараторија . Тоа е Правилникот за добрата практика во производството на козметичките производи за обезбедување на нивната здравствена исправност. Членките на Здружението го поддржаа предложениот текст.

**27.06.2007**
**Групација за откуп, преработка и користење на секундарни суровини**
**АРГУМЕНТИТЕ ЈА ПИШМАНАТ ВЛАДАТА**
Целосното и доследно имплементирање на законската и подзаконска регулатива за управувањето со отпадот е единствениот начин за сузбивање на девијантини појави во прометот со секундарните суровини. Во таа насока ќе се реализира соработката меѓу членките на Групацијата и Министерството за животна средина и просторно планирање.

**29.06.2007**
**ЗДРУЖЕНИЕ НА БАНКАРСТВОТО**
**Поддржана Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година**
Во присуство на вицегувернерот Емилија Нацевска, Здружението ја поддржа Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година, со препорака истата да ја усвои и Националниот совет за платни системи, по што би се преминало кон нејзина имплементација. Здружението го поддржа и донесувањето на Законот за платниот промет со конкретни предлози и сугестии за измена и дополнување на текстот на Законот.

**05.07.2007**
**Здружението на сообраќајот и електронските комуникации**
**ЗДРАВА ОСНОВА ЗА НОРМАЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПАТЕН СООБРАЌАЈ**
Законодавецот не треба да ги занемари укажувањата и барањата на главните носители на активностите во оваа област - превозниците, што може да се каже дека во сите досегашни фази истата не беше на задоволително ниво, поради што во поодделни значајни сегменти од Законот дојде до негова несоодветна примена, изродувајќи потреба од перманентни измени и дополнувања.

**10.07.2007**
**"Втор форум ЦЕФТА 2006"**
**ОД АВГУСТ ОМЕКНУВААТ ГРАНИЦИТЕ**




Во август годинава, Договорот ЦЕФТА за либерализација и олеснување на трговијата, конечно ќе стапи на сила. Шест членки веќе го ратификуваа овој Договор (Македонија, Хрватска, Молдова, Албанија и УМНИК Косово), а за негова оперативност се доволни само пет потписи. Србија и Босна и Херцеговина се очекува неговата ратификација да ја завршат до крајот на годинава, па за нив ќе важат постоечките спогодби за слободна трговија.

**23.08.2007**

**ЗДРУЖЕНИЕ НА БАНКАРСТВОТО**

**Иницијатива за основање приватно кредитно биро од страна на банките**

Во присуство на д-р Трајко Славески, министер за финансии, Здружението на банкарството ја разгледа информацијата за приватни кредитни бироа и регистар за хипотекарни договори, изготвена од Министерство за финансии и препораката од Владата на Република Македонија за основање приватно кредитно биро од страна на банките, и заклучи дека е потребно да се основа нова институција којашто ќе придонесе за унапредување на кредитната информираност на банките и, по таа основа, намалување на кредитните ризици. За потребите на изјаснувањето и одлучувањето на органите и телата на банките ќе се изработи Студија за потребата и економската оправданост од основањето на приватно кредитно биро чии основачи би биле банките.

**24.08.2007**

**Групација на мелничко пекарската индустрија**

**- ТРКА СО ЦЕНИТЕ**

Потребата од брза рекација со распишувањето на квотите е брзо разбрана од Владата на РМ. Но, бараната брза реакција, не е паника - туку трка со цената, односно да се набави пченица со што е можно пониска цена, како предуслов за пониска пазарна цена на лебот и другите пекарски производи.

**27.08.2007**

**ГРУПАЦИЈА ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

**Предлози за изменување на Законот за хартии од вредност**

Групација го разгледуваше Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност со Предлог на закон и испорача конкретни предлози за измена до Министерството за финансии коишто се однесуваат на определувањето на висината на средствата за работа на Комисијата за хартии од вредност, известувањето на клиентот за трансакциите со хартии од вредност и за неприфатливоста на одредбата за квартално доставување на финансиски извештаи од страна на Македонска берза на хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност.

**04.09.2007**

**Групација за откуп, пласман и за користење на секундарни суровини**

**- СМЕТКИТЕ ОД ШТЕТИТЕ НА МАСА КАЈ НАДЛЕЖНИТЕ**

* Бизнисмените од овој сектор сметаат дека со штотуку донесените измени и дополнувања на Законот за управување со отпад, се создаде очекуваната законска основа за укинување на наредбата за забрана на промет со метали.

**13.09.2007**

**Расправа во Стопанската комора на Македонија за легалната-нелојална конкуренција**

**- ЛЕКОТ Е ВО РИГОРОЗНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОПИШАНИТЕ СТАНДАРДИ**

Веќе е конституирано Координативно тело за инспекциски надзор, коешто во иднина треба да обезбеди институционално поврзување на сите инспекциски органи, што е едно и од барањата на Стопанската комора во правец на зауздување на нелојалната конкуренција.




**20.09.2007**

**ГРУПАЦИЈА ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

**Го поддржа донесувањето на Законот за инвестициските фондови**

Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии го истакна значењето на инвестициските фондови за поттикнување на економскиот развој, за што говорат светските искуства. Со оглед дека со овој Закон се регулираат прашањата за основање и работа на такви фондови во РМ се потенцира важноста за донесување добри законски решенија што е интенција на Владата на РМ. Групацијата, искажа генерално мислење дека законските решенија се во функција на развој на индустријата и дека истите се поддржуваат, со истакнување одредени конкретни предлози за измена и дополнување на Законот.

**20.09.2007**

**Македонска енергетска асоцијација**
**- СТРУЈА ДА ПРОДАВА ТОЈ ШТО ЈА ПРОИЗВЕДУВА**




Спротиставена расправа за новиот модел на пазарот на електрична енергија и неговото влијани врз електроенергетскиот сектор во државата - предложен од ЕЛЕМ.
Долга и жестока дебата се водеше на состанокот на којшто покрај стопанствениците, приуствуваа и преставници на науката и министерството за економија. Темата беше "новиот модел на пазарот на електрична енергија и неговото влијание врз електроенергетскиот сектор во државата".

**20.09.2007**

**Групацијата на меѓународните шпедитери-МИФА**
**Регионалната организираност на шпедитерите во функција на олеснување на меѓународната трговијата и транспортот - ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА**

Во Стопанската комора на Македонија, се одржа работна средба на Консултативниот комитет на балканските национални шпедитерски асоцијации, којшто претставува регионален европски форум за соработка на шпедитерската индустрија на Балканот, а којшто го сочинуваат претседателите на балканските национални шпедитерски асоцијации.
На оваа средба присуствуваа претседателите на шпедитерските асоцијации од Република Турција, Република Грција, Република Србија, Република Бугарија и Република Македонија со своите соработници.

**02.10.2007**

**Групациите за сточарство**
**- АКО НЕ ПОМОГНЕ ДРЖАВАТА, СТОКАТА ПОД НОЖ**



Со оглед на тоа што лимитирачки фактор за набавка на пченка и на јачмен се огромните обртни средства, особено што сегашната ситуација налага набавка за наредните шест месеци, дефинитивно неопходна е помош од државата.

**3.10.2007**

**Средба со претставниците на Земјоделската комора на Словенија**

Предводени од претседателот на Коморoccupied Петер Вриск и директорката Наташа Белингар имаа средба со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески.
Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, особно ги нагласи важноста на Словенија и нејзината подготвеност, токму за време на нејзиниот мандат, да ја поддржи и да ја промовира нашата земја како идна членка на Унијата.

**09.10.2007**

**Групацијата за оранжериско и пластеничко производство - ОРАНЖЕРИСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ЗАКОЧЕНО ОД КАТАСТАРОТ И СКАПИОТ МАЗУТ**

Катастерот и натаму го попречува оранжериското производство, и покрај постојаните залагања на производителите да се реши овој проблем. Иако ги имаат на располагање сите валидни документи, претставниците на оранжериите, сепак, не можат да добијат имотен лист затоа што Катастарот не ги евидентира како објекти.

**9.10.2007**

**Групацијата на меѓународни шпедитери**
**КОНСТИТУИРАН РЕГИОНАЛЕН ЦАРИНСКО-ШПЕДИТЕРСКИ КОМИТЕТ, СКОПЈЕ**



Во просториите на Царинарница-Скопје, е конституиран регионален Царинско-шпедитерски комитет,Скопје. Неговото конституирање е во функција на унапредување на оперативната соработка на релација шпедитери - царинска управа, а во континуитет на воспоставениот партнерски однос на Групацијата на меѓународните шпедитери при

Стопанската комора на Македонија со Царинската управа на Република Македонија.

**10.10.2007**
**Групација за пазари**
**- ДИВИТЕ ПРОДАВАЧИ ЈА ОТЕЖНУВААТ ФИСКАЛИЗАЦИЈАТА**
Организаторите на зелените пазари ја поддржуваат фискализацијата на пазарите и ги преземаат неопходните мерки за нејзино спроведување, пред сé, поради воведување ред во пазарите. Меѓутоа, се соочуваат со проблеми, како што се:
- нелојална конкуренција, како последица од дивите продавачи коишто се лоцираат околу пазарите, како и оние што имаат фискална каса, не ја презенитираат пред организаторите на пазарите, поради условно кажано, меѓусебна солидарност.

**12.10.2007**
**Македонската енергетска асоцијација**
На иницијатива на големите потрошувачи на електрична енергија, коишто изградија свои предлог-заклучоци за тоа како да се реализира либерализацијата на пазарот на електрична енергија, на состанокот се расправаше за "Измените на Законот за енергетика и неговото влијание врз електроенергетскиот сектор во државата".

**16.10.2007**
**Групација на автомобилска индустрија**
**НАЦРТ ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ИСКОРИСТЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА**
Преставници од "Џенерал моторс" ги изнесоа своите искуства во справувањето со отпадот од моторни возила пред членките на Групацијата и преставници од Министерството за животна средина, во функција на донесување на соодветен правилник.

**18.10.2007**
**ЗДРУЖЕНИЕ НА БАНКАРСТВОТО**
**Отворени прашања во примената на Законот за платен промет**
Здружението на банкарството, во присуство на претставници од Народната банка на Република Македонија и Министерството за финансии, расправаше за отворените прашања и дилемите во примената на Законот за платен промет, како и прашањата за коишто се оценува дека се некомпатибилни со законските решенија коишто го регулираат девизното работење и девизниот режим.
Во интерес за навремена и правилна примена на Законот за платен промет од страна на сите институции и субјекти, Здружението на банкарството упати препорака до Министерството за финансии, како предлагач на Законот, да пристапи кон нивно навремено информирање преку објавување јавни соопштенија во медимите.

**18.10.2007**
**Групација за производство и увоз на тутунски производи**
**ПРОЛОНГИРАЊЕ НА РОКОТ ЗА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА КУТИИТЕ ЗА ЦИГАРИ**
Дадениот рок од две години со Законот за тутун за соодветно обележување на кутиите со цигари не се искористи од производителите и увозниците на цигари, поради очекувањето на Правилникот за таа цел, којшто беше зацртан како подзаконски акт.
Со оглед на тоа што три месеци пред истекот на рокот се укажа дека тој правилник нема да се носи, и со измените на Законот за тутун ќе се избрише таа обврска, членките побараа пролонгирање на рокот за 6 месеци.

**19.10.2007**
**Групација на даватели на автобуски услуги**
**КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА**
Актуелните состојби и проблемите во обавувањето на основната дејност - Автобуски станици беа причина за здружување во своја организациска форма на давателите на автобуски услуги за заедничко разрешување на истите.

**23.10.2007**
**Царинско-шпедитерскиот комитет**
**ПОГОЛЕМА АНИМАЦИЈА**
На барање на Analysis and Advisory Group одржана е работна средба за актуелностите во шпедитерската дејност со цел за погема анимираност на Групацијата и на шпедитерската дејност воопшто - Шпедиција.



**24.10.2007**
**Здружение на комуналните дејности**
**РЕФУНДАЦИИ НА НЕНАПЛАТЕНИТЕ ПОБАРУВАЊА ОД СОЦИЈАЛЦИТЕ**
Законска регулатива во комуналните дејности и покренување иницијатива за рефундурање на средства за вода, и комунални услуги на социјално загрозените семејства.

**26.10.2007**
**Групација за комунална хигиена**
**НАМАЛУВАЊЕ НА ДДВ**
Седница на Групација за комунална хигиена, повторно ја разгледа можноста за реализација на иницијативата за намалување на стапката на ДДВ од 18 отсто на 5 отсто, кај отпремување на отпадот, како и давање мислење по одделни подзаконски акти согаласно Законот за управување со отпад.

**30.10.2007**
**Групација на сува градба,**
**НОРМАТИВИ ЗА СУВА ГРАДБА**
Членките покренаа иницијатива за подоготовка на нормативите во сувата градба во Република Македонија, коишто треба да се во согласност со европските нормативи.

**31.10.2007**
**ЗДРУЖЕНИЕ НА БАНКАРСТВОТО**
**Свечено одбележан Светскиот ден на штедењето, 31 Октомври**
На 31 октомври, во организација на Здружението на банкарството и Фондот за осигурување на депозити, свечено беше одбележан Светскиот ден на штедењето, при што им беа врачени пофалници на најдобрите шалтерски работници од банките и штедилниците за постигнатите особени резултати во вршењето на работните задачи во доменот на работењето со населението. Пофалниците им беа врачени од претседателот на Здружението, д-р Глигор Бишев.
На настанот беше извршена презентација за состојбите и трендовите во штедењето во Република Македонија од страна на Нина Настева, директор на Фондот.

**02.11.2007**
**ГРУПАЦИЈА ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**Инвестициските фондови - нови членки на Групацијата**
Инвестициските фондови се примени за нови членки на Групацијата, којашто оцени дека со нивното членување во Групацијата, ќе придонесат за обединето настапување на еснафот во целина и поефикасно остварување на програмските активности на Групацијата, за чие остварување ќе се грижи новоизбраниот претседател Звонко Станковски од "УНИ банка" АД, Скопје.

**16.11.2007**
**Групација на автомобилската индустрија**
**Проект "Извозна промоција на автомобилската индустрија"**
Групацијата на автомобилска индустрија одржа седница на која членките беа информирани за почетните активности за Отворените регионални фондови (ОРФ). Проектот "Извозна промоција на автомобилската индустрија преку мрежното поврзување на автомобилските кластери од Западен Балкан", поддржан од Германското друштво за техничка соработка - ГТЗ.
Реализацијата на овој Проект, е партнерство на Групацијата на автомобилската индустрија при Стопанската комора на Македонија, кластерите на автомобилската индустрија од Босна и Херцеговина и Србија, поддржана од Кластерот на автомобилсата индустрија на Словенија.

**15.11.2007**

**Групација за лифтови**

**Правилникот за безбедна употреба на лифтови и за технички преглед на лифтови**

На работната средба со преставници од Министерството за економија, се посочија одредени проблеми како што се, формирањето и функционирањето на технички инспекции за контрола на лифтови, дека на територијата на Република Македонија оваа дејност ја обавуваат фирми, физички лица, странски лица коишто работат непријавени, и коишто се нестручни и во прашање ја доведуваат безбедноста на корисниците на лифтови.

Од преставниците на Министерството за економија, беше истакнато дека со законските прописи е даден транзициски период на овластени акредитирани тела, коишто ќе важат до почетокот на март 2008 година, потоа Министерството за економија ќе издава нови лиценци за овластени акредитирани инспекциски тела.

**04.12.2007**

**Здружение на кожарко преработувачката индустрија**

**Целосно укинување на банкарските гаранции**

Зрдужението на кожарско преработувачката индустрија ги актуелизираше проблемите по однос на правната регулатива и нејзината имплементација како ограничувачки фактори за консолидација на натамошен развој на оваа преработувачка индустрија. Посебно беше укажано на високите издвојувања од бруто платите на вработените, особено потенцирани со измените во издвојувањата по основа на социјално осигурување, што крајно негативно се одрзува на ликвидноста во оваа трудоинтензивна гранка. Во тој контекст се поддржа системот на исплата на бруто плата. Во однос на банкарските гаранции беше побарано нивно целосно укинување, по примерот на другите земји, а средствата што се ослободуваат по оваа основа би се насочиле во развојни цели, воведување нови технолигии, создавање сопствени брндови и сл. Во тој контекст е и барањето отстранување на нелојалната конкуренција со увоз на производи од НР Кина, по ниски-дампинг цени.

**05.12.2007**

**Македонско-романски бизнис-форум на градежни компании**

Стопанската комора на Македониај во соработка со Асоцијацијата на романски градежни компании (Romanian Association of Construction Companies – ARACO), на 5 декември одржаа Македонско-романски бизнис-форум. На форумот свое обраќање имаше г-дин Миле Јанакиевски, мисистер за транспорт и врски, г-ѓа Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Комората и г-дин Адриан Ц. Константинеску, амбасадор на Романија во Република Македонија.

Интересот за средбата беше искажан од двете страни, при што, во наредниот период се очекува вклучување на македонски компании во изведување работи на објекти во Романија, за што поддршка искажаа романските компании. Посебно беше нагласена потребата од ангажирање македонски градежни работници на градежниот пазар во Романија.

На бизнис-форумот потпишан е Договор за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Асоцијацијата на романските градежни компании - ARACO.

**11.12.2007**

**Македонската енергетска асоцијација го анализираше Предлог-енергетскиот биланс за 2008 година - „ВИСОК НАПОН„ ОКОЛУ ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈАТА**

Македонската енергетска асоцијација (МЕА), го анализираше Предлог-енерегетскиот биланс за 2008 година (10.12.2007 година). Предлагачот, Министерството за економија, информираше, дека согласно предложениот Енергетски биланс за идната година, предвидено е бруто потрошувачката на енергија да изнесува 130.759 TJ (тера џули), што претставува за 8,33 отсто, повеќе од остварената во 2007 година. Според проекциите, 68.870 TJ (52,66 отсто), ќе се обебзедат од домашно производство, а 61.900 TJ (47,34 отсто), од увоз. Членките на МЕА, излегоа со свои ставови и забелешки на предложениот Енергетски биланс за 2008 година. Реагираа големите потрошувачи ("Силмак", "Фени", "Макстил"). Остануваат на својот став дека Владата не смее да дозволи од 01.01.2008 година, вкупните потреби од електрична енергија да ги набавуваат сами на слободниот пазар. Сî уште се надеваат на преговори.

**14.12.2007**

**Македонската асоцијција на рудасртвото расправаше по Предлог-измените на Законот за минерални суровини – Законот уште не е имплемнетиран, а се предлагаат нови измени**

Македонската асоцијација на рударството – МАР, на седниците (на 14 и на 24.12.2007), го разгледуваше Предлогот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, при што се подготвија забелешки и истите се доставија до Министерството за економија и до г-дин Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата на РМ. Забелешките беа, пред се, поради воведување јавен тендер кај деталните гоелошки истаражувања, при што мисењето на МАР, е дека деталните геолошки истражувања треба да бидат максимално либерализирани, со што ќе се создадат услови за зголемување на базата на

податоци за резерви на минерални суровини, коишто понатаму можат да се користат за експлоатација. Текстот на измените на Законот сé уште не се усвоени од страна на Владата на РМ.

**28.11. 2007**

**Групација за откуп, пласман и користење на секундарни суровини**

Групацијата за откуп, пласман и користење на секундарни суровини на седницата одржана на 28 ноември 2007 година, изгради предлози и сугестии по Нацрт-регулативата за постапување со искористените моторни возила.

Предлозите на стопанствениците се однесуваат на делот од регулативата за дефинирањето на создавачот на овој вид отпад, потребата од попрецизно дефинирање на минимално техничките услови на собирните центри и центрите за преработка на искористените мотрони возила, согласно нивната функција во овој процес, допирните точки на соработка на стопанските субјекти со единиците на локалната самоуправа и сл. Исто така, посебно беа акцентирани и деловите од Нацрт-правилникот коишто се однесуваат на потребата од стимулативни мерки, имателите на искористени возила да ги предаваат истите како цели возила како и контролата на извршувањето на ваквата законска обврска за што како можно решение беше предложен механизам на следење на регистрацијата на возилото во даден реален рок, а во соработка со органот надлежен за оваа дејност, или задолжително осигурување на искористените возила коишто не се предадени во собирните пунктови. Со оглед дека оваа проблематика е врзана и во одреден дел ќе се третира и со Законот за моторни возила, Групацијата да партиципира и во донесувањето на овој Закон.

# МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

**23.01.2007**
**Паоло Феручи, директор на канцеларијата на Институтот за надворешна трговија на Италија во Скопје, во посета на Стопанската комора на Македонија - ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКИТЕ СТОПАНСКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ ВО МАРТ ВО БОЛОЊА**
Тргнувајќи од улогата на двете институции, а тоа е унапредувањето на стопанската соработка, Стопанската комората на Македонија и Институтот за надворешна трговија на Италија (ICE), во 2007 година, ќе го продолжат партнерството преку заедничките активности, што е согласно Договорот за соработка, потпишан во 2001 година. Ова е општиот заклучок од посетата на Паоло Феручи, директор на канцеларијата на ICE во Скопје, на Стопанската комора на Македонија и разговорите со Љубица Нури, директор на Дирекцијата за промоција и информирање на членките. Заедничките активности, имено, ќе бидат насочени кон овозможување директни контакти меѓу фирмите и унапредувањето на конкурентноста на македонските фирми на италијанскиот пазар, преку тренинзи и едукација, како и со поддршка на промовирањето на фирми преку учеството на саеми.

**24.01.2007**
**СЕМИНАР НА ТЕМА КАКО ДА ОСТВАРИТЕ ДЕЛОВНА СОРАБОТКА СО ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ**
Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на Република Македонија и организацијата на Обединетите нации со седиште во Њујорк, организираа семинар на тема: "Како да остварите деловна соработка со Обединетите нации".
Целта на семинарот беше презентирање на можностите за почнување и/или проширување на деловната соработка на македонските компании со Обединетите нации. На семинарот покрај едукативниот дел, компаниите имаа исклучителната можност за директна средба со претставникот од Обединетите нации, Дмитри Довгополи, шеф на одделот за набавки на мировните операции на Обединетите нации.

**31.01.2007**
**Средба на претседателот на Стопанската комора на Македонија и амбасадорот на Република Бугарија во земјава - ЗАЕДНИЧКИ ЗАЛОЖБИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ВИЗНИОТ РЕЖИМ**
** За да можат да склучуваат долгорочни договори и слободно да соработуваат, се предлага соседна Бугарија, за бизнисмените од нашата земја да воведе визи во траење од три, до пет години*
Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, го прими амбасадорот на Република Бугарија во Македонија, Н.Е. Михо Димитров Михов. На остварената средба (30.01.2007 година), беа разгледани досегашните економски односи меѓу двете соседни земји, како и можностите за нивно продлабочување.
Заедничка заложба е да се олесни визниот режим кон Република Бугарија во областа на бизнисот. Она на што ќе се инсистира пред надлежните министерства е да се овозможи издавање долгорочни визи за македонските стопанственици, а не само месечни или годишни. За да можат да склучуваат долгорочни договори и слободно да соработуваат, се предлага соседна Бугарија за бизнисмените од нашата земја да воведе визи во траење од три до пет години.

**09.02.2007**
**ВО ФОКУС: ИНТРА-РЕГИОНАЛНАТА ТРГОВИЈА И ПРОЦЕСОТ НА ПРИДРУЖУВАЊЕ КОН ЕУ**
**Инициран постојан коморски ЦЕФТА-форум**
**Средба на претседателството на Еврокоморите (EUROCHAMBRES) со претседателите и високите функционери на Стопанските комори од Југоисточна Европа во Белград - РЕФОРМИРАНИТЕ КОМОРИ СО ЗНАЧАЈНИ ЗАДАЧИ НА ПАТОТ КОН ЕУ**
Состанокот на претседателството на Еврокоморите (EUROCHAMBRES), со претседателите и високите функционери на Стопанските комори од Југоисточна Европа, одржан на 9.2.2007 година, во Белград, ги отвори двете клучни теми што се од круцијално значење за стопанските асоцијации на овој сé уште трустен политички и економски терен. Едната се однесуваше на законодавната рамка и статусот на коморите во овие земји, а другата е со поглед кон "иднина што веќе почна да трае" - регионалните интеграции и промоцијата на странските директни инвестиции, со фокусирање на ЦЕФТА - спогодбата и придонесот на стопанските комори во неговото реализирање.

**ПРОМЕНА НА СТАТУ(СО)Т И МЕТОДОТ НА РАБОТА**
Во текот на размената на искуствата на членовите на претседателството на Еврокоморите, коишто наедно се и претставници на менаџментот на некои од најразвиените стопански комори на земјите членки на ЕУ, со претставниците на стопанските комори од Југоисточна Европа, беше разгледувана актуелната тема за

доброволното или обврзното членство. Можеа да се слушнат и позитивни и негативни искуства од примената на двата система, но беше нагласено дека за позицијата на стопанските комори не е битен само законот којшто пропишува обврзно членство, туку врз легитимитетот посебно влијае поддржувањето и прифаќањето на нивните иницијативи од страна на Владата. Стопанските асоцијации, мора да бидат посредници и застапници на интересите на националните компании пред државните институции, што подразбира систематско лобирање за нивните интереси и нудење поттик на интернационализација на работењето и креирање на поволно деловно опкружување. Во таа смисла, неопходно е да се оствари соработка со државните органи што би требало да резултира со консензус во донесувањето одлуки кои влијаат врз функционирањето на стопанството.
Колку и да се зборува за предностите на јавно-правниот систем на организирање на коморите со обврзно членство, сепак, на белградската средба повторно се нагласи дека во нивниот случај најголемиот предизвик претставува пронаоѓањето начин да се надмине инертноста што постои во овие стопански асоцијации.

**09.02.2007**
**Домашниот туризам сé поинтересен за странски инвестиции - ЕГИПЕТСКИ КАПИТАЛ ВО ОХРИД И ВО МАКЕДОНСКИТЕ БАЊИ**
Египќанецот Наџи Алберт, сопственик на холдинг, составен од неколку компании, во Стопанската комора на Македонија разговараше за инвестирање во земјава. Тој е член на бордот на Индустриската комора на Египет, а неговите фирми имаат развиен бизнис во областа на туризмот, дрвната индустрија и производството на мебел и градежништвото. Со своите домаќини, по посетата на Охрид, тој разговараше најавувајќи силна заинтересираност за вложување во хотелски капацитет на охридското крајбрежје, во бањскиот туризам во земјава и за закуп на капацитети од висока класа за египетски туристи.
Гостинот од Египет е подготвен да финансира и еден македонско-египетски информативен центар во Каиро, бидејќи смета дека информираноста на деловните луѓе од двете земји е на мошне ниско ниво. Тој е познат и како македонски лобист во египетскиот парламент.
- Меѓу Република Македонија и Египет, е неопходно што побрзо да биде потпишан договор за слободна трговија, со што во голема мера би се зголемил интересот меѓу деловните луѓе од двете земји за што поголема стопанска соработка - смета Наџи Алберт.

**21.02.2007**
**Македонско-Словачка трговска соработка**
По две и пол години по влегувањето во ЕУ, словачките стопанственици се почесто пројавуваат интерес за враќање на пазарите во земјите на Балканот - изјави Мартин Линер, трговско-економски аташе на амбасадата на Словачката Република, со седиште во Белград, задолжена и за Република Македонија, при посетата на Стопанската комора на Македонија.
Овој интерес е сé поизразен, иако за одделните производи, особено аграрните, цените од овој регион не се конкурентни, во споредба со цените од ЕУ, коишто се поддржани со државните субвенции. Тоа што ги привлекува словачките потрошувачи е квалитетот на земјоделските производи, пред сé, нивната природност. Словачкиот пазар е заинтересиран и за виното. Мартин Линер во разговорот истакна дека Република Словачка, брзо ќе го активира државниот фонд за развојна поддршка во вредност од 14 милиони евра, којшто ќе биде применлив и во балканските земји.

**28.02.2007**
**Македонско-словенечки бизнис-форум - ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА „УСПЕШНИТЕ ПРИКАЗНИ„**
Скопскиот хотел "Александар Палас", ретко кога бил толку полн со деловни луѓе како што беше на Македонско-словенечкиот бизнис-форум.




Претставници на преку стотина словенечки компании и близу тристотини македонски трговски друштва, на почетокот ги сослушаа обраќањата на премиерите на двете земји, Јанез Јанша и Никола Груевски, кои ги поттикнаа двете бизнис-заедници на уште поинтензивна соработка во којашто ќе ја имааат максималната поддршка на двете државни администрации.
Енергетиката, транспортот, информатичката технологија, туризмот и трговијата се сферите во коишто Македонија и Словенија можат да ја продлабочат досегашната соработка - оцени Јанез Јанша, при неговото обраќање на бизнис-форумот. - Македонија во последниов период многу напредуваше

- стана дел од ЦЕФТА и од енергетскиот систем, и ги намали даноците. Тоа ќе го зголеми интересот кај странските инвеститори и ќе доведе до отворање нови работни места.



Според оценките на Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија, Словенија е исклучително значаен партнер на земјава во нејзините напори за придружување кон Европската унија. Тој потсети дека основната цел на Владата е подобрувањето на деловната клима и привлекување на странските директни инвестиции, а образложувајќи ги реформските потези, изрази надеж дека ќе дојде до зголемување и на словенечките вложувања.

Македонија нуди извонредни услови за инвестирање, а Словенија има многу капитал и член е на Европската унија. Нема ограничување во однос на нашата заинтересираност за инвестирање. Како атрактивни, посебно би ги посочил туризмот, информатичката технологија, енергетиката и земјоделското производство, изјави претседателот на словенечката Стопанска комора, м-р Само Хрибар Милиќ.

Очекуваме дека техничко-технолошките и менаџерските капацитети на словенечките инвеститори ќе ги поддржат нашите претприемачи во пристапувањето кон ЕУ и светските пазари, на заедничко добро. Нашата билатерална стопанска соработка ќе биде успешна и развојна единствено доколку таа биде дел од глобалното делување, доколку заедно се ориентираме кон трети пазари - посебно нагласи м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија.



Конкретните можности ги промовираа, агенциите за странски инвестиции на двете земји, а максимална помош при реализација на бизнис-проектите им ветија и бизнис-асоцијациите. Словенечките и македонските деловни луѓе остварија бројни меѓусебни бизнис контакти. Словенечките деловни луѓе присуствуваа и на прекрасната дегустација на македонски вина.

**05.03.2007**

**Средба на претседателството на Еврокоморите (EUROCHAMBRES) со претседателите и високите функционери на Стопанските комори од Југоисточна Европа во Белград - РЕФОРМИРАНИТЕ КОМОРИ СО ЗНАЧАЈНИ ЗАДАЧИ НА ПАТОТ КОН ЕУ**

EUROCHAMBRES
ASSOCIATION OF EUROPEAN CHAMBERS OF COMMERCE AND INDUSTRY

Забележливо е дека практичните западни системи нудат и "нешто помеѓу", па на состанокот беше споменато постоењето на меѓумодели што "никнаа" во Централна Европа. Тие модели подразбираат комбинација - обврзно членство со отворена можност во одредени случаи и на доброволно членство. Со еден збор, значи, постојат многу прилагодливи варијанти на статусно решавање на позицијата на стопанските комори. Меѓутоа, коморите во земјите од Југоисточна Европа, коишто во поголемиот дел се во "перманентна транзиција" веќе долги години, страдаат од друга болка, што е обратно пропорционална од утврдувањето на модел и негово упорно практично реализирање. Место тоа, вообичаено е секоја политичка промена да води кон отворање на прашањето на системот на стопанските комори!

Претседателството на Еврокоморите, на претставниците на коморите од Југоисточна Европа, им сугерираше и промена на методот на работа, што несомнено мора да се случи со оглед на технолошкиот бум и на глобализацијата што се одвива во светот. Развојот на информациските технологии, значително ја намалува вредноста на давањето на информациите - една од услугите на коморите, што во голема мерка досега беше меѓу доминантните активности. Таквата состојба уште повеќе го потенцира значењето на јакнењето на врските со Владата, зголемувањето на влијанието врз неа и лобирањето по прашањата што се од интерес за членките. Затоа, од суштинско значење е промената на начинот на размислувањето на менаџментот на стопанските комори, проследено со континуирано унапредување на коморските услуги и нивно вмрежување на ниво на меѓународните асоцијации, чии што предности и искуства треба да се искористат. Во секој случај, сметаат членовите на Еврокоморите, компаниите мора да бидат вклучени во

разни фази од активностите на стопанските комори и на Еврокоморите и тоа по пат на конструктивна критика и сугестии во врска со унапредувањето на услугите.

**ПРИОРИТЕТНИ: ЦЕФТА И КУМУЛАЦИЈАТА**

Прашањата од областа на статусот, внатрешната организација и методите на делувањето на коморите во овој регион несомнено се од битно значење и не случајно се отвораат со Еврокоморите. Стопанските комори ќе треба да одиграат една од најзначајните улоги во поглед на економскиот развој, поттикнат со интра-регионална трговија и, потоа, на патот кон членството на нивните земји во Европската унија. Со потпишувањето на Спогодбата ЦЕФТА, Западниот Балкан влегува во нова фаза на развој и на јакнење на стопанскиот амбиент. Не е потребно да се нагласува, дека со силна меѓукоморска соработка е можно поефикасно и побрзо да се надминат досегашните проблеми во функционирањето на меѓусебната трговија. На состанокот во Белград, претставниците на коморите од Југоисточна Европа, посебно ги издвоија двата клучни предизвика со кои се соочуваат нивните земји. Првиот е потребата од дијагонала со ЕУ во врска со паневропските и медитеранските правила за потеклото на стоките, за што се проценува дека помошта и поддршката од Еврокоморите е од пресудно значење. Вториот, пак, се однесува на покренувањето на посебен форум на Еврокококоморите и стопанските комори на ЦЕФТА земјите, којшто значајно би можел да придонесе некои од прашањата, што сега се отвораат пред стопанствата на земјите од ЦЕФТА, а се дел од процесот на прилагодувањето на правилата на внатрешниот пазар на ЕУ, да ја добијат поддршката од стопанските комори на ЕУ. Претставниците на стопанските комори од Југоисточна Европа, се согласија дека е неопходно да се изврши анализа на позитивните и на негативните ефекти на примената на ЦЕФТА спогодбата на стопанските субјекти. Дури потоа стопанските комори би можеле да организираат форуми на тема на надминување на проблемите во спроведувањето на Спогодбата и во давањето помош во вклучувањето на стопанските субјекти во правилата на ЦЕФТА.
На овој состанок беше иницирано и одржување собир, којшто би бил посветен на преставувањето на искуствата на инвеститорите што делуваат во регионот, вклучувајќи го препознавањето на стопанските комори како значаен фактор на поддршка на инвеститорите во подобрувањето на стопанско-системскиот амбиент и на јакнењето на капацитетот на локалните претпријатија како партнери на големите инвеститори во регионот.
По освртот на завршните програми CAPE, PARTNERS 1 i TCDP, членовите на претседателството, претставувајќи ги иницијативите и активностите на Еврокоморите во регионот на Југоисточна Европа, нагласија дека Европската комисија, ја одобрила втората фаза на Проектот PARTNERS за земјите од Западен Балкан, со буџет од 1 милион евра. Приоритет на проектите што ќе бидат реализирани низ PARTNERS 2, ќе биде продолжување на активностите што беа покренати низ првата фаза на Проектот, со посебен акцент на прашањата на инвестициите и вклучувањето на другите релевантни фактори. Предлогот на активностите за коишто постои потреба да се реализираат низ втората фаза на Проектот PARTNERS, потребно е да се достави до Еврокоморите во најбрзо време. На потег, сега се домашните институции и компании.

**06.03.2007**
**Средба на амбасадорот на Република Украина со стопанственици од општините Штип и Карбинци - АКЦЕНТ НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА**

Во организација на локалната самоуправа, стопанственици од Штип и од Карбинци имаа средба со украинскиот амбасадор во Република Македонија, Виталиј Москаленко и претставникот на трговското аташе Алексиј Петров. На средбата се водеа разговори за зголемување на размената меѓу двете земји, посебно на регионот на Штип и на Карбинци.
Гостите од Украина сугерираа, по примерот на Битола, да се воспостави регионална соработка и да се изврши збратимување со некој од тамошните градови. Во разговорот, од украинската страна, беше изразена заинтересираност да се воспостави соработка во областа на текстилната индустрија, туризмот, посебно поради фактот што жителите од оваа земја се заинтересирани за посета на македонските цркви и манастири. Посебно беа нагласени можностите за извоз на македонските вина и раноградинарски производи на овој голем пазар, а изгледни се шансите и за македонските градежници.
Стопанственици од овој регион, како проблем го издвоија постоењето на транзитната гаранција за патувањата во Украина и беше дискутирано таа во најскоро време да се елиминира или значително да се намали.

**13.03.2007**
**Новоименуваниот амбасадор на Израел во Република Македонија, Амира Арнон, во посета на Стопанска комора на Македонија - НЕДОСТАСУВААТ ПРАВНА РАМКА, ИНФОРМАЦИИ И ИНИЦИЈАТИВИ**

*Комората оценува дека е потребно да се либерализира и трговијата меѓу двете земји, како дел од пороцесот на ЕУ интеграцијата, односно врзување за Европско-медитеранско партнерство, како предуслов за вклучување во евро-медитеранската кумулација на потеклото на стоки

- Потребно е, од страна на двете држави, да се испитат можностите и интересите во конкретните сектори, да се лоцираат потенцијалните партнери и да се почне таргетирана соработка, пред сé, преку инвестициски активности - го објасни својот пристап кон унапредувањето на стопанската соработка меѓу двете земји, израелскиот амбасадор Амира Арнон, при нејзината прва посета на Стопанската комора на Македонија (12.3.2007 година). Во нејзина придружба беше Виктор Мизрахи, почесен конзул на Израел во Република Македонија.



Во разговорот Љубица Нури, директор на Дирекцијата за промовирање и информирање на членките во Стопанската комора на Македонија, беше истакнато дека стопанската соработка, особено трговската и инвестициите, би биле далеку поголеми и позначајни доколку меѓу двете земји постои правна рамка за соработка. До сега, двете земји билатерално ги имаа регулирано редовниот воздушен сообраќај и културно научната соработка. Склучување на договори за одбегнување на двојното оданочување и заштита на инвестициите, би ја охрабриле трговската и инвестициската соработка. Во тој контекст, Комората оценува дека е потребно да се либерализира и трговијата меѓу двете земји, како дел од пороцесот на ЕУ интеграцијата, односно врзување за Европско-медитеранско партнерство, како предуслов за вклучување во евро-медитеранската кумулација на потеклото на стоки.

**22.03.2007**

**Македонско-турски деловен совет во „Холидеј Ин„ - ПОСТОЈАТ УСЛОВИ ЗА ДУПЛИРАЊЕ НА РАЗМЕНАТА, НА ПОТЕГ БИЗНИСМЕНИТЕ**

- Кога бизнисмените ќе тропнат на нашата врата, тие имаат приоритет, особено ако станува збор за турските, кон кои постојат доверба и посебни симпатии - порача Антонио Милошевски, министер за надворешни работи во Владата на Република Македонија на Македонско-турскиот деловен совет, што се одржа во скопскиот хотел "Холидеј Ин".

Официјалната посета на неговиот турски колега, Абдулах Ѓул, на земјава беше придружувана од група турски бизнисмени, кои присуствуваа на бројни презентации во Стопанската комора на Македонија, ја посетија најголемата турска инвестиција во државава "Рамстор", присуствуваа на седницата на Македонско-турскиот деловен совет и водеа билатерални деловни разговори.



- Политичките односи се извонредни, воспоставена е правната рамка за интензивни економски врски, а сега сé зависи од активностите на бизнис-заедниците. Сегашната размена не ги одразува можностите на двете економии. Потребно е таа да се зголеми, и тоа не само со трговска размена, туку и со реализирање заеднички проекти во трети земји. Затоа се потребни што почести средби и разговори меѓу бизнисмените од двете земји - проценува Абдулах Ѓул, министер за надворешни работи на Република Турција.

Мустафа Јардимчи, член на Управниот одбор на ТОББ, проценува дека минатогодишната размена (според турски податоци), меѓу двете земји, од 227 милиони долари може да се дуплира, дури и трикратно да се зголеми. Тој го лоцираше интересот на турскиот бизнис за соработка во областа на енергијата, градежништвото, земјоделството, текстилот.

- Има четри добри причини коишто можат да влијаат врз дуплирање на размената меѓу Македонија и Турција во наредните години - лоцираше Антонио Милошевски. - Македонската Влада ова време го прогласи за време на бизнисот, од Турција може многу да се научи во привлекувањето на странски инвестиции, капиталот најефективно се оплодува во географската близина, а покрај целосно поставената правна рамка, постои и блискост и доверба кај турските деловни луѓе. Најновата кампања "Инвестирајте во Македонија", предизвика голем интерес кај турските бизнисмени.

- Договорот за слободна трговија меѓу Македонија и Турција, треба целосно да се ревидира, согласно еволуирањето на односите со ЕУ, и менувањето на регионот во единствена слободна зона на трговија, по стапување на сила на Договорот ЦЕФТА, во 2008 година - смета Јорго Ќука.

Според видувањата на Сава Димитрова, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, за да се подигне квалитетот на стопанската соработка, неопходен е билатерален финансиски инструмент за поддршка на извозот, односно увозот, што изостана сите овие години.



- Потребно е заедничко обраќање до Европската комисија, со барање за прилагодување на протоколите за потеклото на стоки со ЕУ, коишто ги имаат двете земји, во однос на кумулацијата на потеклото на текстилните производи - овозможување користење текстил од турско потекло во македонски производ наменет за извоз во ЕУ. Добро би било да се основа Поткомитет за царинска соработка, којшто заеднички би ги следел сите проблеми при увозот и извозот, и би предлагал решенија за нивно надминување. Тоа особено се однесува на проблемите околу царинската вредност, заштита на интелектуалната сопственост и усогласеност на статистичките податоци за размената.

Во Стопанската комора на Македонија, пред одржувањето на седницата на деловниот совет, турската бизнис-делегација присуствуваше на неколку презентации. За енергетскиот сектор зборуваше Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за економија, можностите за инвестирање во земјава ги промовираше Игор Чучков од "Макинвест", референците на слободната индустриска зона "Бунарџик" ги изложи директорот на Дирекцијата Марјан Јованов, а свое обраќање имаше и Аднан Кахил, министер во Владата на Република Македонија. Значењето на турските инвестиции посебно го подвлече м-р Јелисавета Георгиева.

**27.03.2007**

**Потпишан Договор за отворање Европски информативен и иновативен центар - ПРИСТАП ДО ЦИП - ПРОГРАМАТА НА ЕУ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАТИВНОСТ**

** Македонија како земја-кандидат за членство во ЕУ, доби привилегија да аплицира во ЦИП-програмата, чија вкупна вредност е 3,6 милијарди евра*

** Фокусирање на оние програми со коишто земјава може да биде конкурентна, како што се здрава храна, земјоделство, обновливи извори на енергија, шумарство,знаење*

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Стопанската комора на Македонија, Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување (МИР) и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, денеска потпишаа конзорциумски Договор за отворање Европски информативен и иновативен центар.

Центарот треба да го олесни пристапот до ЦИП-програмата на Европската унија за конкурентност и иновативност, којашто ќе биде отворена на 1 јануари 2008 година.

Македонија како земја-кандидат за членство во ЕУ, доби привилегија да аплицира во ЦИП-програмата, чија вкупна вредност е 3,6 милијарди евра. Колку Македонија како држава ќе успее да повлече од тие средства зависи од домашните институции. Од Универзитетот, истакнуваат дека се фокусираат на оние програми со коишто земјава може да биде конкурентна, како што се здрава храна, земјоделство, обновливи извори на енергија, шумарство, знаење.

Седиштето на Европскиот информативен и иновативен центар ќе биде на Универзитетот, а ќе има и неколку дисперзирани седишта во членките на конзорциумот, коишто денеска го потпишаа Договорот и коишто ќе бидат компјутерски поврзани. Центарот изработил проект во којшто ги посочува областите и тој оваа недела ќе биде испратен во Брисел.

**29.03.2007**

**Стопанската комора на Македонија, ХОТАМ и АТАМ во Балкански проект за развој на туризмот со поддршка на италијанската Влада - ИНТЕГРАЦИЈА ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР НА ЕУ**

Во Пескара, Република Италија, во присуство на амбасадорите и преставниците на коморите и туристичките организации на Македонија, БиХ, Хрватска, Србија, Црна Гора и Албанија, на преставници на Владата на Република Италија и локалните власти на Пескара, промовиран е Проектот SITOUR C V X - Проект за развој на туризмот на Балканот, по должина на коридорите 5 и 10. Овој Проект, е конципиран за да обезбеди техничка помош и трансфер на знаење во туристичкиот сектор, со цел унапредување на стопанско-туристичките системи на земјите корисници и нивната интеграција во туристичкиот сектор на ЕУ. Во рамките на Проектот, Стопанска комора на Македонија со ХОТАМ и АТАМ, ќе биде носител на проектни активности за Македонија: изработка на анализа на туристичката понуда, едукација, формирање регионали пакети на туристича понуда, нивна промоција и поврзување на италијанските со македонски партнери. Наедно, поврзувањето ќе биде можно и меѓу земјите носители на Проектот.

Овој 13 месечен Проект, е еден од проектите со коишто Владата на Република Италија го манифистера стратешкото партнерство кон Балканот - поддршка за стабилизација, реконструкција и развој на земјите од овој регион.

**02.04.2007**

**Во Белград одржани билатерални средби меѓу македонски и српски компании од областа на земјоделско-прехранбениот сектор - СОГЛЕДАНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА ЗАЕДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО**

Во Белград се одржаа билатерални бизнис-средби на компании од земјоделско-прехранбената индустрија на Република Србија и на Република Македонија.
Билатералните средби имаа за цел македонските и српските стопанственици да ја продолжат заедничката соработка, како основна претпоставка за интензивирање на меѓусебната трговска размена со земјоделско-прехранбени производи, што позитивно би требало да се рефлектира во вкупните движења на овој сектор. Претставниците од двете комори дадоа осврт за состојбите во земјоделството во двете земји, степенот на досегашна меѓусебна соработка, перспективите за нејзиниот развој, со посебен осврт на ЦЕФТА 2006. На средбите, во просториите на Стопанската комора на Србија, посебно беа разгледани и можностите за повисоки облици на соработка, како и проблемите на соработка и предлози за нивно решавање.
На оваа бизнис-средба учествуваа 15 компании од нашата земја и 17 компании од Србија.

**03.04.2007**

**Романскиот амбасадор во посета на Стопанската комора на Македонија - СКАПОЦЕНИ ИСКУСТВА НА ПАТОТ КОН ЕУ**

** За да почне надминувањето на незадоволителната трговска размена кон крајот на мај или во почетокот на јуни 2007 година, воСтопанската комора на Македонија ќе се организира Македонско-романски бизнис-форум*

- Целта на мојата мисија во Македонија, пред сé, е да ги унапредам билатералните, стопанските и трговските односи - изјави Адријан Штефан Константинеску, амбасадор на Република Романија во Република во Македонија, во разговорот со Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија.
При посетата на Комората (на негово барање), гостинот ги изнесе своите согледавања коишто укажуваат на незадоволителната трговска размена од двете страни. За надминување на ваквите состојби, соговорниците се договорија кон крајот на мај, или во почетокот на јуни 2007 година, во Скопје, во Стопанската комора на Македонија да се организира Македонско-романски бизнис-форум. Тоа би била можност да се воспостават деловни контакти, особено во областа на градежништвото, енергетиката, транспортот, туризмот, земјоделството... Се очекува, средбата да ги поттикне двете страни за подобрување и за воспоставување на директните транспортнти врски меѓу двете земји, што ќе влијае врз унапредување на стопанската соработка. Гостинот го пренесе искуството на Романија во предпристапниот процес кон ЕУ во којшто, по проширувањето на ЕУ во 2004 година, дојде до релокација на деловните активности од новите ЕУ-членки кон Романија. Оценка е дека тој процес може да се повтори од Романија кон ЕУ.

**05.04.2007**

**Македонско-албански билатерални средби од областа на туризмот во скопскиот хотел „Континентал„ - ЗАЕДНИЧКИ НА СВЕТСКИОТ ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР**

**Постои можносттуристичката понуда да се нуди по принципот "Две држави - една дестинација"*
**За зголемување на соработката во туризмот неопходна е почеста комуникација меѓу деловните луѓе што се занимаваат со туристичкиот бизнис и поголема соработка меѓу владите на двете земји*




Македонија и Албанија во областа на туризмот на светскиот туристички пазар може да се нудат како една дестинација (евентуално вклучувајќи ја тука и Црна Гора). Тоа е затоа што во областа на туризмот меѓу двете земји не постои конкуренција, туку надополнување. Тоа што во моментов е потребно, е почеста комуникација меѓу деловните луѓе што се занимаваат со туристичкиот бизнис и поголема соработка меѓу владите на двете земји.
Ова е пораката што речиси во еден глас им ја испратија на албанските и на македонските бизнисмени Миле Спирковски, претседател на Асоцијацијата на туристичките агенции на Македонија (АТАМ), и Дончо Таневски, претседател на хотелската асоцијација на Македонија (ХОТАМ). Претставници на триесеттина компани, хотели и туристички агенции и бројни домашни деловни луѓе од областа на овој сектор се собраа на билатерални средби. Армен Бора, директор за промоција на Националната туристичка организација на

Албанија, пак, истакна дека тие се исклучително заинтересирани, од Македонија да ги искористат искуствата што ги има во областа на планинскиот и на езерскиот туризам.
- Македонија и Албанија и досега имаат одлична соработка во областа на туризмот. Од странските туристи што ја посетуваат Македонија, албанските се на трето место. Во последните 5-6 години, бројот на посетите од оваа земја е двојно зголемен - посочи Беким Кадриу, државен советник за странски инвестиции и туризам во Министерството за економија на Република Македонија.

**11.04.2007**

**Формиран Македонски клуб на извозници во Стопанската комора на Македонија - ИНТЕНЗИВЕН НАСТАП НА СТРАНСКИОТ ПАЗАР**

**Македонскиот клуб на извозници преку своето работење ќе го јакне дијалогот меѓу приватниот сектор и Владата, но ќе дејствува и надвор од државата*

**Првиот чекор во оваа насока е веќе направен со потпишување на Меморандумот за соработка со Унијата на германските комори за индустрија и трговија*




Во Стопанската комора на Македонија беше формиран Македонскиот клуб на извозници, чија основна цел е интензивирање на пласманот надвор до земјава и зголемување на конкурентноста на домашните компании.
- И на последните лаици им е јасно дека без извоз, државата не може да оди напред - истакна претседателот на Стопанската Комора на Македонија Бранко Азески, отворајќи го основачкото собрание на Клубот.
Бранко Азески, нагласи дека македонскиот извоз не успева да направи сериозни поместувања во своја корист, а Македонија традиционално се соочува со ниска покриеност на увозот со извоз, што се одразува врз високиот трговски дефицит.
- Ваквата состојба не е одржлива на долг рок. Македонија мора да преземе мерки за да ја зголеми конкурентноста на домашните компании, посебно на извозно ориентираните - посебно нагласи Азески, додавајќи дека и натаму е актуелен недостигот од добри резултати за реформите да се преточат во успешни економски перформанси.
Македонскиот клуб на извозници, како што беше речено на основачкото собрание, преку своето работење ќе го јакне дијалогот меѓу приватниот сектор и Владата, но ќе дејствува и надвор од државата. Првиот чекор во оваа насока е веќе направен со потпишување на Меморандумот за соработка со Унијата на германските комори за индустрија и трговија.
Во Клубот, чиј претседавач е Илија Гечев, сопственик на "ИГМ" од Кавадарци, може да партиципираат сите извозни фирми од Македонија независно дали се членки на Стопанската комора.

**17.04.2007**

**Григориј Ростовски, регионален преставник на Руската трговско-индустриска комора за Балкан во посета на Стопанска комора на Македонија - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА БИЛАТЕРАЛНИТЕ БИЗНИС КОНТАКТИ ЗА ПОТТИК НА РАЗМЕНАТА**

**Руската трговско-индустриска комора, заедно со Стопанската комора на Македонија и Македонско-руската комора, ќе преземе активности за поттикнување на интересот на руските фирми за соработка со Македонија*



Григорије Ростовски, регионален преставник на Руската трговско-индустриска комора за Балкан, се сретна со преставникот на Стопанската комора на Македонија, Љубица Нури, директор на Дирекцијата за промовирање и информирање и Дејан Бешлиев, директор на Македонско-руската комора. Во заедничкиот меѓусебен разговор беа разменети информации и мислења во врска со унапредувањето на македонско-руската трговска и коморска соработка. Притоа, заеднички е договорено Руската трговско-индустриска комора заедно со Стопанската комора на Македонија и Македонско-руската комора да преземат активности за поттикнување на интересот на руските фирми за соработка со Македонија.
Домаќините побараа поголема поддршка и иницијатива на Руската комора во поттикнувањето на интерес на руските фирми за македонските потенцијали. Свесни за големина на македонскиот пазар и македонскиот производен капацитет, како и за состојбите и за позицијата на Руската федерација во

глобалната трговија, заеднички е оценето, дека сепак има можности за унапредување на соработката, особено земајќи ја предвид перспективата на Договорот ЦЕФТА и консолидирањето на регионалниот пазар во зона на слободна трговија.
Договорено е билатерално да се разгледат можностите на поддршка на саемски настапи, не само во Москва, туку и во руските региони и обратно, руските фирми на македонските саемски манифестации.

**17.04.2007**
**Средба на македонските стопанственици од регионот на Битола со Паоло Феручи, директор на Институтот за надворешна трговија на Италија, со седиште во Скопје - ИНТЕРЕС ЗА ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**
На 17 април 2007 година, Регионалната комора со седиште во Битола, во соработка со Институтот за надворешна трговија на Италија, со седиште во Скопје, организираа средба на македонските стопанственици од регионот на Битола на тема: „Можности за соработка меѓу компаниите од регионот на Битола и компаниите од Италија, и проблематиката во досегашната соработка“.
На работниот состанок, присуствуваа компании од регионот на Битола, од различни области: од прехранбената, текстилната и дрвната индустрија, шпедицијата и транспортот. Институтот за надворешна трговија на Италија, и г-дин Феручи ќе преземат конкретни активности за почнување, унапредување и олеснување на соработка меѓу македонските и италијанските компании, испраќајќи список на компаниите коишто присуствуваа и се заинтересирани за соработка со Италија, до италијанските потенцијални партнери.

**19.04.2007**
**Македонско-црногорски бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија - ОСПОСОБУВАЊЕ НА КОРИДОРОТ ОД СТРУГА ДО БАР, ПРЕКУ АЛБАНИЈА**
**Реализацијата на овој транзитен коридор ќе овозможи зголемување на транспортот, а со тоа и на трговијата во регионот*
**Во рамките на форумот, двете комори заеднички преземаа конкретен чекор - потпишаа акт за основање на Македонско-црногорски деловен совет*



Македонија и Црна Гора се веќе многу блиску. За помалку од 1 час, група од 80 црногорски бизнисмени пристигнаа со чартер лет во Скопје, за со своите македонски колеги, по речиси деценија и пол, постават рамка и релации за интензивирање на меѓусебната економска соработка и да се обидат да ја вратат на нивото од деведесетите години од минатиот век.
Вака им се обрати на гостите и на стотината домашни компании Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, на Македонско-црногорскиот бизнис-форум, алудирајќи притоа на фактот дека развојот на коридорите во Југоисточна Европа и инвестициите во инфраструктурата се далеку од потребното.
- Реализацијата на транзитниот коридор од Струга до Бар, преку Република Албанија, ќе овозможи зголемување на транспортот, а со тоа и на трговијата во регионот. Треба да се преиспита и да се поддржи интересот на приватниот сектор, да се поддржи терминалот во Струга, од каде што би се одвивал транспортот преку транзитниот коридор, а понатаму би се овозможувал и транспорт до пристаништето Бар - предложи Бранко Азески. - За побрза реализација на овој коридор, нужна е реконструкција на два моста во Република Албанија, како негов дел, поради зголемување на нивната носивост за транспортни возила со тежина поголема од 5 тони. Двете влади, а и владите во регионот, потребно е што побргу да ја постават правната рамка за реализација на приватно-јавните партнерства, односно учество на приватниот капитал во јавните работи.
Притоа, тој ја искористи можноста да испрати апел до Стопанската комора на Црна Гора, во рамките на своите овластувања, да посредува кај Владата на Република Црна Гора за укинување на таксата од 2,5 евра дневно за секој градежен работник што е на работа во Црна Гора.
Вкупната стоковна размена навистина е мала, ама ако на тоа се додадат услугите, особено во областа на туризмот, тогаш тое е нешто сосема друго - нагласи Владимир Вукмировиќ, претседател на Стопанската комора на Црна Гора. - Сепак, заедничка оценка на партнерите со кои разговаравме е дека размената сé уште е мала, имајќи ги предвид интересот, потенцијалите и можностите за соработка во сите области на стопанството. Нашите претпријатија мора да пронајдат ново плодно тло за стопанска соработка, а погодно е тоа што не постојат јазични пречки, а искуството од животот во некогашната заедничка држава ќе помогне при новите бизнис-аранжмани.

**18.04.2007**

**Амбасадарот на Индонезија со седиште во Будимпешта, задолжен за Македонија, Хрватска и БиХ, во посета на Стопанската комора на Македонија - ЗАЛОЖБИ ЗА ТРГОВСКА РАЗМЕНА БЕЗ ПОСРЕДНИЦИ**

**Индонезиски бизнисмен заинтересиран за инвестирање во преработувачки капацитет на сурово палмино масло во Македонија*



Мангаси Сихомбинг, амбасадор на Индонезија со седиште во Будимпешта, задолжен за Македонија, Хрватска и БиХ, при посетата на Стопанска комора на Македонија беше примен од Сава Димитрова, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија. Во меѓусебниот разговор беа разменети информации за билатералната трговска размена и за насоката на натамошното унапредување на соработката. Мангаси Сихомбинг констатира, дека податоците за реална размена се индикативни, бидејќи, според нивното сознание, трговијата главно се врши преку трети земји, најмногу преку Грција. Тој ги извести домаќините дека се подготвува основачкиот состанок на мешовитата Македонско-индонезиска комисија, којашто во јуни ќе се одржи во Индонезија. Гостинот, предложи со посредство на Индонезиската амбасада и нашето Министерство за надворешна трговија, да се воспостави контакт со Индонезиската индустриско-трговска комора и независниот Борд за економски односи со странство, што од страна на Сава Димитрова е прифатено, а со особен интерес Мангаси Сихомбинг, упати покана за учеството на македонските фирми во октомври на саемската манифетсација "Трговија во Индонезија". Договорено е на нивото на стручните служби на Комората и Амбасадата, со поддршка на Министерство за надворешни работи, да се преземаат активности за ефектно искористување на понудените билатерални промотивни можности.

**26.04.2007**

**Македонско-бугарски бизнис-форум во Софија - НОВИ ПЕРСПЕКТИВИ ЗА БИЗНИСОТ**

**Влегувањето на Бугарија во Европската унија отвора нови перспективи за бизнисот, но за негово развивање неопходно е подобро инфраструктурно поврзување меѓу Македонија и Бугарија, оценија претседателите на двете стопански асоцијации, Вожидар Божинов и Бранко Азески*

** Клубот на компаниите, коишто соработуваат со државите од Блискиот Исток и МАГРЕБ при Стопанската комора на Македонија и Асоцијацијата на бугарско-арапските стопански комори во Софија, потпишаа Договор за соработка*

Македонија и Бугарија треба заеднички да се грижат и да поработат на поголемо искористување на средствата од фондовите на Европската унија, во полза на двете земји. Особено тоа се однесува на областите на транспортот, енергијата и екологијата.

Ваквата порака пред бизнисмените на двете земји, ја испрати Божидар Божинов, претседател на Бугарската трговско-индустриска комора, домаќин на исклучително посетениот Македонско-бугарски бизнис-форум. Деловните луѓе од двете земји, со посредство на коморите се среќаваат по четри години, овојпат во земја-членка на ЕУ. Влегувањето на Бугарија во Европската унија навистина отвора нови перспективи за бизнисот, но за негово развивање неопходно е подобро инфраструктурно поврзување меѓу Македонија и Бугарија, оценија претседателите на двете стопански асоцијации.

- По влегувањето на Бугарија во ЕУ, се работи во услови на зголемена конкуренција и секоја нова зделка на наша фирма е успех - подвлече Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, потенцирајќи дека во интерес на бизнисот - железничката, енергетската и патната инфраструктура меѓу Скопје и Софија е да добијат нов лик. Тој нагласи дека Македонија треба да ги користи европските искуства на Бугарија, а особено во арбитражата и медијацијата, за што вети дека претставници на Стопанската комора на Македонија ќе присуствуваат на сите едукативни семинари поврзани со ЕУ, што се одржуваат во Софија.

Бранко Азески, изрази надеж дека економската соработка меѓу Македонија и Бугарија, којашто во јануари и февруари годинава бележи нагорен тренд, ќе продолжи и во иднина. Според негова оцена,  неопходно е што поголемо искористување на заедничките проекти, посебно потенцирајќи го Проектот на ЕУ-регион меѓу Скопје, Софија и Ниш, којшто треба целосно да се реализира во правец на зголемување на соработката и развојот на општините во него.

**04.05.2007**

**ТРГОВСКИОТ СОВЕТНИК ПРИ АМБАСАДА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ВИЕТНАМ ОД СОФИЈА, БУГАРИЈА - ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

На 04.05.2007 година, Стопанската комора на Македонија е официјално посетена од страна на господин Ле Ба Луан, трговски советник при Амбасадата на Социјалистичка Република Виетнам во Софија, Бугарија, задолжена за Р.Македонија.

На работната средба беа потенцирани можностите за зголемување на нивото на економската соработка меѓу Р.Македонија и Виетнам.



При тоа е констатирано дека, интересот на Виетнам за увоз на мекедонските производи се однесува пред сé на виното, производи од црната металургија, текстилот - тешка конфекција, како и репроматеријали за производство на пластични производи.

Со цел, поттикнување на трговската соработка меѓу двете земји од страна на Стопанската комора на Македонија, предложено е да се организира информативен ден за Виетнам, на којштo претставниците на Амбасадата на Виетнам би ги презентирале потенцијалите на Виетнам и трговските можности пред македонските стопанственици во Комората. Предлогот е прифатен со интерес како и апел за поддршка во воспоставувањето на коморската соработка со Стопанската комора на Виетнам.

**09.05.2007**

**Во „Холидеј Ин“ одбележан Европскиот ден на претпремачот - СИСТЕМ И ФЕР УСЛОВИ ЗА ПРЕДВОДНИКОТ ВО ЕУ ИНТЕГРАЦИЈАТА**

Свеченоста, втор пат по ред, беше организирана во чест на "Денот на Европа", и годинава се совпадна со прославата на пет децении од основањето на ЕУ, година во којашто Република Македонија ја дочека со статус земја-кандидат за членство во европското семејство.

Овојпат манифестацијата беше насловена како "Претприемачот - предводник во ЕУ интеграцијата", бидејќи, како што нагласи Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, на пленарната сесија "доколку 98 отсто од вкупниот број активни фирми на една економија, се мали и средни фирми (во земјава 45.000 компании), тогаш целиот стопански и регулаторен амбиент се прекршува преку нив. А, тоа значи дека овие субјекти се носители и на процесот на ЕУ интеграцијата, бидејки интегрирањето, пред сé, се реализира преку вклучување во единствениот пазар на Унијата".




- Потребен е систем и фер услови за развој на претприемништвото - констатира Зоран Ставревски, потпреседател на Владата на Република Македонија, на церемонијата на отворањето на "Европскиот ден на претприемачот", на којашто учествуваа и Ерван Фуере, специјален претставник на ЕУ и шеф на делегацијата на ЕУ во земјава и Трифун Костовски, градоначалник на Скопје.

Ерван Фуере, порача дека е потребно да се учи од успешните приказни и во сопствената околина, но и од земјите коишто се понапред во развојот на претприемништвото, споменувајќи ги како примери Словенија и Естонија.

- Но, најбитното е да се одвои политиката од бизнисот. За да се измени и унапреди перцепцијата за претприемништвото, односно претприемачот во вистинска смисла да стане предводник во ЕУ интеграциите, Вера Рафајловска, министер за економија во Владата на РМ, посебно нагласи дека еден од приоритетите е организирање кампања за подигање на свеста за претприемништвото.



По повод Европскиот ден на претприемачите, Стопанската комора на Македонија, Стопанската комората на северозападна Македонија и Сојузот на стопански комори, потпишаа Декларација со којашто од Владата побараа да отвори гранични премини на локациите Маркова нога на границата кон Грција,

Клепало кон Бугарија и Лојане кон Србија, како и да го оспособи за транспорт на стоки граничниот премин Јажинце кон Косово, како дел од коридорот Приштина-Драч.
Декларацијата, преку која се бара отворање и опремување на граничните премини во рок од шест месеци, ја потпишаа претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, Џемаили Даути од Комората на северозападна Македонија, и заменик-претседателот на Сојузот на стопанските комори Мирче Чекреџи.

**15.05.2007**

**Посета на потпретседателот на Трговската комора на Вермонт, САД, на Стопанската комора на Македонија - ПРИВАТНО-ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО И ОБРАЗОВАНИЕТО - КЛУЧНИ ЗА РАЗВОЈОТ**

** Договорено иницирање на активностите што ќе овозможат трансфер на искуството и знаењето во примената на приватно-јавното партнерство*

Куртис Пикар, потпретседател на Трговска комора на Вермонт и Мајкал Квин, комесар во Одделот за економски развој на државата Вермонт, во придружба на Мајкл Латам, економскиот советник во Амбасадата на САД во Република Македонија, на нивна иницијатива, ја посетија Стопанска комора на Македонија.



Мајкл Квин,комесар во Одделот за економски развој на Вермонт, на средбата во Стопанската комора на Македонија посочи дека основните принципи на нивниот, но и на развојот воопшто, се базираат на приватно-јавното партнерство и на високото образование. Во тој контекст, преставник на Стопанската комора на Македонија и Куртис Пикар, потпретседател на Трговска комора на Вермонт, се договорија со поддршка на Амбасадата на САД во Македонија, да се иницираат активностите коишто ќе овозможат трансфер на искуство и на знаење во примената на приватното-јавно партнерство.
Гостите од Вермонт се сретнаа и со претставници на Асоцијацијата на туристичките агенции на Македонија (АТАМ), и со Хотелската асоцијација на Македонија (ХОТАМ).

**15.05.2007**

**Годишнина од основање на Македонско-хрватскиот деловен клуб - СО КОМОРАТА ПОЛЕСНО НИЗ АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ЛАВИРИНТИ**

** Во наредниот период е потребен поголем ангажман за билатерално поврзување, поради заеднички настап и заедничкопромовирање на трети пазари*

Н.Е. Иво Кујунџиќ, амбасадор на Република Хрватска во Република Македонија, обраќајќи се на фирмите-членови на Македонско-хрватскиот деловен клуб, се заблагодари на Стопанската комора на Македонија и на нејзиниот претседател и наедно ко-претседател на Клубот, Бранко Азески, за дадената логистичка поддршка. Тој истакна, дека во изминатиот период и Клубот и Амбасадата се занимавале со решавањето на проблемите на бизнисот во Македонија, со капитал од хрватско потекло, главно посредувајќи во лавиринтот на комуникацијата со администрацијата и нејзините институции, најчесто во врска со неконзистетни правни толкувања и примена на процедурите, особено на планот на учеството во јавните набавки.
Во тој контекст, дел од присутните фирми ги изнесоа проблемите со коишто се среќаваат.
Бранко Азески, обраќајки се до присутните, го подвлече задоволството од нагорниот тренд во стопанската соработка со Хрватска. Но, истовремено истакна дека во пресрет на 2008 година, и создавање на единствен регионален пазар, потребно е бизнисот да се насочи кон испитување на можностите за создавање заеднички регионален производ. На билатерално ниво, пак, е потребно владите на двете земји итно да се ангажираат за да се овозможи имплементација на дијагоналната кумулација на потеклото на стоките Македонија-Хрватска-ЕУ. Досегашната инертност од двете страни нема оправдување. Оваа можност од страна на Брисел, е соопштена во ноември 2005 година. Поради тоа што сé уште ништо не е сторено, стопанствата на двете земји, секојдневно губат, и тоа во неостварен извоз, во инвестиции и вработување.
За нов ко-претседател на Македонско-хрватскиот деловен клуб, од хрватската страна, е избрана Вита Хузен, генерален директор на Винарската визба во Валандово.

**18.05.2007**

**Генерално собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК) во Букурешт, Република Романија - СТРАТЕГИЈА НА ЗАЕДНИЧКИ РАЗВОЈ**

** Во 2008 година, коморите-членки на АБК, ќе го преставаат регионално стопанство пред германската Влада*

Трговско-индустриската комора на Романија, беше домаќин на Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК), што се одржа во Букурешт. На првата годинашна сесија во рамките на претседателството на Романија со АБК во 2007 година, претседателите на коморите на Албанија, БиХ, Бугарија, Црна Гора, Грција, Кипар, Македонија, Романија, Србија и Турција ги утврдија правците на натамошното делување на АБК. Во услови кога Романија и Бугарија (покрај Грција и Кипар), станаа членки на ЕУ, Турција и Македонија станаа кандидатки за членство во ЕУ, другите членки на АБК, земјите од Западен Балкан, ќе стопанисуваат непосредно во рамките на Договорот ЦЕФТА.

Земјите-членки на АБК, на ЕУ и Турција се исто така, индиректно вклучени во примената на Договорот за слободна трговија - ЦЕФТА. Стратешките насоки во работењето на АБК, ќе бидат активностите коишто се одраз на стратегијата на заедничкиот развој. АБК, ќе треба што поитно да добие организациска структура, да ја засили промоцијата на своите активности, како и силно да го зајакне дијалогот со владите. Приватно-јавниот дијалог и едукацијата се координати на стопанскиот развој, а коморите ќе бидат ефикасни носители единствено преку развојот на својот институционален капацитет. Малите и средни претпријатија и натаму се во фокусот на коморските активности и на Асоцијацијата на балканските комори. Меѓутоа, во иднина поголемо внимание ќе се обрне на



поврзување на фирмите во регионот, а ќе се направи напор преку едукација да се унапреди нивната компетентност и да се подготви среден менаџерски кадар којшто е всушност, и директен имплементатор на деловно развојните активности.

Координаторот на партнерскиот Проект на АБК, со Унијата на германските комори, којшто е во спроведување од 2001, и ќе трае до 2009 година (финансиран од страна на германската Влада), истакна дека очекува со АБК да го финишира Проектот со препознатлива структура на регионална коморска организација, пред сé, поради видливоста на активностите на АБК, како кај бизнисот, така и кај јавниот сектор. Организациската инфраструктура треба да го овозможи лобирањето пред институциите во ЕУ, но и да ги зајакне позициите во однос на локалните влади. За идната година, во рамките на овој Проект, се планира средба меѓу претседателите на коморите членки на АБК со г-ѓа Меркел, претседател на Владата на Република Германија и соработниците. Целта е директно претставување на стопанските достигнувања и потребите во регионот. Средбата ќе биде подготвена во организација на Унијата на германските комори.

Од Генералното собрание е упатена **Декларација до Eurochambres**. Со неа претседателите на коморите - членки на АБК, од Европската комора, бараат да инсистира кај Европската комисија: да има флексибилен и конхерентен пристап кон решењето на проблемите и креирањето на регионалните политики коишто се однесуваат на Западен Балкан, и истите да ги прошири на целата територија на Балканот, а во интерес на бизнис-заедницата преставена од коморите членки на АБК; Eurochambres, институционално или преку коморите-членки и експертите, да влијае врз координацијата на многубројните проекти и иницијативи во регионот, а со цел, рационално користење на средствата и човечките ресурси; Коморите-членки на АБК, вклучувајќи ги и коморите на Хрватска и Молдова, имаат основано ЦЕФТА-Форум, како поддршка на приватниот сектор во имплементацијата на овој Договор и формирањето зона на слободна трговија. Од Eurochambres се бара, во рамките на својот капацитет, да влијае врз забрзувањето на процесот на ратификацијата на Договорот ЦЕФТА во регионот, а наедно се испраќа порака, неговото знаење и искуството во практицирањето на приватно-јавниот дијалог да го трансферира во Регионот.

**30.05.2007**

**Амбасадорот на Република Црна Гора во Република Македонија во посета на Стопанската комора на Македонија - ДВЕ ДРЖАВИ - ЕДНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА**



Стопанската комора на Македонија, официјално ја посетија Н.Е. Душко Лиличевич, амбасадор на Република Црна Гора во Република Македонија и Будимир Шќепановиќ, прв советник при Амбасадата. Тие со својот домаќин, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија и неговите

соработници, разговараа за можностите за зголемување на нивото на економската соработка меѓу двете земји.
Душко Лиличевич, со особено задоволство ги истакна  успешните примери во меѓусебната соработка: добиениот тендер на "Реплек" од Скопје, распишан од страна на тамошниот Фонд за здравство, како и отворањето на официјално претставништво на "Алкалоид" во Република Црна Гора. Притоа, тој посебно ја нагласи  отвореноста на неговата земја за влез на странски инвестиции.
Амбасадорот на Република Црна Гора во Македонија, предложи отворање на редовна авионска линија Подгорица-Скопје, за што е ветена директна поддршка од страна на Стопанската комора на Македонија.
Изложен беше и Проектот на туристички мост Москва-Тиват-Охрид. Посетата на руски туристи на Црна Гора, стартува на 16 јуни и ќе трае до 22 септември, а во нивниот аранжман е и слетување на аеродромот "Св.Павле" и престој во Охрид.
На разговорите беше истакнат интересот на Црна Гора, за увоз на македонските производи, пред сé, на раноградинарските култури, овошје и зеленчук. Побарана е помош од Стопанската комора на Македонија, за воспоставување контакти со директни производители, поради намалување на цените како резултат на монополската позиција на одредени увозници и извозници во Црна Гора.
Од страна на гостите беше упатена, покана до македонската градежна индустрија за поголема присутност на црногорските градилишта.
Плаќањето такса по 2,5 евра дневно, за секој работник ангажиран во Република Црна Гора, според Бранко Азески, е фактор којшто негативно влијае врз одговорот на побарувачката од тој сектор и затоа тој ја искористи и оваа прилика уште еднаш да упати порака до Владата на Република Црна Гора за надминување на овој проблем.
Поради поттикнување на трговската соработка меѓу двете земји, претседателот на Стопанската комора на Македонија, и овојпат потсети на зедничката иницијативата покрената со Стопанската комора на Република Црна Гора, за изградба на двата моста преку реката Бојана во Албанија, со што патот Скадар-граница Црна Гора би се  оспособил и за теретен сообраќај во рамките на Јонската магистрала. Со изградба на собирен центар во Струга, овој коридор би имал директно влијание врз користењето на пристаништето во Бар, кое споредбено со другите пристаништа во регионот има најконкурентни цени, што би придонело и за зголемување на вкупната меѓусебна размена.

**25.05.2007**

**Годишниот состанок на Извршниот комитет на Балканскиот регионален центар за трговска промоција (БЦТП), се одржа  во Солун**

**ПОЗИТИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИНТЕГРАЦИЈАТА ВО РЕГИОНОТ**

Во организација на Грчкиот одбор за промоција на извозот ХЕПО, во Солун се одржа годишен состанок на Извршниот комитет на Балканскиот регионален центар за трговска промоција (БЦТП), на којшто се анализираше работата во 2006 година, и се утврди програмата за тековната 2007 година. БЦТП, со своите инструменти, веб-сајтот, билтенот, заедничките штандови на саеми и презентациите на националните економии, како саемски настани, позитивно влијае врз интеграцијата на балканските трговија и економија.
Со оглед на промените во земјите од некогашната СФРЈ, во БЦТП сега членуваат одделно Србија и Црна Гора, а Комитетот заклучи дека треба да се упатат покани за придружување кон БЦТП и до Република БиХ и Република Хрватска.
Грчкиот одбор за промоција на извозот (HEPO), оваа година ќе биде домаќин на Балканскиот партенаријат "Технички иновации" во октомври месец и "Градежни материјали" во ноември 2007 година, во Солун. БЦТП-основачите ќе бидат во функција на националните координатори и ќе организираат настап на заинтересираните фирми. Во рамките на овие настани ќе се промовира и годинашниот број на БЦТП-Билтенот.
На Извршниот комитет, беше договорено организирање на заеднички БЦТП-штандови на Измирскиот саем, во првата недела во септември и Технички саем од 2 до 6 октомври во Букурешт. Во рамките на овие штандови, согласно  интересот основачите ќе организираат и делегација на фирмите-посетители.

**31.05.2007**

**Амбасада на Република Бугарија во Македонија - ДЕЛОВНИТЕ ВИЗИ ВО НАЈКУС РОК**

**Претставниците на бизнис-заедницата за деловни визи можат да ги користат линиите на VIP Call centarot:  -  058 058 555  / - 075 148 555*

Конзуларната служба при Амбасадата на Република Бугарија во Република Македонија, информира дека издавањето годишна повеќекратна деловна виза на стопанствениците од македонските компании е со приоритет, и ќе се издава во најкраток временски период, од денот на нивното поднесување.
За издавање на мулти-бугарски визи, стопанствениците при аплицирањето потребно е да ги приложат наредните документи: покана заверена од Трговско-индустриската комора во Бугарија, склучен Договор за бизнис-соработка, патничко осигурување за една година, документи за регистрација на фирмата, копија на пасош и една фотографија.

**07.06.2007**

**Прилагодување на стручното образование кон потребите на трудот во Југоисточна Европа - РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА ВО СПРАВУВАЊЕ СО НЕВРАБОТЕНОСТА И ОДЛИВОТ НА МОЗОЦИТЕ**

Во организација на Проектот TAIEX на Европската комисија, Собранието на Република Македонија и Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, на 5 и на 6 јуни 2007 година, во Скопје, се одржа семинар на тема: "Прилагодување на стручното образование и обука кон потребите на трудот".

Целта на семинарот беше да се понуди платформа за размена на искуства меѓу различните актери за развојот на стручното образование во Југоисточна Европа и за унапредување на регионалната соработка преку размена на искуства, поради справување со постојаната висока стапка на невработеност кај младите и одливот на мозоци, како и за изнаоѓање заедничка основа за имплементација на проекти и програми во регионот.

На семинарот предавачи беа претставници од законодавните домови, министерствата за образование, агенциите за стручно образование и од стопанските комори од Романија, Турција, Хрватска, Бугарија, Германија, Франција, Австрија и од Македонија.

Голем интерес предизвикаа презентациите на претставниците на Европската агенција за развој на образованието и обука (CEDEFOR), Европската фондација за обука (ETF), како и на претставничката на мрежата за образование на UNESKO - UNEVOC, којашто ги истакна иновациите во стручното образование и стручната обука. UNESKO - UNEVOC е организација на Обединетите нации и има 262 UNEVOC-центри во 162 земји-членки на UNESKO.

**07.06.2007**

**Преставување на Стопанската комора на Македонија пред амбасадорите на земјите-членки на ЕУ во Република Македонија - ПОБАРАНА ПОДДРШКА ЗА СТАВОВИТЕ НА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА**

** Пред сé, тоа се однесуваше на барањата за што побрза имплементацијата на пан-европско-медитеранската кумулација на стоки, унапредување на приватно-јавнотопартнерство,имплементацијата на Договорот ЦЕФТА и создавање на интрарегионален единствен трговски пазар, зајакнување на институционалниот капацитет потребен да се користат пред-пристапните фондови и за олеснувањето на визните режими*

На поканата на Ралф Брет, амбасадорот на СР Германија во Република Македонија, којашто е земја претседавач на ЕУ, Стопанската комора на Македонија присуствуваше на редовната неделна средба на амбасадорите на земјите-членки на ЕУ, во државава и претставници на делегацијата на Европската комисија. Оваа можност беше искористена - преставниците на најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјава, да побараат поддршка за одредените ставови на бизнис-заедницата во земјава. Пред сé, тоа се однесуваше на барањата за што побрза имплементацијата на пан-европско-медитеранската кумулација на стоки, унапредување на приватно-јавното партнерство, имплементацијата на Договорот ЦЕФТА и создавање на интрарегионален единствен трговски пазар, зајакнување на институционалниот капацитет потребен да се користат пред-пристапните фондови и за олеснувањето на визните режими.

.

**12.06.2007**

**Во Стопанската комора на Македонија промовиран Проектот на италијанската Влада Sitour CVX за поддршка на туризмот - МАКЕДОНИЈА - МЕКА ЗА КУЛТУРНИОТ И РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ**

** Целта е да се создаде еден вид целосен туризам што ќе ги интегрира амбиенталните, природните, културните, историските и уметничките ресурси на регионите, како и нивното автентично занаетчиство и производство*

Македонскиот туризам доби силна италијанска поддршка. Во Стопанската комора на Македонија беше промовиран Проектот Sitour CVX на Владата на Република Италија за поддршка на туризмот во пан-европските мулти-модални коридори 5 и 10. Овој Проект е дизајниран да обезбеди ефикасна поддршка на економските системи на корисниците - Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Црна Гора и Македонија. Целта е да се создаде еден вид целосен туризам што ќе ги интегрира амбиенталните природните, културните, историските и уметничките ресурси на регионите, како и нивното автентично занаетчиство и производство.



- За овој Проект аплициравме во далечната 2003 година.

Интересот го видовме, пред сé, во областа на којашто се однесува, а тоа е туризмот, област која е динамична за да биде интернационализирана; затоа што туризмот е стопанска активност којашто е од особено значење во вкупната национална економија и допрва ќе биде; затоа што Проектот е регионален и затоа што Проект-лидер е Република Италија - земја којашто е меѓународен, а пред сé, европски бренд за туризмот - истакна м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија,

на почетокот на презентацијата на Проектот. - Но, не само тоа, Република Италија е и традиционален трговски партнер на Република Македонија, којашто не се симнува под петтото место на листата на земји надворешно-трговски партнери на Македонија, и е трет трговски партнер во рамките на Европската унија, после Германија и Грција.




- Туризмот ги повлекува сите активности. Да се зборува за туризмот во Македонија е лесно, ако се погледнат планините, езерата, нејзините манастири и луѓето со нивното традиционално гостопримство. Меѓутоа, за да се промовираат ваквите потенцијали потребно е многу да се работи. Токму со овој Проект, ќе се обидеме да создадеме туристички пакети со коишто се надеваме дека Македонија повисоко ќе се пласира на туристичкиот пазар во Италија и во светот - нагласи Џузепе Ди Пјетро, потпретседател на Трговската комора на Пескара. - Некои анализи зборуваат дека во Македонија културниот и селскиот туризам имаат големи шанси, а ние заедно со вашиот ентузијазам ќе ви помогнеме да успеете. Со овој Проект, наедно, ќе се обидеме и да ги отвориме патиштата на соработка меѓу малите и средни претпријатија од двете земји и на тој начин да го поттикнеме нивниот развој.
Покрај Стопанската комора на Македонија, партнер во овој Проект од земјава е и Асоцијацијата на туристичките агенции на Македонија (АТАМ).
- Италија е меѓу водечките земји во светот во областа на уметничкиот туризам и презентацијата на природните богатства и сигурно деке многу ќе може да í помогне на Македонија. Нашите заложби се за стабилизација и економски раст на Македонија. И овој Проект е насочен кон подобрување на економската состојба во земјава, зголемување на вработеноста и на стандардот на населението, работи коишто се од големо значење кон патот за влез во ЕУ - нагласи Н.Е. Донатино Маркон, амбасадор на Република Италија во Република Македонија.
Паоло Феручи, директор на Институтот за надворешна соработка на Италија во Скопје, истакна дека и тие досега работеле на проект за развој на селскиот туризам.

**15.06.2007**

**Европската комисија го скенира осигурителниот бизнис во нашата држава - ПРЕПОРАКИ ЗА НАТАМОШНО ЈАКНЕЊЕ НА СУПЕРВИЗИЈАТА**

Делегација на Европската комисија во состав Martin Overbeek - Dutch National Bank (Team leader) и Bengt Ek - Swedish Motor Insurers, имаа разговор во Стопанската комора на Македонија со Весна Ѓорчева, претседател на Здружението на осигурувањето и со нејзините соработници. Целта на разговорот беше да се стекнат со сознанија за состојбите во областа на супервизијата на финансискиот сектор и давање препораки за натамошно јакнење на супервизијата, административниот капацитет и имплементацијата на законите. Нивните согледувања ќе бидат дел од Извештајот за напредокот на Република Македонија во функција на идни измени и дополнувања на законската регулатива. Покрај тоа, „скенирањето„ беше и поради идентифицирање на идните потреби од техничка помош од страна на Европската комисија.
Гостите беа запознаени со работата на Здружението на осигурувањето во рамките на Стопанската комора на Македонија, за соработката со Министерството за финансии во подготвувањето на одделни законски проекти, за работењето на осигурителните друштва, проблемите на коишто наидуваат и слично.

**18.06.2007**

**Австралиски бизнисмени запознаени со инвестициските можности на Македонија - ОД ПРЕКУ ОКЕАНОТ - 150 МИЛИОНИ ДОЛАРИ**

** Претставници на неколку големи компании од Австралија, во наредните месеци ќе ја посетат земјава*

Инвестиции во вредност од 150 милиони австралиски долари, најавија неколку големи компании од Австралија, чии претставници наредните месеци ќе ја посетат Македонија.
Австралиските бизнисмени биле запознаени со економските потенцијали на средбите со почесниот конзул на Македонија во Перт, Зоран Ќосески и со претседателот на новоформираниот Македонско-австралиски бизнис-форум, Роберт Милошески.
Форумот, во којшто членуваат повеќе угледни австралиски бизнисмени и поранешни парламентарци, ќе ја промовира Македонија како атрактивна бизнис-дестинација за австралиските инвеститори.
Паралелно со бизнис-форумот, во Перт е формирано и Парламентарно здружение на македонско-западноавстралиско пријателство, чијашто цел е да ги развива односите меѓу Македонија и Западна Австралија.

**28.06.2007**

**Во Жабљак конституиран Македонско-црногорски деловен совет - РЕГУЛАТИВА ЗА АНГАЖМАНОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ РАБОТНИЦИ**

** За копретседатели се избрани челните луѓе  на компаниите-најголеми извозници, Илија Гечев, сопственик на ИГМ "Трејд" од  Кавадарци и Миомир Јакшиќ, директор на "Улцињска ривијера"*

Во Жабљак во Република Црна Гора се одржа конститутивната седница на Македонско-црногорскиот деловен совет. Конституирањето беше извршено врз основа на Одлуката за основање на Македонско-црногорски деловен совет, што беше потпишана од претседателите на Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Црна Гора на 19 април 2007 година, во Скопје, во рамките на тогаш  одржаниот Македонско-црногорски бизнис-форум.

На конституирањето на Советот, најголемите извозници од двете земји ги разменија мислењата во врска со тековната стопанска соработка, истакнувајќи дека, без оглед на нејзиниот обем, таа е традиционална и во континуитет, без оглед на различните услови во коишто се одвивала.

За ко-претседатели на Македонско-црногорски/Црногорско-македонски деловен совет, се избрани челните луѓе на компаниите-најголеми извозници, Илија Гечев, сопственик на ИГМ "Трејд" од Кавадарци и  Миомир Јакшиќ, директор на "Улцињска ривијера".

**05.07.2007**

**Информативен ден на Индонезија во Стопанската комора на Македонија - ОФОРМУВАЊЕ ПРАВНА РАМКА ЗА ЗГОЛЕМЕНА РАЗМЕНА**

** Покрената е и иницијатива за отворање почесен конзулат и конзул на Индонезија во Македонија и обратно,со што би се олеснил визниот режим меѓу двете држави*

Македонија и Индонезија наскоро ќе ја оформат правната рамка за зголемување на досега скромната меѓусебна економска размена. Двете држави се очекува наскоро да ги подготват и да ги потпишат договорите за заштита на инвестициите и за одбегнувањето на двојното оданочување. Истовремено, покрената е и иницијатива за отворање на почесен конзулат и конзул на Индонезија во Македонија и обратно, со што максимално би се олеснил визниот режим меѓу двете држави.

Ова е најавено од страна на Н.Е. Мангаси Сихомбинг, амбасадор на Индонезија со седиште во Будимпешта, задолжен и за Македонија, Хрватска и БиХ, на "Информативниот ден на Индонезија" што беше одржан во Стопанската комора на Македонија. Покрај тоа, тој ги повика македонските компании да учествуваат на големиот саем во Џакарта во октомври годинава, каде што би можеле да воспостават контакти со индонезиските бизнисмени. Истовремено, претставниците на македонските компании најголемите реакции ги имаа на визниот режим со Индонезија, којшто им преставува пречка во реализацијата на нивните бизнис-планови со партнери од оваа далекоисточна земја.

- Во размената, трговскиот дефицит е постојано на македонската страна. Во увозот, анализирајќи го периодот од 1999 до 2006 година, застапени се суровини за кондикторската индустрија (како базни производи: палмино масло, овошни сушени бази), производи на обоената металургија, лигнит, електротехника, како и текстил и мебел во помала количина - истакна Сава Димитрова, претседавач на Стопанската комора на Македонија.

**10.07.2007**

**"Втор ЦЕФТА 2006 форум" во Стопанската комора на Македонија - ОД АВГУСТ ОМЕКНУВААТ ГРАНИЦИТЕ**

** Стопанските комори се претвараат воцентрални точки за утврдување на нецаринските бариери во регионот со цел преземање на потребните активности за олеснување на трговијата и транспортот со земјите во регионот*

Во август годинава Договорот за либерализација и олеснување на трговијата – ЦЕФТА, конечно ќе стапи на сила. Шест членки веќе го ратификуваа овој Договор (Македонија, Хрватска, Молдова, Албанија и УМНИК Косово), а за негова оперативност се доволни само пет потписи. Србија и Босна и Херцеговина се очекува неговата ратификација да ја завршат до крајот на годинава, па за нив ќе важат постоечките спогодби за слободна трговија. Комплетното функционирење на овој Договор, којшто е на пат кон создавање зона на слободна трговија во регионот, се предвидува за првите денови од 2008 година.




Ова го соопшти Крум Ефремов, државен советник во Министерството на економија во Република Македонија на "Вториот ЦЕФТА 2006  форум", што се одржа во Стопанската комора на Македонија. Постојаниот Форум  го формираа, со иницијална поддршка на EUROCHAMBRES, стопанските комори на земјите-членки на ЦЕФТА, а идејата е ваквото здружение на бизнис-заедниците од регионот да биде вклучено во структурите

на ЦЕФТА. Тоа би помогнало во текот на имплемантацијата на Договорот, ефикасно и брзо да се лоцираат пречките, да се расправа по спорните прашања и да се олесни неговата имплементација.
- Стопанските комори се претвораат во централни точки за утврдување на нецаринските бариери во регионот, со цел преземање на потребните активности за олеснување на трговијата и транспортот со земјите во регионот. Стопанската комора на Србија, креираше и софтвер за автоматска обработка на прашалник за нетарифните бариери, којшто треба да овозможи собирање, евидентирање и анализа на сите пречки во меѓусебната размена по пат на Интернет, токму поради олеснување на сублимацијата на информациите - истакна Марица Видановиќ, од Стопанската комора на Србија, која го претстави софтверското решение.
На почетокот на работата на "Вториот ЦЕФТА форум", Људмила Нистор-Михајлова го претстави ревидираниот Пакт за стабилност. Според нејзините зборови, ревидираниот Пакт за стабилност веќе се трансформира во Регионален совет за соработка, којшто се препушта на регионалните "играчи" и неговото седиште е во Сараево во Босна и Херцеговина. Негови членки и натаму се земјите од Југоисточна Европа, земјите донатори и меѓународните организации коишто делуваат во овој регион. Одговорноста за користењето на така воспоставената ревидирана организација паѓа исклучително на локалните активности, при што, како што напомена Љубица Нури, од Стопанската комора на Македонија, токму бизнис-заедницата преку стопанските асоцијации треба да ги "бомбардира" владите со проекти коишто треба да го повлечат развојот на земјите во овој регион.
"Вториот ЦЕФТА форум", работеше во три работни групи по урнекот на поткомитетите на ЦЕФТА, со што се овозможува директна врска меѓу овие работни тела и Регионалниот совет за соработка. На овој начин се очекува забрзување на интрарегионалната интеграција и побрза имплементација на ЦЕФТА 2006.

**11.07.2007**

**Националниот совет на македонската заедница во Србија во Стопанската комора на Македонија - КОНКРЕТНИ ЧЕКОРИ ЗА ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА**

**Меѓу двете институции во ноември се очекува да биде потпишан меморандум за соработка и притоа во Македонија да допатува група бизнисмени од српските фирми со македонски или со мешовит капитал, коишто би биле претставени на овдешната бизнис-заедница и би оствариле билатерални деловни контакти*

Претставници на Националниот совет на македонската заедница во Србија, предеводена од претседателот Јован Радески, беа во посета на Стопанската комора на Македонија. Со своите домаќини Љубица Нури, директор на Дирекцијата за промовирање и информирање на членките и м-р Ацо Спасовски, директор на Дирекцијата за деловни и општи услуги, водеа разговори за воспоставување и за интензивирање на стопанската соработка, особено со српските фирми со македонски и со мешовит капитал.
- Националниот совет на македонската заедница во Србија, обединува 25.000 македонци, колку што ги има во Србија по последниот попис, 10 нивни здруженија по околии и двете Друштва за македонско-српско пријателство. Во рамките на Советот формиравме и Координативно тело за стопанска соработка со Република Македонија - нагласи Јован Радески.
Од страна на домаќините беше сугерирано засилено ангажирање на српските компании со македонски или со мешовит капитал во работата на Македонско-српскиот деловен совет.

**10.07.2007**

**ОДРЖАН ПЕТТИОТ СВЕТСКИ КОМОРСКИ КОНГРЕС (Истанбул, 04-06.07.2007 година)**

Од 4 до 6 јуни, 2007 година во Истанбул,Турција, во организација на Унијата на трговско индустриски комори, поморски комори и стокови берзи на Турција (TOBB), Светската коморска федерација (WCF) и Меѓународната трговска комора (ICC), се одржа 5-тиот Светски коморски конгрес.
Конгресот се организира на секои две години и е единствен интернационален форум којшто овозможува собир на едно место на сите претседатели и претставници од вкупнио 12.000 комори низ светот на регионално, национално и интернационално ниво. Темата на овој конгрес првенствено беше насочена кон размена на идеите и искуството на бизнис-лидерството, како и клучните предизвици за компаниите и коморските институции.
Под логото на темата "Партнерство за напредок", 5-тиот Светски коморски конгрес ги почна клучните стратегии и техники за подобрување на бизнис-перформансите во работните мрежи на организациите.
На свеченото отворање на конгресот, воведни и поздравни говори дадоа раководните функционери на трите организатори на конгресот:
- Г-дин Rifat Hisarciklioglu, претседател на TOBB, кој укажа на значењето на овој конгрес, како исклучително значаен настан од светски рамки којшто им помага на коморите да ги подобрат своите услуги, но и да влијаат врз економските текови во своите земји.
- Г-дин Markus Wallenberg, претседавач од ИЦЦ, кој ја истакна потребата од соработка меѓу коморите и искористување на можноста за зајакнување на мрежата на соработка меѓу коморите во светот.

- Г-дин Rona Yircali, претседавач од WCF, кој истакна дека за креирање нови и современи услуги за своите членки, коморите мора да соработуваат и да воспоставуваат лични контакти. Конгресот претставува идеално место за изградба на партнерство за напредок.
На отворањето на Конгресот на присутните учесинци им се обрати и премиерот на Турција, Реџеп Таип Ердоган.
Во рамки на Конгресот беа одржани 3 пленарни сесии, како и 24 работилници коишто вклучуваа разгледување на различни теми поврзани со унапредувањето на работата и соработката меѓу стопанските комори, зголемување на конкурентноста и просперитетот на партнерството меѓу сите комори во светот.
На Конгресот учествуваа 1.593 учесници од вкупно 118 земји од светот. Наредниот Светски коморски конгрес, во 2009 година, ќе се одржи во  Куала Лумпур, Малезија.

**20.08.2007**

**Македонските компании од земјоделскиот сектор на саемот “Агро-Евроазија 2007“ во Истамбул, Република Турција - ТУРСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ ГО ПИКИРААТ МАКЕДОНСКИОТ АГРАР**

Во Истанбул во Република Турција, од 6 до 10 август 2007 година, стопанска делегација од Република Македонија беше гостин на турската Влада, за време на одржувањето на Саемот за земјоделство „Агро-Евроазија 2007„.
Во организација на Стопанската комора на Македонија, Владата на Република Турција и Амбасадата на Турција во Македонија, група стопанственици од Република Македонија ги презентираа своите производствени капацитети и развојни планови во директни контакти со турски компании и бизнисмени.
Стопанската делегација од Македонија, составена од над 30-тина стопанственици од 15 компании, оствари голем број контакти со турски бизнисмени, коишто отворено го истакнаа својот интерес за соработка и инвестирање претежно со мали и средни фирми, коишто досега немаат остварено деловна соработка со турски компании. Нагласен беше интересот за креирањето на заеднички проекти и заеднички настап на пазарите.
Турските компании изразија интерес и за инвестирање во Република Македонија, претежно во отворање капацитети за производство на додатоци и концентрати за добиточна храна, за производство на пилешко месо, за ветеринарни лекови и сл.

**03.09.2007**

**Македонските компании на Меѓународниот саем на стоки за широка потрошувачка „Измир 2007“ - ГОЛЕМ ИНТЕРЕС ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА**




Во организација на Министерството за економија и на Стопанската комора на Македонија, во соработка со Амбасадата на Република Македонија во Турција и со Конзулатот во Истанбул, од 31 август до 9 септември 2007 година, стопанствениците од Македонија имаат можност да се претстават на 76. Меѓународен саем на стоки за широка потрошувачка "ИЗМИР 2007".
На свеченото отворање на оваа значајна саемска манифестација присуствуваше и министерката за економија на Р. Македонија, Вера Рафајловска, со соработниците, како и со претставници од македонскиот Конзулат во Истанбул.

На саемот, на околу 1.100 изложбени штандови, излагаат компании од 59 земји, а се очекува да биде посетен од околу 1,5 милион посетители. Годинава, Украина е почесната земја-гостин на оваа значајна саемска манифестација.
Измир е градот кандидат за ,,EXPO 2015,,, што ќе се одржи под мотото: ,,Нови можности за подобар свет и здравје за сите,,.
На штандот на Република Македонија, со свои производствени програми се претстави: МЗТ „Комерц Нова“ од Скопје, „Геопром“ - Скопје, „Карингтон Корпорејшн“ - Куманово, „Центро фрута“ - Виница, „Специјал“ - Скопје, „Лозар-Пелистерка“ - Скопје  и „Агрокомерц“ од Скопје.

**07.09.2007**

**Македонско-шпански деловни средби во ноември во Стопанската комора на Македонија - БИЗНИСМЕНИ ОД ГАЛИЦИЈА БАРААТ МАКЕДОНСКИ ПАРТНЕРИ**



Шпанските компании од провинцијата Галиција (северозападна Шпанија, на брегот на Атлантикот), организирани во Трговската комора на Ферол, планираат да се сретнат со потенцијалните македонски партнери во Стопанската комора на Македонија, на 15 ноември 2007 година. Од шпанската страна, во тек е регистрацијата на интерес на фирмите за соработка со

Македонија. Досега се пријавиле фирми од областа на прехранбените производи (замрзната риба и морски производи), индустрија на мебел, производи за одржување на хигиена во домаќинствата, подароци...
Ваква средба меѓу компаниите од двете земји е договорена при посетата на Анхел Фоус, трговски советник и Хуан Џимениз Агуир, маркетинг анлитичар при Амбасадата на Шпанија во Софија, Република Бугарија, на Стопанската комора на Македонија. На разговорите при посетата на Комората е договорено македонско-шпанските деловни средби да бидат искористени и како повод за претставување на шпанската економија и потенцијали на Автономната провинција Галиција, пред македонските стопанственици.
Преставниците на Амбасадата, во разговорот со своите домаќини изјавија дека во моментов интересот на Шпанија за Република Македонија и за регионот е првенствено насочен кон големи инвестициски проекти (инфраструктура, телекомуникации, енергетика и сл.), коишто се финансирани од страна на меѓународни финансиски институции, шпанската или регионалните влади.

**14.09.2007**

**Македонска владина и бизнис-делегација во Португалија - ОФИЦИЈАЛИЗИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ЛИСАБОНСКАТА КОМОРА**

** Генералниот секретар на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева,оствари средба со директорот на маркетинг на Португалската трговско-индустриска комора,Rita Sousa de Maced. На средбата, покрај другото,беше договорена и можноста за официјализирање на соработката преку потпишување на меморандум за соработка што би се случило во Скопје, кадешто се планира да се одржи наредниот бизнис-форум*

На 10 септември 2007 година во Лисабон, Португалија, беше одржан Лисабонско-македонски бизнис-форум, во организација на Министерството за економија на РМ. Форумот се одржа во рамките на активностите што ги презема Владата на Македонија за промовирање на земјата за време на претседателствувањето на Португалија со Европската унија.
На Форумот, беа презентирани инвестициските потенцијали во земјава, но и можностите за соработка меѓу бизнис-заедниците на Македонија и на Португалија.
Македонската владина и бизнис-делегација ја предводеше министерката за економија, Вера Рафајловска, која на Форумот ги претстави владините реформи за поттикнување на инвестициите, а беа презентирани и енергетските и туристичките потенцијали во земјава. Во рамките на бизнис-форумот беше презентиран и кусиот филм „Еден ден во Македонија“.
Од Македонија на бизнис-форумот учествуваа претставници од 14 компании, главно за производство и дистрибуција на храна, производство на индустриски пумпи, трговија, хотелиерство, текстил и друго.
Во рамките на посетата на Лисабон, генералниот секретар на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева, оствари средба со директорот на маркетинг на Португалската трговско-индустриска комора, Rita Sousa de Macedo. Двете комори меѓусебно разменија информации за работењето и за услугите што ги нудат, со можности за збогатување на услугите во Стопанската комора на Македонија и за користење на добрата пракса во работењето на Трговската комора на Лисабон, Комора со традиција од 173 години. На средбата беше договорена и можноста за официјализирање на соработката со потпишување меморандум за соработка на наредниот бизнис-форум, што би се одржал во Скопје.

**18.09.2007**

**Посета на претставници на Трговското аташе на амбасадата на Република Романија на Стопанската комора на Македонија - ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО МОЖЕ МНОГУ ДА СЕ СОРАБОТУВА**

** Експанзијата на инфраструктурни инвестици во Романија им отвараат шанса на македонските градежни компании за нивна промоција преку забрзан влез на романскиот пазар и изведување крупни градежни зафати*

- Економските движења во градежниот сектор во Романија, во последните неколку години бележат нагорна линија, со што тој се вбројува во еден од најбрзо растечките индустриски сектори во земјата - изјави Зеновиа Доина Пенеа, новоименуваниот трговски аташе при Амбасадата на Романија во Македонија, придружувана од досегашниот претставник Дан Сикоја, на протоколарната посета во Стопанската комора на Македонија. Разговорите беа водени со Љубица Нури, директор на Дирекцијата за промовирање и застапување на интересите на членките на Комората.
При тоа, беше потенцирано дека постојат голема раздвиженост и експанзија во работењето на градежните компании, коишто на 22 милионскиот романски пазар работат со полн капацитет и остваруваат значајни финансиски резултати. Станува збор, за инфраструктурни инвестиции насочени кон проширување на патната и на железничката мрежа на територијата на целата земја, како и изградба на градежни објекти за различна намена и други градежни зафати. Дел од нив ќе се реализираат преку користење финансиски средства од фондовите во ЕУ.

**24.09.2007**

**Тринаесетта средба на претседателите на Стопанските комори на земјите на поранешна Југославија на 24 септември во Бања Лука, Босна и Херцеговина - ЗАЛОЖБИ ЗА ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА ЦЕФТА 2006**

** Стопанските комори особено ќе се ангажират при елиминирање на нецаринските бариери во регионот, имајќи ги предвид одредбите на ЦЕФТА 2006 и барање од сите влади за нивно отстранување.*

Претседателите и овластените претставници на Стопанските комори од земјите на поранешна Југославија во Бања Лука ја одржаа 13 средба. Милош Бугарин (претседател, Стопанска комора на Србија), Дуња Коњевод (потпретседател, Хрватска стопанска комора), Никола Стоишиќ (претседател, Стопанска комора на Војводина), Владимир Вукмировиќ (претседател, Стопанска комора на Црна Гора), Зденко Павчек (претседател, Стопанска комора на Словенија), Љубица Нури (директор, Дирекција за промовирање и информирање на членките, Стопанска комора на Македонија), Милан Ловриќ (потпретседател, Надворешнотрговска комора на БиХ), Авдо Рапа (претседател, Стопанска комора на Федерацијата на БиХ) и Борко Џуриќ (претседател, Стопанска комора на Република Српска), расправаа за: Претстојните активности на коморите во врска со имплементацијата на ЦЕФТА 2006; Актуелни прашања за работата на коморите и за Надворешно-трговска размена во регионот.

**02.10.2007**

**Македонско-грчки бизнис-форум - СОЗДАВАЊЕ РЕГУЛАТИВНА РАМКА ЗА КВАЛИТЕТЕН ДЕЛОВЕН АМБИЕНТ**

** Агниадис Панагиотис: Не стивнува интересот на грчките компании за инвестирање во македонското стопанство*

** Бранко Азески: Потреба од инвестиции коишто ќе го доближат македонското стопанство до она на ЕУ*

Агниадис Панагиотис, генерален секретар и член на бордот на Унијата на трговско-индустриските комори на Грција, и претседател на Комората на Виотиа на Македонско-грчкиот бизнис-форум што се одржа во Стопанската комора на Македонија, порача дека не стивнува интересот на грчките компании за инвестирање во македонското стопанство.




Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија пред присутните (триесеттина грчки и педесетина домашни компании), ја истакна потребата од инвестиции коишто ќе го доближат македонското стопанство до она на ЕУ, како и фактот што токму тие инвестиции заедно со примената на стандардите на општествената корпоративна одговорност, ќе не поддржат во нашето изградување со европските партнери. Притоа, тој ја издвои потребата од инвестиции во развој на технологијата и на производството, соодветна на стандардите за квалитет и екологија, во финансискиот пазар и во инфраструктурата.

За Грците, пак, според Агниадис Панагиотис, особено атрактивни за инвестиции се градежништвото, земјоделството, енергетиката и туризмот.

Вера Рафајловска, министерката за економија, промовирајќи ги реформските зафати на Владата на Република Македонија, истакна дека "грчките инвестиции се добредојдени и се надева дека и при оваа посета деловните луѓе од двете земји ќе ги реализираат нивните бизнис-амбиции, креирајќи нови проекти и создавајќи успешни приказни во рамките на европското семејство".

- Активата на македонските банки кон крајот од минатата година изнесуваше 2,8 милијарди евра. Кредитите во депозитите на македонските банки учествуваат со 75 отсто, што во основа, значи дека постои простор за финансиска поддршка на профитабилните проекти - ги охрабри бизнисмените од двете земји Глигор Бишев, генерален директор на "Стопанска банка" (една од најголемите грчки инвестиции во земјава), и претседател на Групацијата за банкарство во Комората.



Ако на овој начин се врзуваат интересот, можностите и изгледната шанса за финансиска поддршка на проектите, Стопанската комора на Македонија, во името на деловната-заедница, побара од Владите на двете земји да имаат поголемо влијание врз олеснувањето на меѓусебната економска соработка.

- Потребно е што побрзо да се создадат билатералните регулаторни рамки, коишто ќе влијаат врз квалитетот на деловниот амбиент, а пред сè врз избегнувањето на двојното оданочување. И во оваа прилика, не можам, а да не го споменам прашањето што се однесува на процедурите за добивањето грчки визи за луѓето од бизнисот, процедура, којашто претставува една од пречките за унапредувањето-либерализирањето на

меѓусебната трговија. Два или три месеца чекање за да се добие термин, е отежнувачка околност. Особено за малите и средни фирми. Трговското претставништво на Република Грција, во рамките на своите ингеренции, секогаш ни излегувало во пресрет. Но, тоа се исклучоци - истакна претседателот на Комората Бранко Азески.

**03.10.2007**

**Претставници на Земјоделската комора на Словенија во посета на Стопанската комора на Македонија - ПРЕНЕСУВАЊЕ ИСКУСТВА ЗА РАЗВОЈ НА АГРОКОМПЛЕКСОТ**

Во Стопанската комора на Македонија, беше остварена средба меѓу претставниците на Земјоделската комора на Словенија, предводени од претседателот на Комората Петер Вриск и директорката Наташа Белингар со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. На разговорите присуствуваа и претставниците од Групацијата ЕРА и од секторот за земјоделство при Комората.



На средбата, меѓудругото, се разговараше за економската соработка меѓу двете земји, пред сî, за онаа од земјоделскиот сектор, а беа потенцирани и перспективите за соработка меѓу Словенија и Македонија. Посебно беше нагласено дека Словенија, како земја-членка на Унијата, на своите македонски колеги ќе им пренесе дел од искуствата, што како крајна цел треба да резултира со унапредување на агрокомплексот и со зголемување на конкурентноста на македонските производи на пазарите во ЕУ. Освен техничко советодавната помош, словенечките претставници ја нагласија подготвеноста за промовирање на Македонија пред нивните инвеститори, како и за реализирање на бизнис-контакти, а сî со цел за зголемување на инвестициите во Македонија.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, осебно ги нагласи важноста на Словенија и нејзината подготвеност, токму за време на нејзиниот мандат, да ја поддржи í да ја промовира нашата земја како идна членка на Унијата.

**09.10.2007**

**Македонски компании на Меѓународниот технички саем во Букурешт - „ТИБ 2007„ - ЗАВИДЕН ИНТЕРЕС ЗА МАКЕДОНСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА**

Од 2 до 6 октомври 2007 година, во Букурешт се одржа 33. Меѓународен технички саем - "ТИБ 2007". Станува збор, за меѓународна саемска манифестација за техника, којашто секоја година се одржува во саемот "Ромекспо" во главниот град на Романија.



Меѓународниот технички саем во Букурешт - "ТИБ 2007", претставува една од најголемите саемски манифестации од овој тип во Европа. Манифестацијата се одржува на површина од 47.000 м2 (35.000 м2 внатрешен простор и 12.000 м2 надворешен простор). Годинава учество земаа над 1.000 компании од цела Европа (Германија, Холандија, Италија, Швајцарија, Шведска, Унгарија, Бугарија, Турција, Хрватска и др.), од областа на машинството, електротехниката, хидроуликата, металургијата, енергетиката, хемиската и петрохемиската индустрија, транспорт и стоваришта, како и од областа на автомобилската индустрија.

Во организација на Стопанската комора на Македонија, Саемот го посетија десетина компании од Македонија, и тоа: "Раде Кончар" од Скопје, "Микрон" од Прилеп, "Тенико" од Битола, АМАК од Охрид, "Теоли инвестиции" од Охрид, "Дрвомонт" од Прилеп, "Ролоспас" и "Мапласт компани" од Прилеп.

За време на посетата на саемот нашите компании се промовираа пред тамошните партнери, остварија многу контакти со клиенти, средби со производителите, сервисери и потрошувачи и воспоставија нов бизнис-пристап.

Во рамките на оваа пет дневна саемска манифестација се одржаа семинари, тркалезни маси, технички презентации и промоција на производи, на коишто учество земаа и македонските компании.

**10.10.2007**

**Потпишана Конвенција за Фокална точка меѓу Стопанската комора на Македонија и Меѓународната франкофонска организација - ДОПОЛНИТЕЛНА ПАЗАРНА МОЖНОСТ ЗА МАЛИТЕ И СРЕДНИ БИЗНИСИ**

** Фокалната точка е специфична клетка, чијашто основна цел е поддршка на фирмите, понуди на услуги за мониторинг, помош и совети за фирмите. Таа има мисија да ги зголеми капацитетите на*

*фирмите за да одговорат на конкурентен начин на различните тендерски објави, финансирани од меѓународни организации*

Со потпишувањето на Конвенцијата за фокална точка меѓу Стопанската комора на Македонија и Меѓународната франкофонска организација, се официјализира функционирањето на т.н. Фокална точка којашто ќе биде интегрирана и управувана во рамките на Комората. Главна цел на функционирањето на ваков тип организациска структура е реализацијата на долгорочниот Проект познат како АМАДЕ, чијашто цел е зголемен пристап до пазарите за јавна помош како дополнителна пазарна можност за пласман на производите и/или услугите на малите и средни фирми од земјите во развој.

Фокалната точка е специфична клетка, чијашто основна цел е поддршка на фирмите, понуди на услуги за мониторинг, помош и совети за фирмите. Фокалната точка има мисија да ги зголеми капацитетите на фирмите за да одговорат на конкурентен начин на различните тендерски објави финансирани од меѓународни организации.

**17.10.2007**

**Средба на националните координатори на партнерскиот Проект АБК- ДИХК, со членовите на Управниот комитет за Југоисточна Европа при Асоцијацијата на Германските трговски и индустриски комори - ГЕРМАНСКИТЕ МАЛИ И СРЕДНИ ФИРМИ НЕЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН**

Малите и средни фирми од Република Германија се заинтересирани за домашниот пазар, како и за азискиот, за Далечен Исток и за Блиски Исток, за пазарот на САД и пазарите на земјите од средна и од Источна Европа. Западниот Балкан, за сега, не е во фокусот на нивниот интерес, а за Романија и за Бугарија, допрва ќе projават интерес.

Ова им беше кажано на националните координатори на партнерскиот Проект на Асоцијацијата на балканските комори (АБК) и Асоцијацијата на германските трговски и индустриски комори (ДИХК), од членовите на Надзорниот комитет за Југоисточна Европа, на заедничкиот состанок одржан во ДИХК, во Берлин, на 17 октомври 2007 година. Претставниците на трговскоиндустриските комори на Кемниц, Лајбциг, Дрезден (Саксонија), Магдебург, Десау, Хале (Саксонија Анхалт), Гера, Јена (Туринген) и Штутгарт (Баден Виртермерг), истакнаа дека интересот на нивното членство (коешто го сочинуваат мали и средни компании), е насочено пред сѐ кон познатите и соседските пазари на Централна Европа. Со далечноисточните и со блискоисточните пазари, САД и Источна Европа работат индиректно, како субконтрактори на големите фирми. Сепак, на домашен пазар, на кој сѐ уште има простор, се чувствуваат најкомотно. По зајакната промоција на романскиот и на бугарскиот пазар по нивното влегување во ЕУ, дури оваа година се забележува интересот за соработка, но и тој се оценува како недоволен.

Причините за ваквата состојба во односот на овој регион се: релативно малиот пазар, недоволната информираност, неподготвеноста за ризици, немање критична информација за пазарниот потенцијал.

**19.10.2007**

**Поддршка за малите и средни бизниси - ПРИКЛУЧОК КОН ЕВРОПСКАТА ПРОГРАМА (CIP) ЗА КОНКУРЕНЦИЈА И ИНОВАЦИИ**

** Стопанската комора на Македонија е дел од конзорциумот што го доби првиот Проект од ЦИП програмата - Основање на Европски информативен и иновативен центар*

Со потпишувањето на Договорот во Брисел, Македонија се приклучи кон Програмата за конкуренција и иновации на Европската унија. Македонија и Хрватска се првите земји кои не се членки на Европската унија, а кои се присоединија кон оваа Програма. Програмата за конкуренција и иновации на Европската унија има вкупно три програми, но штотуку поптпишаната е најзначајна и го носи најголемиот дел од инвестицијата, односно два милиони и 710 илјади евра. Посебно е значајна за малите и средните претпријатија на коишто ќе им овозможи интернационализација и можности за пристап до предпристапните фондови, како и начини за финансирање и формирање на центар за бизнис и иновации.

Преку Програмата за конкуренција и иновации, Европската комисија дава имплус на претприемништвото, иновациите и развојот на малите и средните претпријатија, коишто во ЕУ се сметаат за р`бет на националните економии.

**24.10.2007**



**Конзулот и прв секретар на Амбасадата на Република Црна Гора во посета на Стопанската комора на Македонија - ДОГОВОРОТ ЦЕФТА, ШАНСА ЗА ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ПОДЗАОСТАНАТАТА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА**

** Во разговорите, едногласно беше констатирана потребата од законско уредување на пазарот на работна сила, преку поптишување на билатерална конвенција меѓу Република Македонија и Република Црна Гора, со којашто ќе се регулира привремената работа во странство и ќе се признае*

*работниот стаж и придонесите од платата*
Интензивирање на економската соработка и унапредувањето на трговската размена меѓу Република Македонија и Република Црна Гора, беше целта на протоколарната посета на Фрањо Љуљѓурај, конзул и прв секретар на Амбасадата на Република Црна Гора, на Стопанската комора на Македонија,
На средбата беше потенцирано дека двете земји како атрактивни туристички центри, треба повеќе да се заземат за развој на туристичкиот сектор, особено преку заеднички промоции и обезбедување заеднички туристички пакет, атрактивен како за домашните, така и за странските туристи.
Се проценува дека постои добра можност и за унапредување на трговската соработка во пласманот на свеж и на преработени зеленчук и овошје, во извозот на вино во стаклена амбалажа и други алкохолни пијалаци, во металопреработувачкиот сектор - преку ревитализирање и активирање на постоечки бродоградилишта на црногорското крајбрежје.

**25.10.2007**
**Македонско-српски бизнис-форум од металопреработувачката област - КОМОРСКА АКЦИЈА ПРОТИВ НЕТАРИФНИТЕ БАРИЕРИ**
** Постојат голем број нецарински бариери коишто се регионална приказна и сите бизнис-заедници од овие простори треба да одат со исти, односно усогласени барања кон сопствените Влади*




- Република Србија и Република Македонија веќе целосно ја имаат либерализирано меѓусебната трговија и затоа не се очекуваат некои позначајни промени со примената на новиот Договор ЦЕФТА. Меѓутоа, сега предлагаме склучување на нова билатерална спогодба меѓу двете земји, во чии рамките би се формирала меѓувладина мешовита комисија за економска соработка, којашто би ги разгледувала сите прашања од областа на економската соработка - истакна, Миливое Милетиќ, директор на Бирото за меѓународна соработка во Стопанската комора на Србија, на Македонско-српскиот бизнис-форум од металопреработувачката област, што се одржа во Стопанската комора на Македонија (25.10.2007 година).
Покрај високиот степен на либерализација, претставниците од двете земји, на Форумот, ги апострофираа нетарифните бариери. Според, Љубица Нури, директорката на Дирекцијата за промовирање и информирање на членките во Стопанската комора на Македонија, беше посочен проблемот на учество на нашите компании на објавени тендери во Србија, што може да се третира како вон-царинска бариера.

**25.10.2007**
**Втор македонски деловен и инвестициски самит - СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - БИЗНИС ПОДДРШКА НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**
** М-р Јелисавета Георгиева: Најстарата и најбројна деловна организација од приватно-правен карактер со основна улога да ги поддржува, развива и да ги унапредува бизнисите, е појдовна точка за информирање на секој инвеститор, домашен или странски, пред воопшто да ја донесе конечната деловна одлука*
М-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија, на вториот Бизнис и инвестициски самит, што се одржа во Скопје (24-25 октомври 2007 година), истакна дека најстарата и најбројна деловна организација од приватно-правен карактер со основна улога да ги поддржува, развива и да ги унапредува бизнисите е појдовна точка за информирање на секој инвеститор, домашен или странски, пред воопшто да ја донесе конечната деловна одлука.
- Стопанската комора на Македонија е потпора и натаму, во процесот на организациското поставување на инвестицијата, како и поддршка кога таа станува деловна активност во Република Македонија. "Титан", "Вардал Доломит", "Кока кола", "Рамстор", "Кнауф", "Тондах" и многу други странски инвеститори, првичните информации ги добија од коморските експерти за деловен амбиент во земјата. Потоа, тие станаа активни чинители во коморското работење, преку нејзините тела, но и преку Советот на странските инвеститори, којшто е формиран од коморските членки - додаде, м-р Јелисавета Георгиева.
- Неговата функција е проактивно да ја следи економската политика на земјата и на регулаторната рамка, во којашто се одвива бизнисот. И, со помош на овој Совет, Комората активно учествува во проектот Правна гилотина, со досега укажани и иницирани над 230 промени во регулаторната сфера.
На дводневниот Самит за бизнис-инвестиции, присуствуваа околу 150 претставници на државни институции и компании од дваесетина европски земји. Ова е втор ваков Самит во Македонија што го организираат Европската финансиска комисија и Македонската агенција за странски инвестиции. Собирот го отвори вицепремиерот Зоран Ставрески, кој ги презентираше причините и поволностите за инвестирање во Македонија.

# УСЛУГИ ЗА ЧЛЕНКИТЕ

## Примена на меѓународни стандарди

Стопанската комора на Македонија, преку Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, и понатаму е сервис на фирмите заинтересирани за воведување на менаџмент-системите, неопходни за зголемување и подобрување на конкурентноста на истите на глобално ниво:

- Се отпочна и продолжи со имплементацијата на системите за менаџмент со квалитетот согласно меѓународниот стандард ISO 9001, во 8 компании;
- ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА МЕНАЏМЕНТ СО ∂ИВОТНАТА СРЕДИНА СОГЛАСНО ИСО 14000, ВО ЕДНА КОМПАНИЈА;
- Отпочна имплементацијата на системот за безбедност на храната или систем за анализа на критични контролни точки - HACCP, во согласност со холандската спецификација, во 4 компании;
- Во соработка со British Standard Institution (BSI), се сертифицираа системите за менаџмент со квалитетот согласно меѓународниот стандард ISO 9001, во 10 компании;
- Се реализираа 100 денови на континуирани проверки на имплементираните менаџмент-системи во претходно сертифицирани фирми.

Стопанската комора на Македонија, преку Центарот за квалитет зема учество на значајни манифестации (семинари, конгреси, конференции), кои ги покриваа прашањата од релевантната проблематика-меѓународни стандарди:

- Семинар за безбедност на храната во организација на TAIEX (Techical Assistance Information Exchange Instrument), (16-17.01.07),Брисел;
- Конференција за безбедна храна во организација на Биотехнолошки факултет, (28.09.07), Битола;
- Состанок на Управниот комитет на EFSA (European Food Safety Authority), со македонските власти и инволвирани страни (09.10.07), Скопје;
- Денови на комуникација со клиенти (Communication day with the clients- BSI), - презентирање на нови меѓународни стандарди (26.10.07), Нови Сад.

## 13.06.2007

Стопанската комора ма Македонија, е основач и почесен корпоративен член на Македонската алијанса (HACCP).

Македонската алијанса - HACCP, е Здружение на граѓани коешто во својот мандатен период ќе дејствува на планот на организирање на интегриран пристап кон сеопфатно стандардизирање на прехранбениот и земјоделскиот сектор во Република Македонија.

Македонската алијанса - HACCP, како лоби-група и група за притисок, активно ќе учествува во јакнењето на плуралната демократија и механизмите на граѓанското општество поради вклучување во пошироката општествена акција за имплементација на слобода на пазарот, гарантирана со Уставот, сеопфатно стандардизирање на земјоделскиот и прахранбениот сектор и градење на функционална пазарна економија во Република Македонија, којашто ќе може да ја издржи компетитивноста на меѓународниот пазар, како важен услов за отварање на преговорите за полноправно членство во Европската унија.

## ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во периодот од 01.01.2007 до 31.12.2007 година, во Вашата бизнис-канцеларија се издадени:

- 1850 сертификати за потекло на производите (форм А);
- 12846 сертификати за потекло на производите (oриѓин);
- 182 ATA - карнети;
- 164 потврди за ексклузивитет;
- 4 потврди за единствен производител;
- 3600 препораки за визи;
- 66 потврди за членство во Комората;
- 200 заверки на фактури, договори и други документи (со печат видено во Комора);
- 14 мислења за исполнување на економските услови;
- 2 потврди за виша сила.

## GS1 Македонија

Трендот на зголемување на членството во GS1 Македонија, континуирано присутен сите овие изминати години, продолжи и во 2007 година, со 85 новозачленети компании и 4 фирми коишто го прошириле капацитетот (3 фирми од 100 на 1.000 и 1 фирма од 10.000 на 100.000). На крајот на октомври 2007 година, вкупно 1.241 фирми од Македонија се членки на GS1 Македонија, коишто со баркодирањето на своите производи и услуги се вклучени во современите светски текови на трговијата и се дел од меѓународното семејство од преку 1.000.000 компании, користејќи го заедничкиот јазик и глобалните стандарди за подобрување на својата конкурентност.

Во текот на 01.10.2007 година издадени се 89 решенија за доделување на Единствен матичен GS1 број, и тоа на 67 фирми со капацитет за баркодирање до 100 различни артикли, на 16 фирми со капацитет за баркодирање до 1.000 различни артикли, на 4 фирми со капацитет од 10.000 броја и на 2 фирми со капацитет до 100.000 артикли.

Доминантен број на членките, 99.5 отсто, се мали и средни фирми. Меѓутоа, во GS1 Македонија членуваат и големи компании и системи, значајани чинители на македонската економија, етаблирани во националната и меѓународната бизнис-заедница. Структурната застапеност на членството по дејности останува и во 2007 година иста, односно доминираат секторот на производството и секторот на трговијата, со приближно изедначено учество од околу 50 отсто, додека учеството на другите сектори е минимално.

GS1 Македонија, сите свои нови членки и членките коишто редовно ја надоместуваат членарината, ги вклучува во светскиот регистар на фирми преку меѓународниот Проект GEPIR.

Бенефициите за македонските компании - членки на GS1 Македонија, е можност за деловно поврзување со преку 1.000.000 компании од светот, со едноставно пребарување на web-страницата на GS1 преку GTIN бројот на производот (бар кодот) и истовремено можност странските компании да стапат во контакт со македонските компании за остварување на деловен контакт.

Во извештајниот период, значителни напори се вложени во афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија, што придонесе за значително зголемена афирмација и видливост на GS1 Македонија не само во национални, туку и во меѓународни рамки.

GS1 Македонија, учествуваше во работата на Глобалниот форум GS1 (Брисел, Белгија, февруари 2007), на домашни и меѓународни симпозиуми.

GS1 Македонија организираше и едукативни семинари за определени области на примената на GS1 системот.

Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите GS1 Македонија, учествуваше на тркалезната маса, **“Меѓународни GS1 стандарди во здравството и фармацијата” (22.02.2007), во Белград, Република Србија,** на којашто се анализираа можностите за примена на меѓународните GS1 стандарди во здравството и фармацијата. Учесници беа експерти од Меѓународната GS1 организација и од голем број земји во регионов.

GS1 Македонија учествуваше на регионалниот тренинг-семинар за *следливост во ланецот на производство, снабдување и промет на производи* (13-14 јуни, 2007год.), Загреб во организација на GS1 Хрватска.

Под покровителство на Стопанската комора на Македонија, а во организација на издавачката куќа "Робинсон" од Хрватска, на 16 и на 17 октомври 2007 година, се одржа 3. Македонски стручен симпозиум "Пекарство и слаткарство", на тема: "Нови трендови во европското пекарство". Целта на симпозиумот беше запознавање на стопанските субјекти со состојбите во пекарската индустрија, новите трендови и усогласеноста на законската регулатива на Република Македонија со Европската унија, како и запознавање со новите технологии за модерно пекарство и принципите на означувањето и кодирањето на прехранбените производи, особено пекарските, слаткарските и мелничарските производи. Во присуство на 70 учесници од земјата и од странство, стручни предавања одржаа 20 врвни стручњаци од: Германија, Австрија, Белгија, Холандија, Словенија, Хрватска и Македонија.

**03.04.2007**

**Одржано годишното Собрание на GS1 Македонија**

Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - GS1 Македонија, минатата година постигна исклучителни резултати, ги надмина планираните развојни цели и финансиски резултати.

На 2 април 2007 година, се одржа втора седница на Собранието и трета седница на Управниот одбор на GS1 Македонија. Притоа, беа анализирани клучните активности на GS1 Македонија во минатата година, коишто беа



насочени кон: Усогласување на организацијата и работата на GS1 Македонија со правилата и актите на Меѓународната организација GS1; Реорганизација на тековното работење на GS1 Македонија, со постојните и потенцијалните членки; Национална и меѓународна афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија.
Претседателот на GS1 Македонија Бранко Азески, во своето излагање на годишното собрание изрази задоволство од темпото на развој на GS1 Македонија, зголемениот асортиман  и квалитетот на услугите што се нуди на бизнис-заедницата, а особено на своите членки. За тоа зборуваат и низа факти. Трендот на зголемување на членството во GS1 Македонија е континуирано присутен сите овие изминати години, достигнувајќи ја бројката од 1.158 фирми-членки, коишто со баркодирањето на своите производи и услуги, се вклучени во современите светски текови на електронската трговија.

**08.06.2007**

## Меѓународни ГС1 стандарди во здравството и фармацијата - КЛУЧНИ ФАКТОРИ ЗА ЗАБРЗУВАЊЕ НА РЕФОРМИТЕ

Под покровителство на Министерството за здравство, GS1 Македонија во соработка со GS1 Србија и Црна Гора, на 7 јуни 2007 година, одржа семинар „Меѓународни GS1 стандарди во здравството и фармацијата” во Стопанската комора на Македонија.
- Зголемувањето на свеста на сите учесници во здравството и фармацијата за неопходноста од имплементацијата на меѓународните GS1 стандарди во нивното работење, е еден од клучните фактори од коишто зависи успешноста на реформските зафати и претстојната стандардизација на здравствениот сектор во Република Македонија, поради задолжителната хармонизација со европската легислатива во овој сектор - истакна  прим. м-р  Илчо Захариев, директор на Бирото за лекови, во воведното излагање на семинарот. - Министерството за здравство дава полна поддршка на работата на GS1 Македонија и апелира до сите субјекти во здравствениот сектор да се зачленат во GS1 Македонија.
Од  GS1 Македонија, истакнуваат дека вклучувањето на субјектите од здравствениот сектор во GS1 системот, е од витална важност за нивното функционирање, особено доколку сакаат да се вклучат во меѓународните економски текови. Со зачленувањето во GS1 Македонија и добивањето на свој Единствен матичен GS1 број, ги баркодираат своите производи или услуги, со што ги следат и ефикасно имплементираат стандардите на GS1 системот, ја зголемуваат својата видливост и конкурентност на домашниот и на странскиот пазар, зголемувајќи ја при тоа својата ефикасност и профитабилност.




# ВЕСТИ ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ

**ИК Банка - НАЈДОБРА ВО 2007 ГОДИНА**
"Извозна и кредитна банка" АД, Скопје, е добитник на признанието „Најдобра банка“ во Македонија во 2007 година, од магазинот „Фајненс Сентрал Јуроп” од Лондон. "ИК банка" е добитник на признанието во категорија средни и мали банки со што се потврдува успешноста во нејзиното работење, како средна по големина банка во земјата.
Банките беа рангирани според активата, капиталот, остварениот профит, РОА и РОЕ од коишто показатели особено се издвои и се награди, најдобрата банка.

ИК БАНКА

**"Брилијант", Штип - ПУШТЕНА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА**
Штипската фабрика за масло „Брилијант" ја пушти во функција пречистителната станица, со што се спречува секаква можност отпадните води од фабриката да бидат причина за загадувањето на водите на Брегалница, најголема река во источна Македонија. Станува збор, за единствен ваков објект изграден во нашата држава, во којшто „Брилијант" вложи половина милион евра. Ваквата технологија, покрај тоа што беспрекорно ги пречистува отпадните води од фабриката, овозможува 75 отсто од тие води повторно да се користат за нејзините потреби. Тоа ја прави целата инвестиција исплатлива, а пресметките во компанијата покажуваат дека парите вложени во овој објект ќе се вратат за околу седум години.

**„ЕУРО-ЛИНИЈА„ - нов покровител на Стопанската комора на Македонија**
Во групата на успешните компании-покровители на Стопанската комора на Македонија, се приклучи уште една компанија - "Еуро Линија" ДООЕЛ - Скопје, со цел поддршка и унапредување на функциите на работењето на Стопанската комора на Македонија во насока за поуспешно извршување на нејзините функции, цели и задачи коишто се во интерес и на покровителот.

Со своето појавување во 1996 година, "Еуро Линија", воведе нов начин на работа во рекламирањето на локално, но и на национално ниво. Секој производ побрзо стигнува до корисниците доколку за него се дознае побрзо - секој производ и услуга изгледаат поубаво, доколку се видат на билборди со големина 3 х 4 метри, коишто се идеални за рекламирање.

**"Витаминка„ - Прилеп - ЗАЕМ ОД ЕБОР ЗА НОВИ ПРИЗВОДИ И ЗГОЛЕМЕН ИЗВОЗ**




ЕБОР обезбедува заем од 4 милиони евра за ,,Витаминка", најголемиот производител на брендирана храна во Република Македонија, за производство на нови производи и за поддршка на нејзиното проширување во Западен Балкан и во другите региони.
,,Витаминка", ќе го користи заемот за купување нова опрема за производство и пакување. Заемот ќе биде обезбеден од Програмата за локални претпријатија од Западен Балкан на ЕБОР - Италија, која обезбедува индивидуални инвестиции во обем од 1 до 4 милиони евра.
- Заемот од ЕБОР, којшто се совпаѓа со 50-годишниот јубилеј на ,,Витаминка", ќе í помогне на компанијата да го подобри квалитетот на постоечките производи и да равие широк асортиман на нови производи, што ќе бидат понудени на пазарите во регионот. Проектот ќе í овозможи на ,,Витаминка" понатамошно зголемување на бројот на вработените за дополнителни 40-50 работници потребни за новата производствена линија, - истакна Симон Наумоски, генерален директор на ,,Витаминка".

# ЗА РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ

**27.03.2007**
**Управен одбор на Регионалната комора со седиште во Битола - БАРАЊА ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ВИЗНИОТ РЕЖИМ**
Стопанствениците од регионот реагираат на начинот на вадење на визите и даваат поддршка во преговорите со ЕУ, за што побрзо завршување на преговорите за визниот резим. Исто така, предлагаат да се скратат потребните документи за вадење визи, да се намалат цените и да се овозможат подолги рокови (пет години), на траење на визите.

**15.06.2007**

**Вицепремиерот Живко Јанкуловски и министерката за економија Вера Рафајловска во посета на бизнис-заедницата во Битола - ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС-КЛИМАТА**

Стопанствениците од регинот во Битола на средбата со министерката за економија Вера Рафајловска и вицепремиерот Живко Јанкуловски, имаа можност да поразговараат за актулените проблеми во стопанството, како и да ги разгледаат предлозите за подобрување на работењето на бизнис-заедницата и државата во целина.

На средбата беше разговарано за актуелните проблеми што моментално го притискаат земјоделството, со посебен акцент за откупот на зеленчукот, пченицата и млекото. Исто така, од Благој Стојчев, претсетдателот на Управниот одбор на Регионалата комора со седиште во Битола, беше повторно потенцирана големата потреба од поврзување на двата најголеми градови во државата, Скопје и Битола со автопат. Беше разгледувана и можноста за намалување на давачките за личните доходи на вработените; потребата од надоместување на долговите на јавните претпријатија кон компаниите; потребата од намалување на каматните стапки на кредитите одобрувани од банките; можностите за користење на предпристапната помош од Европската унија.

**22.03.2007**

**Заедничка седница на Управните одбори на Регионалните комори на Стопанската комора на Македонија од Прилеп, Битола, Охрид и од Кичево**

Потпретседателот на македонската Влада Зоран Ставрески, присуствуваше во Битола на заедничка седница на управните одбори на регионалните стопански комори од Прилеп, Битола, Охрид и од Кичево.
- Предлозите на стопанствениците ќе ги преточиме во активни политики со цел бизнис-заедницата да биде поедноставна и поефикасна. Тоа е значајно за конкурентноста на македонската економија и затоа на овие прашања ќе работиме во партнерски однос, рече вицепремиерот Ставрески. Очекуваме, додаде тој, пречистената листа на законски и подзаконски акти и одлуки да ја имаме во јули. - Потоа ќе следат промени, што значи во септември бизнис-заедницата ќе може полесно да дише, истакна Ставрески.
Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, рече дека Владата активно ја вклучи Комората како партнер во процесот на ревидирање на формалностите и административните пречки што ја оптоваруваат деловната активност на стопанските субјекти, за што потпишаа и Меморандум.

**28.03.2007**

**Регионална комора со седиште во Прилеп**




Во просториите на Регионалната комора со седиште во Прилеп, се одржа проширена седница на Управниот одбор на Регионалната комора, во присуство на министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески, градоначалникот на општината Марјан Ристески и пратениците од овој регион.
Главна тема на разговорите беа стратешките заклучоци и приоритети донесени од страна на Управниот одбор на Регионалната комора во текот на претходните седници. Тоа се однесува посебно на:
*Изградба на магистралниот пат М-5 (Струга-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес преку Бабуна), како централна патна врска којашто има големо значење за овој регион, државата и нејзиното опкружување. За таа цел, од страна на Регионалната комора со седиште во Прилеп, покрената е иницијатива којашто е парафирана од страна на градоначалниците на Охрид, Ресен, Битола, Прилеп, Крушево и Велес,како и од претседателите на Регионалните комори, истата е доставена до премиерот Никола Груевски и до министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески.

**27.08.2007**

**Претставници на локалната самоуправа и бизнис-секторот од Прилеп, во посета на Словачка**

** ХАКЛ од Иванка при Дунаи/Братислава, ја изрази заинтересираноста да отвори фабрика за производство на проточни бојлери, подногреење и сончеви колектори во Прилеп и работно да ангажира од 100 до 300 работници*

По покана од градоначалникот Петер Балаж, од местото Тополчани во Словачка, а во организација на Регионалната комора прва локалната самоуправа, во периодот од 16 до 20 август 2007 година, делегација од општина Прилеп престојуваше во Република Словачка. Тие ги посетија Тополчани, Нитра и Братислава.

На разговорите при билатералните средби меѓу стопанствениците, се заклучи дека постои голем интерес за меѓусебна соработка. Лоциран беше интересот за нашите производи од прехранбената индустрија, мермерот, дрвната индустрија, како и голема потреба од рботна сила - квалификувани работници.

**28.05.2007**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - Посета на општината Инџија во Република Србија**



На 16 и на 17 мај 2007 година, делегација на општина Прилеп предводена од градоначалникот Марјан Ристески и претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Симон Наумоски, оствари работна посета на општина Инџија, Република Србија. Целта на посетата беше да се воспостават контакти и разменат искуства меѓу двете општини во врска со функционирањето и менаџирањето на општините и начинот на соработка меѓу општините и бизнис-секторот.

**28.09.2007**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - ГРЧКИ ФИРМИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ ЗЕМЈА**

Делегација од Прилеп, беше во еднодневна посета на Саемот во Кожани.
За време на посетата се одржа средба меѓу прилепската делегација и претставниците на градот Кожани.
За време на средбата беше изразена заедничка желба за поголема соработка на економски план. Грчките фирми се интересираа за условите и за предностите за инвестирање, за законската регулатива и за ресурсите што ги нуди регионот на Прилеп.

**01.10.2007**

**Регионалната комора со седиште во Прилеп - СО ВОЛОНТИРАЊЕ ДО РАБОТНО МЕСТО**

Во текот на волонтирањето, младите високостручни кадри активно учествуваа во сите активности што ги извршува Регионалната комора, подготвување на седниците на Управниот одбор, бизнис-средбите со стопанствениците од регионот, како и во средбите со гости од владините институции и од странство, со што им се понуди шанса успешно да го промовираат своето знаење и умеење пред стопанствениците, што резултираше со нивно работно ангажирање.
Преку волонтирањето, анимирањето и препораките од Регионалната комора, заклучно со 28.9.2007 година, се вработија 19 млади високостручни кадри.

**09.10.2007**

**Заедничкиот состанокот на Регионалните комори од Прилеп и од Битола - ГАСОВОД И АВТОПАТ ЗА ПРЕПОРОД НА БИЗНИСОТ**

По иницијатива на Регионалната комора со седиште во Битола, во Прилеп се одржа заеднички состанок на двете комори. На состанокот присуствуваа градоначалникот на општина Прилеп Марјан Ристески, претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп Симон Наумоски, претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола Благој Стојчев, и членови од Управните одбори на коморите.
Главни теми на состанокот беа: Изградба на магистрален гасовод во правец на Прилеп и на Битола и актуелизирање на изградбата на автопатот (не магистрален пат), на делницата од Велес до Прилеп (преку Бабуна), Битола-Ресен-Охрид-Струга со крак до Меџитлија.
Учесниците едногласно ги поддржаа двете иницијативи.
Имајќи ја предвид финансиската ситуација на Република Македонија, присутните предложија автопатот да се финансира со кредитно задолжување на државата или со издавање под концесија, додека финансирањето на магистралниот гасовод во правец на овие региони, да се финансира со наплатата на клириншкиот долг на Русија, онака како што тоа денес го решава, односно има во план да го реши, Владата на Република Македонија.
Изградбата на автопатот и гасоводот ќе бидат во согласност со Законот за рамномерен регионален развој, којшто неодамна го донесе Владата на Република Македонија, а по мислење на мнозинството овој регион заостанува во однос на другите региони.

**25.10.2007**

**Регионална комора со седиште во Прилеп**

** Средба на членовите на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп соКарл Хајнц Грасман, заменик претседател на Управниот одбор на ЕСМ-ЕВН*




На 24.10.2007 година, Стопанската комора на Македонија и Регионалната комора со седиште во Прилеп, организираа средба на членовите на Управниот одбор на Регионалната комора – Прилеп, со заменик претседателот на Управниот одбор на ЕСМ-ЕВН Карл Хајнц Грасман. Тие извршија презентација за состојбите во снабдувањето со електрична енергија и со наплатата на побарувањата во регионот на општина Прилеп.

**09.03.2007**

**Регионална комора со седиште во Куманово**

Регионалната комора со седиште во Куманово, претставувана од претседателот Марјан Трајковски и Центарот за вработување на Куманово на Агенцијата за вработување на Република Македонија, застапувана од Мирче Ангеловски, потпишаа Меморандум за разбирање (партнерство), за соработка на локално ниво. Меморандумот има за цел да обезбеди повисоко рамниште на делување на Регионалната стопанската комора и општинскиот Центар за вработување, во рамките на локалната самоуправа.

**29.03.2007**

**Регионална комора со седиште во Куманово - ПОДЕДНАКВА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ ВО ЦЕЛАТА ЗЕМЈА**

** На Управниот одбор на Регионалната комора, на којшто учествуваа и претставници на Владата, се расправаше за Регулаторната гилотиња, а стопанствениците истакнаа дека воРепублика Македонија имаме добри прописи, меѓутоа, тешко се одвива нивната имплементација*

** Најмногу забелешки, деловните луѓе од овој регион имаа на царинската бирократија, администрацијата, сивата економија и регулирањето на платниот промет*



**03.04.2007**

**Регионални комори со седиште во Кочани и во Берово**

Управните одбори на Регионалните комори со седиште во Кочани и во Берово, одржаа заедничка седница на којашто се водеше расправа (30.3.2007 година), на тема „Регулаторна гилотиња - иницијативи на стопанството“. Забелешките од членовите на Регионалната комора најмногу се однесуваа на проблеми во започнувањето и одржувањето на бизнисот, царинењето на стоките и услугите, како и во областа на банкарското работење.



**03.04.2007**

**Регионални комори со седиште во Штип и во Струмица**

Управните одбори на Регионалните комори со седиште во Штип и во Струмица, во проширен состав, на заедничка седница (30.3.2007 година), расправаа за проектот на Владата на Република Македонија за Регулаторнатата гилотиња. На седницата присуствуваа околу 20 компании од регионот.

**30.03.2007**

**Регионална комора со седиште во Велес - ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРОЦЕДУРИ**

** Стопанствениците побараа да се укинат прописите од некогашната СФРЈ, да се дефинираат нови трговски узанси, коишто за жал не се изменети со години*

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Велес, во проширен состав, расправаше за проектот на Владата на Република Македонија за Регулаторнатата гилотиња.

**26.09.2007**

**РЕГИОНАЛНА КОМОРА ВЕЛЕС - Национална кампања за вработување**

"Стоп за непријавената работа", е насловот на темата на трибината што се одржа во Велес на (19.9.2007 година), како дел од Националната кампања за вработување. Целта на оваа кампања е работниците да добијат постојани вработувања, а работодавачите да ја осознаат штетата од вработувањата на црно.

- Неопходно е да се подигне свеста на работодавачите, како и свеста на вработените за да ги остварат своите права, изјави министерот за труд и социјална политика Љупчо Мешков.

На барање на работодавачите, за да им се овозможат одредени намалувања на обврските за да ги пријават непријавените работници, министерот Мешков, објасни дека во рамките на кампањата заедно со преставниците на синдикатот и со Асоцијацијата на работодавачи, и Владата, ќе ги разгледаат сите можности за одредени намалувања на обврските на работодавачите кон непријавените работници.

**26.11.2007**



На 19.11.2007 година, на Управниот одбор во проширен состав со присуство на градоначалниците на општините од Прилеп, Крушево, Долнени и Кривогаштани, како и претставници на Друштвото за наука и уметност: Марјан Ристески, Левкија Гажоска, Изудин Каришиќ и Горан Каравилоски, и претставници од други институции од нашиов регион.

**На седницата расправа се водеше за актуелните состојби во стопанството од овој регион. Притоа, беа донесени заклучоци:**

- Доизградба на третата лента на патниот правец преку Плетвар;
- Изградба на патниот правец од Велес-Прилеп-Битола-Ресен-Охрид до Струга;
- Изградба на двете хидроелектрични централи на Црна река, Чебрен и Галиште;
- Извршеното лобирање до Владата на Р.Македонија, тутунот како стратешка суровина да биде во првите приоритети за развој на регионов;
- Изградба на пречистителна станица за прибирање и пречистување на отпадните води на градот Прилеп;
- Донесување Закон за легализација на диво изградените објекти со што ќе се овозможи сопствениците да си ги легализираат диво изградените објекти, а државата и локалните самоуправи да дадат поголем прилив средства за нови инвестиции во инфраструктурата.

2. Изградбата на регионалниот гасовод.

3. Локалната самоуправа на општина Прилеп, да планира изградба на нова индустриска зона за гринфилд инвестиции и истата да ја понуди за изградба по пат на јавното-приватно партнерство меѓу Општината и приватниот сектор.

**07.12.2007**

Во Битола се сретнаа градежните компании од овој регион и од Република Романија. Средбата беше во организација на Регионалната комора со седиште во Битола и во соработка со конзулатот на Република Романија во Битола. Градежните компании од Битола и од Прилеп имаа исклучително успешни деловни контакти со компаните здружени во Асоцијацијата на градежни компании – АРАКО, од Република Романија.

Од македонска страна беа присутни 15 компании од градежниот сектор којшто опфаќа проектирање, изведување и надзор на објекти од високоградба, нискоградба, челични конструкции, греење и други завршни работи во градежништвото. Тие договараа бизнис-зделки со 14 фирми од истата дејност од Република Романија. Средбата меѓу компаниите побуди голем интерес и во директните контакти сите присутни фирми воспоставија првични контакти коишто во блиска иднина се очекува да донесат соработка меѓу нив.

# ТРИБИНИ, СЕМИНАРИ, БИЗНИС-ФОРУМИ, САЕМИ

**21.01.2007**

**Саемска манифестација во Адана, Република Турција, од областа на градежништвото**

Од 21 до 25 февруари 2007 година во Адана, Република Турција, се одржа Саем за опрема за градажништво, технологии на изградба и машини за градежништво, Адана construction 2007 и ИХС 2007 којшто се однесува на конструкции за греење, вентилација, ладење, системи за гас, инсталации и изолации. Со поддршка на Трговското претставништво на Република Турција во Република Македнија, Стопанската комора на Македонија организира национелен штанд од 50 м2, на којшто македонските компании се претставија преку изложување на своите производи или своите репрезентативни материјали.

**26.01.2007**

**Саем за пекарство, сладолед и чоколадо "Сигеп 2007", Римини - Италија**

Во организација на Стопанската комора на Македонија, стопанска делегација составена од 26 компании од прехранбената индустрија, го посети 28-от Саем за пекарство, сладолед и чоколадо "СИГЕП 2007", што се одржа во Римини, Република Италија, од 20 до 24 јануари 2007 година.
За членовите на делегацијата беше организиран прием од страна на г-ѓа Роберта Масини, директор за маркетинг и за соработка со странство при Саемот во Римини, со соработниците.
Г-динот Кемал Папранику, сопственик на фирмата "Кеском" од Струга, на г-ѓата Масини ѝ подари охридска пастрмка, изработена од тесто...
За време на одржувањето на Саемот, македонските бизнисмени остварија многубројни бизнис-контакти, а некои од македонските компании склучија договори за набавка на опрема и машини за пекарската индустрија во вредност од над 300.000 евра.

**14.02.2007**

**Соочување на бизнис-заедницата со судската власт во Стопанската комора на Македонија - БИЗНИСОТ БАРА МОДЕРНО, ЕФИКАСНО И ЕКОНОМИЧНО СУДСТВО**



Претставниците на бизнис-заедницата и судската власт во Стопанската комора на Македонија начелно се договорија нивната прва меѓусебна средба и соочување (13.2.2007 година), да не биде и последно. Иако, Драган Тумановски, претседател на Здружението на судиите, спомена дека очекувал фронтален и оркестриран напад на деловните луѓе врз судството, и тој, и другите претставници на судската и извршната власт, меѓу кои беа и министерот за правда, Михајло Маневски, претседателот на Републичкиот судски совет Бекир Исени и претседателите на судовите од земјава, сепак, на крајот побројниот дел констатираа дека присуствувале на коректна расправа за состојбите во судската власт, погледнато од аголот на бизнисмените и нивните искуства. Заедничка беше констатацијата дека се неопходни натамошни почести соочувања на бизнисот и судската власт, а Комората најави дека ќе организира средби по одредени посебни аспекти од оваа област, со неодминливото барање, законските проекти коишто имаат допрни точки со стопанството уште во фазата на нивното донесување да бидат достапни до бизнис-заедницата во функција на донесување на квалитетни решенија.
Ваквото барање на бизнис-заедницата се темели токму на сегашната сосема спротивна состојба, којашто Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, ја сведе генерално на незадоволството на бизнисот од бавното (со тоа и скапо), водење на судските постапки, начините на решавањето на должничко-доверителните односи и воопшто од решавањето на стопанските спорови. Претставниците на судската власт и министерот за правда имаа и можност да слушнат од прва рака   низа искуства на деловните луѓе за многу спорови на коишто потрошиле многу време, пари и нерви во судските сали, честопати без завршница.
Стопанската комора на Македонија, бара судовите за споровите од областа на стопанството да постапуваат во разумен рок, а пред сѐ во должничко-доверителските предмети кадешто се јавуваат како странки мали и средни трговски друштва, во постапувањето по предметите за јавните набавки, извршување на инструментите на платниот промет и слично.

**27.03.2007**

**Бизнис-заедницата на средба со директорот на Царинската управа Ванчо Каргов, во скопскиот хотел „Алексанадар Палас„ - ЕФИКАСНА, ТРАНСПАРЕНТНА И ИНВЕНТИВНА ЦАРИНА КЛУЧНА ЗА БИЗНИС-АМБИЕНТОТ**

Стопанската комора на Македонија и Царинската управа имаат заедничка цел - подобрување на бизнис-амбиентот, како основна претпоставка за интензивирање на економскиот развој, којшто позитивно ќе се рефлектира во севкупните општествено-економски движења во земјава. Токму од тие причини соработката по потпишаниот Меморандум меѓу двете институции продолжува, а во скопскиот хотел "Александар Палас" преку стотина деловни луѓе - членки на Комората имаа средба (26.3.2007 година) со првиот човек на Царинската управа, Ванчо Каргов.

- Императив е олеснувањето на меѓународната трговија преку спроведување ефикасни, брзи и лесно разбирливи царински постапки. Интерес на стопанството е да има ефикасна, транспарентна и инвентивна Царинска управа. Таа постигна значителен напредок од својата независност, но сѐ уште поминува низ




период на неоходни промени за да може успешно да одговори на предизвиците и задачите - оцени Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија. - На тој план даваме безрезервна поддршка. Но, сепак, во делот на олеснувањето на транспортот, трговијата и подобрувањето на бизнис-амбиентот сѐ уште имаме нереализирани барања, некои писмено доставувани неколку пати во последниве две години. Тие, меѓу другото, се однесуваат на воведувањето интегрирано гранично управување и едношалтерски систем за побрз проток на стоки и услуги, обезбедување јасни и транспарентни процедури, правична наплата на увозните давачки, надминување на проблемите при увозот за облагодорување и намалување на банкарските гаранции. Стопанствениците бараат унифицирање и поедноставување на евиденцијата на увоз на репроматеријали за производство за извоз, преиспитување или намалување на нетарифните давачки, целосна примена на правилата за утврдување на царинскиот долг, единствени цени и единствено толкување на прописите на сите царински испостави, намалување на трошоците за престој на терминалите, намалување на административните бариери и елиминирање на непотребните дискрециски права на Царинската управа, што создаваат простор за коруптивно однесување.

- Пред Царинската управа, во наредниот период се наоѓаат три основни задачи: спречување на корупцијата, подобрување на нејзиниот институционален капацитет и подигање на нејзината информатичка основа на задоволително ниво - истакна Ванчо Каргов. - Што помалку дискрециони права, толку се и помали можностите за коруптивно однесување и тука се согласуваме со бизнис-заедницата.

**20.08.2007**

**Саем “Агро Евроазија 2007“ во Истамбул, Република Турција**

Во Истанбул во Република Турција, од 6 до 10 август 2007 година, стопанска делегација од Република Македонија беше гостин на турската Влада, за време на одржувањето на Саемот за земјоделство „Агро Евроазија 2007„.

Во организација на Стопанската комора на Македонија, Владата на Република Турција и Амбасадата на Турција во Македонија, група стопанственици од Република Македонија ги презентираа своите производствени капацитети и развојни планови во директни контакти со турски компании и бизнисмени. Стопанската делегација од Македонија, составена од над 30-тина стопанственици од 15 компании, оствари голем број контакти со турски бизнисмени. Турските компании изразија интерес и за инвестирање во Република Македонија, претежно во отворање капацитети за производство на додатоци и концентрати за добиточна храна, за производство на пилешко месо, за ветеринарни лекови и сл.

Вниманието на македонските компании посебно беше свртено кон земјоделската механизација.

**14.03.2007**

**Меѓународниот саем за мало стопансто во Минхен, СР Германија -**

Во Минхен, СР Германија, од 8 до 14 март 2007 година, се одржа Меѓународниот саем за мало стопанство. Во организација на Стопанската комора на Македонија, а на покана од Саемот во Минхен, од земјава манифестацијата ја посети бизнис-делегација, составена од фирми од Македонија, што се занимаваат со различни дејности.

Стопанската делегација од Македонија беше примена од Франц Реисбек, претседател на Бордот на директори на Саемот, како и од д-р Зденка Дикант, координатор на саемски и конгресни манифестации што се одржуваат во рамките на овој саем. Пред членовите на македонската делегација Сигберт Хебер, проект-менаџер, изврши видео-презентација на можностите и капацитетот на Саемот воопшто, а посебно го претстави Саемот за мало стопанство. Компаниите од Република Македонија изразија подготвеност и наредната година, да се претстават со свои производи на овој Саем, со посредство на Стопанската комора на Македонија.

**06.06.2007**

**Стопанската комора на Македонија се презентираше на Меѓународната изложба на пронајдоци, нови технологии ииндустриски дизајн**

Во Белград од 28 мај до 1 јуни во Етнографскиот музеј во Белград, Република Србија, се одржа 27 по ред традиционална Меѓународна изложба на пронајдоци, нови технологии и индустриски дизајн “Пронаоѓаштво Белград 2007”.

Настапот на македонските иноватори го организираше и реализираше Сојузот на пронаоѓачите и авторите на техничките унапредувања на Македонија (СПАТУМ), со поддршка на Државниот завод за индустриска сопственост (ДЗИС), на Република Македонија и Стопанската комора на Македонија. Златен медал му беше доделен на пронајдокот: “Аеросолно гасење на пожар” дипл.инж. Борис Јанковски од компанијата "ВЕДА", сребрен медал на пронајдокот “Биодизел процесор” на пронајдувачите: Мирко Симоновски, дипл.инж. Боро Јанковски и Панче Китановски од компанијата "ВЕДА" од Скопје, а со бронзен медал се закити пронајдокот: “Образовни комплети за наставата по хемија” на пронајдувачот доц.д-р Методија Најдоски од Институтот по хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Благодарници за посебен придонес во пронаоѓаштвото добија Стопанската комора на Македонија, компанијата "Веда" и Институтот по хемија на ПМФ од Скопје, а златна плакета и златен медал за повеќегодишен придонес од оваа област беше доделена на Коља Асенов од СПАТУМ.

**28.11.2007**

**Тркалезна маса во организација на Стопанската комора на Македонија и Здружението на правниците - БИЗНИСОТ ГЛАСА ЗА ТРГОВСКИ СУДОВИ**

** Деловните луѓе очекуваат дека со формирањето на специјализираните судови за решавање на комерцијалните спорови ќе се зголеми ефикасноста и дека на крајот од секоја година нема да остануваат нерешени од 9.000 до10.000 предмети, како што е досега*




Во организација на Стопанската комора на Македонија и Здружението на правници беше организирана тркалезна маса на тема: "Формирање трговски судови". Целта беше да се запознаат претставниците од бизнис-секторот и од пошироката стручна јавност со активностите на Министерството за правда во врска со подготовката на измените и дополнувањата на Законот за судови, коишто се во насока на формирање специјализирани судови за решавање на комерцијалните спорови.

Идејата за формирањето на трговските судови, што ќе биде реализирана со Предлог-измените на Законот за судови, беше поддржана од сите претставници на бизнис-секторот, пред сѐ, поради фактот што со тоа ќе се овозможи постигнување поголем степен на специјализација, на самостојност и на ефикасност на судовите при решавањето на трговските спорови, а сето тоа ќе има позитивно влијание врз квалитетот на донесените одлуки, скратување на судските постапки, како и намалување на бројот на нерешени трговски спорови. Инаку, согласно постојните статистички податоци изнесени од Министерството за правда, во основните судови во Република Македонија во текот на една година има 20.000 стопански предмети во оптек, а на крајот на секоја година од 9 до 10.000 нерешени предмети.

# ЕДУКАЦИЈА

**07.03.2007**
**Соработка на Стопанската комора на Македонија и Економскиот факултет од Скопје - „ИНТЕРНЕТ-МАРКЕТИНГ КОМУНИКАЦИСКИ ПЛАН НА РЕАЛНА КОМПАНИЈА„**
Стопанската комора на Македонија во соработка со Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ја продолжуваат успешната соработка. Главна цел на Проектот беше изработка на Интернет-маркетинг комуникациски план, при што акцентот е на делот за промоција (комуникации), и на користењето на Интернетот како канал за дистрибуција и промоција.
Проектот се работеше бесплатно од страна на студенти од Економскиот факултет, како дел од нивната наставна програма и ќе биде под надзор на професор.

**12.03.2007**
**Отворена канцаларија на AISEC во Стопанската комора на Македонија - ПРОГРЕСОТ НА ЗЕМЈАТА Е НЕВОЗМОЖЕН БЕЗ МЛАДИТЕ**
Во просториите на Стопанската комора на Македонија е отворена (12.3.2007 година), канцаларија на Меѓународната студентска организација AISEC. Опремувањето на канцаларијата и нејзиното



функционирање е обезбедено со грант од Европската агенција за реконструкција.
При отворањето на канцаларијата беше одржана и панел-дискусија на тема "Новите трендови и зголеменото значење на улогата на младите и граѓанското општество во процесот на европеизацијата". На панел-дискусијата учествуваа претставници на Министерствата за надворешни работи и за образование, од Секретаријатот за евроинтеграциии и од Стопанската комора на Македонија. На присутните им се обрати и специјалниот претставник на ЕУ и шеф на делегацијата на ЕК во Скопје, амбасадорот Ерван Фуере.

**20.03.2007**
**Отварање на "Job Fair 2007" во Стопанската комора на Македонија - САЕМ НА СТРУЧЊАЦИ ЗА КОМПАНИИТЕ**
Во Стопанската комора на Македонија, беше отворен (20.3.2007 година), третиот Саем за вработување и кариера "Job Fair 2007". Саемот, што го организираше Бордот на европските студенти по технологија (БЕСТ), на 21 и на 22 март, се одвива во холот на Машинскиот факултет и Факултетот за електроника и информатички технологии. Поддржувачи на "Job Fair 2007" се Стопанската комора на Македонија и Бизнис стар-ап центарот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ од Скопје.
Отворањето на Саемот, беше одбележано со форум на тема „Како компаниите да влијаат врз креирањето на универзитетските програми“, на којшто учествуваа студенти, професори, претставници на компании и на државни институции. Фирмите имаа свои презентации на штандови поставени на Машинскиот факултет и на Факултетот за електроника и информатички технологии во Скопје.

**30.03.2007**
**Семинар - „Корпоративно управување и примена на практиките на доброто корпоративно управување - идни хоризонти на менаџментот„**
Предавач беше проф. д-р Љубомир Дракулевски, професор на Економскиот факултет во Скопје, по предметите стратегиски менаџмент, меѓународен менаџемент и организациско однесување.
Учесниците на семинарот имаа можност да се запознаат со корпоративното управување и како да се применат практиките на доброто корпоративно управување, а со цел да се добијат придобивки за акционерските друштва од примената на овие практики.

**17.04.2007**
**Од 9 до 12 мај во Љубљана, Република Словенија - ОБУКА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД ЕУ**
Следејќи го успешното искуство на Република Словенија, Стопанската комора на Македонија во заедничка соработка со Друштвото за словенечко-македонско пријателство од Словенија, Агенцијата за странски

инвестиции на Словенија и општина Градец од Австрија организираа дводневна обука во Љубљана, започнувајќи од 9 мај до 12 мај 2007 година, на тема: “Обука на македонските стопанственици за изработка на проекти, преку коишто ќе се обезбедат неповратни средства од фондовите на ЕУ “. Покрај едукативниот дел беа организирани директни средби со словенечки и австриски компании, каде што се презентираа практични искуства и насоки за изработка на проекти за аплицирање во фондовите на ЕУ.

**27.04.2007**

**Алтернативно решавање на споровите - ФИНАНСИСКИ АСПЕКТИ НА МЕДИЈАЦИЈАТА**

Во организација на Меѓународната финансиска корпорација, и на дел од Групацијата на Светска банка, се одржа еднодневна (26.4.2007 година), презентација на тема “Финансиските аспекти на медијацијата”. Претставници на компаниите беа запознаени со потенцијалните проблеми што произлегуваат од управување со побарувањата и споровите што произлегуваат од тоа. Фокусот на презентацијата беше ставен на можноста за разрешување на споровите по судски пат или преку медијација, и компаративна анализа на двата метода, како и финаниски предности што ги нуди решавањето на споровите на овој начин поради значителното намалување на трошоците и времето во однос на судската разврска.
На македонските стопанственици, кои присуствуваа на презентацијата, им се претставени можностите за алтернативно решавање на споровите во Македонија, во светлина на постоечката законска регулатива и им беше овозможено да се сретнат со дел од македонските медијатори кои би се вклучиле во решавањето на нивните спорови.

**15.05.2007**

**Студенти на Економскиот факултет од Скопје во Стопанската комора на Македонија - ИДНИТЕ БИЗНИСМЕНИ ВО „ДЕЛОВНИОТ АМФИТЕАТАР„**

Студентите од Економскиот факултет на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје го преполнија "деловниот амфитеатар" во Стопанската комора на Македонија (15.5.2007 година). Во рамките на соработката на двете институции, студентите по економија го проследија претставувањето на работењето и активноста на најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјата.



Идните бизнисмени на средбата со извршните директори во Комората, покрај другото, изразија желба во летните месеци да обавуваат пракса во Стопанската комора на Македонија и во компаниите-членки на деловната асоцијација.

**21.06.2007**

**Семинар на тема „Темелни знаења за ефикасно управување“ - НОВИ ПРИНЦИПИ НА ВОДСТВО НА КОМПАНИИТЕ**

Стопанската комора на Македонија беше домаќин на дводневен семинар на тема: "Темелни знаења за ефикасно управување со компании". На 19 и на 20 јуни 2007 година, дваесетина македонски компании имаа можност да ги слушаат предавачите - врвни стручњаци за оваа област од Едукативно-советодавниот центар "Оптимум" од Риека, Република Хрватска, Ален Марот и Барбара Ристиќ.
Цел на едукацијата беше да се препознае кои пракси во организацијата спречуваат остварување квалитет во работењето; да се стекне увид во штетата што ја прават некои од вообичаените начини на управување; запознавање други начини; креирање заеднички платформи за размислување и донесување одлука за унапредување на работата на компанијата; анализа на напорот на клучните луѓе во иста насока.

**03.09.2007**

**Работилница со тема: ОСНОВИ НА ФИНАНСИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ ЗА НЕФИНАНСИСКИ МЕНАЏЕРИ**

Во голем број компании постои мало неспокојство кај менаџерите кои не се финансиери во нивната комуникација со финансиските менаџери. А таа комуникација е многу честа и што е уште поважно е неопходна. Финансиските менаџери имаат професионално познавање на основните елементи од финансиското работење, но не се секогаш расположени, а и не знаат дека тоа е потребно, да им ги објаснат основните категории на нивните колеги кои не се од областа на финансиите, ниту пак зошто го бараат нивното учество во определени процеси.
Токму тоа е целта на овој семинар: да се објаснат основните категории во финансиите и да се објаснат основните процеси од финансиска природа, а во кои се бара учество од целиот менаџмент во друштвата.

Подоброто разбирање на процесите треба да придонесе за подобрување на управувачкиот процес во друштвата во целина.

**27.09.2007**

**Соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ - УСПЕШНА ЛЕТНА ПРАКТИЧНА СЕСИЈА НА СТУДЕНТИТЕ ВО КОМОРАТА**

Согласно Меморандумот за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Економскиот факултет при Универзитетот "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" Скопје, во текот на јуни, јули, август и месец септември, повеќе студенти од овој факултет посетуваа практична работа во Комората.



Студентите работеа во повеќе служби во Стопанската комора на Македонија: во "Вашата бизнис-канцеларија", за да се запознаат со документите што се издаваат за потребите на бизнисот; во "Центарот за унапредување на квалитет во производството и услугите", за да се запознаат со практичното воведување на меѓународните стандарди ИСО 9.000 и HACCP; во "ГС 1-Македонија", за да се запознаат со издавањето на БАР-кодовите; во "Дирекција за промовирање и информирање на членките", за да се запознаат со практичното воспоставување контакти со странските субјекти; при што, студентите беа и активно вклучени во организацијата на неколку бизнис-форуми и презентации.

**31.10.2007**

Стопанската комора на Македонија во соработка со Економски факултет-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", ја продолжуваат минатогодишната успешна соработка за Проектот: „Изработка на Е-бизнис план на реална компанија".

Главна цел на Проектот е изработка на Е-бизнис план, којшто ќе содржи насоки за една компанија за започнување или усовршување на електронското работење, односно подготовка за прераснување во дигитална компанија.

Проектот ги опфаќа наредните елементи:

* Маркетингшка анализа;
* Анализа на конкуренцијата;
* On-line комуникација и WEB присуство (како главно тежиште на Е-бизнис планот, односно доколку компанијата веќе има имплементирано дел од Интернет работењето да се предложат предлози за понатамошно усовршување или потребни активности и средства за прераснување во Интернет компанија;
* Финансиска анализа (трошоци за пристапување кон Е-работење).

Проектот се работи БЕСПЛАТНО од страна на студенти од Економскиот факултет, насока е-бизнис, како дел од нивната наставна програма и ќе биде под надзор на професор.

**06.11.2007**

Стопанската комора на Македонија, имајќи ја во превид сложеноста во процесот на донесување одлука за купување кај потрошувачите, и нивното влијаните врз техниките на продажба, организира семинар на тема: "Продажба и задоволство кај купувачите".

Предавањето го изврши д-р Анита Циунова-Шулеска, професор на Економски факултет-Скопје по предметите: маркетинг менаџмент и маркетинг комуникации.

Во текот на семинарот се обработија наредните теми:

1. Продажбата и маркетинг-концепцијата;
2. Карактеристики на модерната продажба;
3. Однесување на купувачите и донесување одлука за купување;
4. Директна продажба, директен маркетинг, улогата на личната продажба во промотивниот микс;
5. Мерење на задоволството кај купувачите и пресметка на т.н. CUSTOMER LIFETIME VALUE.




**05.10.2007**

**Добро корпоративно управување - НЛБ „ТУТУНСКА БАНКА" ШАМПИОН**

НЛБ „Тутунска банка", освои најмногу бодови во рангирањето на компаниите со добро корпоративно управување што го направија невладината организација "Транспарентност нулта корупција", Стопанската комора на Македонија и Комората на северозападна

Македонија. Банката ги освоила сите 100 можни бодови, добиени како резултат на задоволување на повеќе стандарди за добро корпоративно управување. Покрај НЛБ „Тутунска банка“, меѓу поголем број компании коишто аплицираа за ова признание, сертификати за добро корпоративно управување добија и „Прокредит банката“, ИТ фирмите „Инет“ и „Дуна компјутери“, како и компанијата „Еуролинк осигурување“, кои освоиле по 80 бодови.
“Транспарентност нулта корупција“, Стопанската комора на Македонија и Комората на Северозападна Македонија ги рангираа македонските компании врз на основа на пет вида критериуми. Првите се однесуваат на менаџментот и неговите активности, вториот дел критериуми се однесуваат на вработените во фирмите, третиот дел критериуми се однесуваат на комуникацијата со клиентите и потрошувачите и шестиот дел критериуми се за влијанието на фирмата врз општествената заедница.

**15.10.2007**

**НСЖМ - СОЖМ го одбележа Светскиот ден на руралната жена - 15 Октомври - НЕОПХОДНО Е ПРОМЕНА НА СОСТОЈБАТА НА ЖЕНИТЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ**

Во организација на Националниот совет на жените на Македонија - СОЖМ, во Стопанската комора на Македонија се одржа манифестацијата под мотото „Право на храна: Руралните жени произведуваат и снабдуваат“. На манифестацијата што беше организирана по повод Светскиот ден на руралната жена - 15 Октомври, беше оценето дека државата преку преземање сеопфатни мерки, треба да поттикне промени што ќе ја подобрат состојбата на жената во руралите средини, од проста причина што сегашната состојбата на жените од руралните средини во земјава е на незавидно ниво.



На манифестацијата се обрати и м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија.
- Македонија е земја којашто има компаративна предност за производство на добра храна и стекнување на епитетот еко-подрачје. Потребно е да се направат програми и да се преземат активности со коишто ќе им се помогне на жените, посебно од руралните средини за да ги развијат своите уникатни производи и да излезат со истите на пазарот, но исто така и да ги подобрат своите бизнис и технички вештини за отворање и водење сопствен бизнис.

**19.10.2007**

**Врачено најголемото признание на годинашнава „Макинова 2007„ - ИВАН ПОПОВИЌ И ВАНГЕЛ ДИМАНОВСКИ ДОБИТНИЦИ НА „ГРАНД ПРИ„**

М-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија, на Меѓународна изложба на пронајдоци, технички унапредувања, нови производи и творештво на млади "МАКИНОВА 2007", што се одржа во рамките на самската манифестација "Технома 2007", ја додели (26.10. 2007 година), највисоката награда "Гранд При" на Стопанската комора на Македонија. Добитници на ова највисоко признание, што традиционално по 27 пат го доделува најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјава, беа Иван Поповиќ и Вангел Димановски и двајцата од AC DC Ltd од Скопје, за пронајдокот "Повер Мосвет засилувач 1 киловат, 1 ом"



**12.11.2007**

Амбасадорот Џорџо Радикати, шеф на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, М-р Јелисавета Георгиева, генерален секратар на Стопанската комора на Македонија и Андреј Петров, претседател на ЗЕЛС, потпишаа Декларација за владеењето на правото (12.11.2007 година). Потпишувањето на оваа Декларација го означи и почетокот на "Неделата на владеењето на правото", како дел од Проектот на ОБСЕ за јакнење на јавната свест за "Владеењето на правото". Целите што треба да се постигнат со потпишувањето на Декларацијата се преземање конкретна акција против непочитување и кршење на правото, интензивно промовирање на пораката којашто произлегува од Владеењето на правото, промовирање на демократичност и зајакнување на принципите на правото.
- Во секојдневниот контакт со фирмите, давајќи им стручна и логистичка поддршка, стручните служби на Стопанската комора на Македонија, се во позиција да ја набљудуваат примената на правото во економската сфера, но и во другите сфери, коишто директно, или индиректно ги засегаат деловните

активности, да укажуваат на аномалиите и да предлагаат конкретни мерки за унапредување на регулаторното владеење - додаде м-р Јелисавета Георгиева. - Со потпишувањето на Декларацијата за владеење на правото, односно, пристапувањето кон истоимениот Проект, Стопанската комора на Македонија, се здоби со нова алатка во своите секојдневни активности и обврски кон членството, но, се разбира и кон општеството.

**12.11.2007**
Стопанската комора на Македонија во соработка со "ТТК банка" АД, Скопје, организира бизнис средба - тркалезна маса на тема: “Кредитни линии скроени по мерка - што им е потребно на малите и средни претпријатија”. Бизнис-средбата се одржа во хотелот „Оаза“ во Штип, на 15 ноември 2007 година.
Целите на оваа бизнис-средба се:

- Да им помогнеме на МСП да ги максимизираат своите шанси за успех;
- Да се запознаеме со инвестициските кредитни линии на ЕБОР, да ги објасниме достапните финансиски рамки и да ги претставиме критериумите, и процесите на евалуацијата;
- Да ги охрабриме МСП да дискутираат за своите цели, потреби, препреки и перспективи за планираните бизниси;
- Да ја претставиме врската на Стопанската комора на Македонија со конкурентноста во Европската унија и иновативните програми.

**30.11.2007**
Во организација на Македонскиот тренинг центар “Triple S Learning” (28.11.2007 год.), во хотелот "Александар палас", се одржа конференцијата на тема "Стратегија за максимизирање на профитот во 21 век" на којашто гостуваше Брајан Трејси, еден од најпознатите светски гуруа и автори од областите на продажните стратегии, максимизирање на продажбата и на профитот, супериорен менаџмент и максимум остварување.
Тој е најдобро продаваниот автор во овие области во САД, со повеќе од 40 напишани книги преведени на 60-тина светски јазици, консултант на преку 1.000 компании и спикер кој има одржано говори пред повеќе од четири милиони слушатели.
Брајан Трејси, на првото гостување во Македонија, пренесе дел од своето знаење на повеќе од 400 македонски бизнис лидери, давајќи увид во тајните на успешните концепти на продажбата и менаџментот. Во три панел-сесии беа опфатени темите: надмоќност во менаџментот, супериорна стратегија на продјжба и максимални достигнување. На импресивен начин, со многу вештина и преку прозитивни примери Трејси на менаџерите им даде совет како да бидат во првите 10 отсто топ-менаџери во светот.

